МКФ

# Меѓународна класификација на функционирање, попреченост и здравје

unicef

World Health Organization

Издадено од Светската здравствена организација во 2001 година

под насловот *International Classification of Functioning, Disability and Health (ICF)*
© Светска здравствена организација 2001

Светската здравствена организација ги одобри преводот и правата за издавање на македонското издание на Канцеларијата на УНИЦЕФ Скопје, која е единствено одговорна за квалитетот и веродостојноста на македонската верзија. Во случај на било каква неконзистентност помеѓу англиската и македонската верзија, оригиналната англиска верзија ќе се смета за обврзителна и автентична верзија.

Меѓународна класификација на функционирање, попреченост и здравје (МКФ)
© Светска здравствена организација 2017

Превод и лингвистичка анализа:
Ана Арсенкова, Весна Андоновска
Уредување:
Роберт Величковски, Александар Лазовски, Марија Ралева, Огнен Зографски

ISBN: 978-608-4787-23-5

Сите барања за дозвола за превод или репродукција на здравствени и информативни производи на СЗО, без разлика дали истите се за продажба или за некомерцијална употреба, треба да се достават до службата за печат на СЗО на permissions@who.int

Публикацијата е изработена со финансиска поддршка на Канцеларијата на УНИЦЕФ, Скопје. Ставовите изнесени во оваа публикација се на авторите и не мора да се совпаѓаат со ставовите и политиките на УНИЦЕФ.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

616/618(083.73)

МЕЃУНАРОДНА класификација на функционирање, попреченост и здравје / [превод Ана Арсенкова, Весна Андоновска]. - Скопје : УНИЦЕФ, 2017. - 270 стр. : граф. прикази ; 21 см

Превод на делото: International Classification of Functioning, Disability and Health (ICF)

ISBN 978-608-4787-23-5

а) Болести - Меѓународна класификација
COBISS.MK-ID 103783434

# Содржина


**Вовед** **1**

1. Основни информации 3
2. Цели на МКФ 5
3. Карактеристики на МКФ 7
4. Преглед на компонентите на МКФ 10
5. Модел на функционирање и попреченост 18
6. Употреба на МКФ 21

**Првостепена класификација** **27**

**Второстепена класификација** **31**

**Детална класификација со дефиниции** **47**

Телесни функции 49

Телесни структури 99

Активност и учество 117

Фактори на средината 161

**Анекси** **195**

1 Таксономски и терминолошки прашања 197

2 Упатства за кодирање во МКФ 205

3 Можни примени на листата за активност и учество 220

4 Примери 224

5 МКФ и лицата со попреченост 227

6 Упатства за етичко користење на МКФ 229

7 Краток преглед на процесот на ревизија 231

8 Идни насоки за МКФ 235

**Индекс** **237**

# МКФ

## Вовед

# 1. Основни информации

Ова издание ја содржи *Меѓународната класификација на функционирање, попреченост и здравје*, позната како МКФ.[1] Општата цел на класификацијата МКФ е да се обезбеди унифициран и стандардизиран јазик, како и рамка за опис на здравјето и состојбите поврзани со здравјето. Во неа се дефинирани компонентите на здравјето и одредени здравствено поврзани компоненти на благосостојбата (како што се образованието и трудот). Затоа, домените содржани во МКФ може да се набљудуваат како *здравствени и домени поврзани со здравјето.* Овие домени се опишани од аспект на телото, односно на поединецот и општеството, во две основни листи: (1) Телесни функции и структури; и (2) Активност и учество.[2] Како класификација, МКФ систематски ги групира различните домени[3] на лицето со дадена здравствена состојба (на пример, што лицето со некаква болест или нарушување прави или може да прави). *Функционирање* е сеопфатен термин што ги опфаќа сите телесни функции, активности и учество; слично на тоа, *попреченост* служи како сеопфатен термин за оштетувања/нарушувања, лимитираност на активноста или ограничувања на учеството. Исто така, во МКФ се наведуваат факторите во средината кои содејствуваат со сите овие конструкти. На овој начин, на корисникот му се овозможува да ги набележи корисните профили на поединецот, на функционирање, попреченост и здравје во разни домени.

МКФ му припаѓа на „семејството“ меѓународни класификации развиени од Светската здравствена организација (СЗО) заради примена во различни аспекти на здравјето. Семејството на меѓународни класификации на СЗО обезбедува рамка за кодирање на широка низа информации за здравјето (на пример, дијагноза, функционирање и попреченост, причини за контакт со здравствените служби), и тука се користи стандардизиран заеднички јазик кој овозможува комуникација за здравјето и здравствената заштита низ целиот свет, во различни дисциплини и науки.

Во меѓународните класификации на СЗО, здравствените состојби (болести, нарушувања, повреди, и сл.) се класифицирани првенствено во МКБ-10 (кратенка за Меѓународната класификација на болести, десетта ревизија),[4] која обезбедува етиолошка рамка. Функционирањето и попреченоста поврзани со здравствената состојба се

---

1 Текстот претставува ревизија на Меѓународната класификација на оштетувања, инвалидност и хендикеп (ICIDH), која Светската здравствена организација за првпат ја објави во 1980 година за истражувачки цели. Изработена по систематските теренски истражувања и меѓународни консултации во претходните пет години, на Педесет и четвртото собрание на Светската здравствена организација, таа беше одобрена за меѓународна употреба на 22 мај 2001 година (резолуција WHA54.21).

2 Овие термини, кои ги заменуваат претходно користените термини „оштетување“, „инвалидност“ и „хендикеп“, го прошируваат опфатот на класификацијата за да се овозможи опишување на позитивни искуства. Новите термини дополнително се дефинираат во овој Вовед и детално се опишани во класификацијата. Треба да се напомене дека овие термини се користат со специфични значења кои може да се разликуваат од нивната секојдневна употреба.

3 Домен е низа од практично и целисходно поврзани физиолошки функции, анатомски структури, активности, задачи, или животни области.

4 Меѓународната статистичка класификација на болести и сродни здравствени проблеми, десетта ревизија, томови 1-3. Женева, Светска здравствена организација, 1992-1994.

класифицирани во МКФ. Така, МКБ-10 и МКФ се комплементарни,[5] па корисниците се поттикнуваат заедно да ги користат овие два члена од семејството на меѓународни класификации на СЗО. МКБ-10 обезбедува „дијагноза“ на болестите, нарушувањата или другите здравствени состојби, а овие информации се збогатени со дополнителните информации дадени во МКФ за функционирањето.[6] Заедно, информациите за дијагнозата плус информациите за функционирањето обезбедуваат поширока и поцелисходна слика за здравјето на луѓето или популациите, што потоа може да се искористи за носење одлуки.

Семејството на меѓународни класификации на СЗО претставува важна алатка за опишување и споредување на здравјето на населението во меѓународен контекст. Информациите за смртноста (кои се обезбедуваат со МКБ-10) и за здравјето (кои се обезбедуваат со МКФ) може да се искомбинираат во збирни мерки за здравјето на населението, со цел да се следи здравјето и неговата дистрибуција, како и да се оцени учеството на разни причини во морталитетот и морбидитетот.

Од класификација на „последици од болести“ (верзија од 1980 г.) , МКФ се пренасочи и се трансформира во класификација на „компоненти на здравје“. Со „компонентите на здравје“ се утврдуваат составните делови на здравјето, додека „последиците“ имаат фокус врз ефектите од болеста или другите здравствени состојби што може да произлезат како резултат. Така, МКФ зазема неутрален став во однос на етиологијата, па научниците може да извлечат причинско-последични заклучоци со помош на соодветни научни методи. Слично на тоа, овој пристап се разликува и од пристапот со „детерминанти на здравјето“ или со „фактори на ризик“. За да се олесни проучувањето на детерминантите или факторите на ризик, МКФ вклучува листа на фактори на средината, со кои се опишува контекстот во кој живеат поединците.

5 Исто така, важно е да се препознае преклопувањето меѓу МКБ-10 и МКФ. И двете класификации започнуваат со телесните системи. Оштетувањата се однесуваат на телесните структури и функции, кои обично се дел од „процесот на болеста“, па затоа се користат и во МКБ-10. Меѓутоа, МКБ-10 ги користи оштетувањата (како што се знаци и симптоми) како дел од констелацијата што ја сочинува „болеста“, или понекогаш како причини за контакт со здравствените служби, додека системот на МКФ ги користи оштетувањата како проблеми на телесните функции и структури поврзани со здравствената состојба.

6 Две лица со иста болест може да имаат различни нивоа на функционирање, а две лица со исто ниво на функционирање не мора да имаат иста здравствена состојба. Оттука, заедничкото користење го подобрува квалитетот на податоците за медицински цели. Употребата на МКФ не треба да ги заобиколи редовните дијагностички постапки. За други намени, МКФ може да се користи сама.

# 2. Цели на МКФ

МКФ е повеќенаменска класификација изработена да им служи на разни дисциплини и различни сектори. Нејзините специфични цели може да се резимираат на следниов начин:

- Обезбедување научна основа за разбирање и проучување на здравјето и здравствените состојби, исходи и детерминанти;
- Воспоставување заеднички јазик за опишување на здравјето и состојбите поврзани со здравјето, со цел да се подобри комуникацијата меѓу различните корисници, како што се здравствените работници, истражувачите, креаторите на политики и јавноста, вклучувајќи ги и лицата со попреченост;
- Овозможување споредба на податоците меѓу земјите, здравствените дисциплини, службите и низ времето;
- Обезбедување систематска кодификација за здравствените информативни системи.

Овие цели се меѓусебно поврзани, бидејќи потребата и употребите на МКФ налагаат изградба на целисходен и практичен систем кој може да го користат разни корисници во поглед на здравствени политики, обезбедување квалитет и оценување на исходот во различни култури.

## 2.1 Примени на МКФ

Од објавувањето како пробна верзија во 1980 година, ICIDH е користена за различни намени, како на пример:

- како статистичка алатка - при собирање и евидентирање податоци (на пример, во студии и истражувања за населението или во системи за управување со податоци);
- како истражувачка алатка - за мерење на резултатите, квалитетот на живот или факторите во средината;
- како клиничка алатка - при анализа на потребите, усогласување на третманот со конкретните состојби, при стручна процена, рехабилитација и оценување на исходот;
- како алатка за социјална политика - при планирање на социјалното осигурување и на системите за надомест, како и при изработка и имплементација на политиките;
- како едукативна алатка - при изработка на наставни програми, и за подигање на свеста и преземање општествена акција.

Бидејќи МКФ е инхерентно здравствена и здравствено поврзана класификација, неа ја користат и секторите како што се осигурување, социјално осигурување, секторот на труд , образование, економија, социјална политика, а се користи и за изработка на општото законодавство, како и за промена на средината. Таа е прифатена како една од социјалните класификации на Обединетите нации и е наведена и ги втемелува *Стан-*

*дардните правила за изедначување на можностите за лицата со попреченост*.[7] На тој начин, МКФ претставува соодветен инструмент за спроведување на меѓународните обврски преземени во врска со човековите права, како и на националното законодавство.

МКФ е корисна за широк спектар на различни примени, како на пример за социјално осигурување, евалуација при насочувана здравствена заштита, и анкети на населението на локално, национално и меѓународно ниво. Таа нуди концепциска рамка за информации кои може да се применат за лична здравствена заштита, вклучувајќи превенција, унапредување на здравјето и подобрување на учеството преку отстранување или ублажување на општествените пречки и преку поттик да се обезбеди социјална помош и олеснувачки фактори. Исто така, таа е корисна за проучување на системите за здравствена заштита, во смисла на нивна евалуација и формулирање политики.

7 *Стандардни правила за изедначување на можностите за лицата со попреченост*. Усвоени од Генералното собрание на Обединетите нации на 48-та седница, на 20 декември 1993 година (резолуцијата 48/96). Њујорк, држава Њујорк, Оддел за информации од јавен карактер на Обединетите нации, 1994.

# 3. Карактеристики на МКФ

Класификацијата треба да биде јасна околу тоа што го класифицира: треба да се знае нејзиниот свет и опфат, нејзините единици на класификација и организација, и како овие елементи се структурирани во поглед на својот меѓусебен однос. Во следните делови се објаснуваат овие основни својства на МКФ.

## 3.1 Светот на МКФ

МКФ ги опфаќа сите аспекти на човековото здравје и одредени здравствено релевантни компоненти на благосостојбата, и ги опишува во однос на *домените на здравјето и домените поврзани со здравјето*.[8] Класификацијата останува во поширокиот контекст на здравјето и не ги покрива околностите што не се поврзани со него, како што се оние предизвикани од социо-економските фактори. На пример, поради својата раса, род, религија или други социо-економски карактеристики, луѓето може да бидат ограничени при извршување на задачите во актуелната средина, но тоа не се здравствено поврзани ограничувања на учеството како што се класифицирани во МКФ.

Постои раширено недоразбирање дека МКФ се однесува само на лицата со попреченост; всушност, таа се однесува на *сите луѓе*. Здравјето и здравствено поврзаните состојби во врска со сите здравствени услови може да се опишат со помош на МКФ. Со други зборови, МКФ има универзална примена.[9]

## 3.2 Опфат на МКФ

МКФ дава опис на ситуации во поглед на човековото функционирање и неговите ограничувања, и служи како рамка за организирање на ваквите информации. Во неа, информациите се структурирани целисходно, тие се меѓусебно поврзани и лесно достапни.

МКФ ги организира информациите во два дела. Дел 1 се занимава со функционирањето и попреченоста, додека Дел 2 ги опфаќа контекстуалните фактори. Секој дел има по две компоненти:

**1. Компоненти на функционирање и попреченост**

Компонентата за телото се состои од две класификации, една за функциите на телесните системи и една за телесните структури. Поглавјата во двете класификации се организирани според телесните системи.

8 Примери за домени на здравјето се: гледање, слушање, одење, учење и помнење, а примери на домени поврзани со здравјето вклучуваат: транспорт, образование и социјална интеракција.

9 Бикенбах ЈЕ, Чатерџи С, Бедли ЕМ, Устун ТБ. Модели на онеспособеност, универзалност и ICIDH, Општествени науки и медицина *(Social Science and Medicine)*, 1999, 48:1173-1187.

Компонентата за активност и учеството ја опфаќа целосната низа на домени со кои се означуваат аспектите на функционирање, како од  индивидуална, така и од општествена перспектива.

**2. Компоненти на контекстуални фактори**

Листата на фактори на средината е првата компонента на контекстуалните фактори. Факторите во средината имаат влијание врз сите компоненти на функционирање и попреченост и организирани се по ред, почнувајќи од најнепосредната околина на поединецот, па сè до општата средина.

Индивидуалните фактори, исто така, се составен дел од контекстуалните фактори, но тие не се класифицирани во МКФ поради својата голема општествено-културна варијанса.

Компонентите на функционирање и попреченост во Дел 1 од МКФ може да се изразат на два начина. Од една страна, тие може да се употребат за да се укаже на проблеми (на пример, оштетување, лимитираност на активноста или ограничување на учеството, сумирани под општиот термин *попреченост*); од друга страна, тие може да укажат на непроблематични (т.е. неутрални) аспекти на здравјето и состојбите поврзани со здравјето сумирани под општиот термин *функционирање*).

Овие компоненти на функционирање и попреченост се толкуваат со помош на четири одделни, но поврзани *конструкти.* Овие конструкти се операционализираат со помош на *квалификатори*. Телесните функции и структури може да се толкуваат со помош на промените во физиолошките системи или во анатомските структури. За компонентата „Активност и учество“, достапни се два конструкта: *капацитет* и *изведба* (видете го делот 4.2).

Функционирањето и попреченоста на лицето се замислени како динамична интеракција[10] меѓу здравствените состојби (болести, нарушувања, повреди, трауми, и сл.) и контекстуалните фактори. Како што е наведено погоре, контекстуалните фактори вклучуваат индивидуални и фактори на средината. МКФ содржи сеопфатна листа на фактори во средината како суштинска компонента на класификацијата. Факторите на средината содејствуваат со сите компоненти на функционирањето и попреченоста. Основниот конструкт во компонентата „Фактори на средината“ е олеснувачкиот или попречувачкиот ефект на карактеристиките на физичкиот свет, општеството и општествените ставови.

## 3.3 Единици на класификација

МКФ ги класифицира здравјето и состојбите поврзани со здравјето. Според тоа, единици за класификација се категориите во домените на здравјето и домените поврзани со здравјето. Затоа, важно е да се напомене дека во МКФ, лицата не се единици на класификација; т.е. МКФ не ги класифицира луѓето, туку ја опишува ситуацијата на секој поединец во низа домени на здравјето или домени поврзани со здравјето. Покрај тоа, описот секогаш се дава во контекст на срединските и индивидуалните фактори.

10 Оваа интеракција може да се набљудува како процес или како резултат, во зависност од корисникот.

## 3.4 Претставување на МКФ

МКФ е претставена во две верзии, со цел да се задоволат потребите на различните корисници за различен степен на деталност.

*Целосната верзија* на МКФ, содржана во ова издание, дава класификација на четири нивоа на деталност. Овие четири нивоа може да се здружат во систем на повисоко ниво на класификација кој ги вклучува сите домени на второто ниво. Двостепениот систем, исто така, е достапен како *кратка верзија* на МКФ.

# 4. Преглед на компонентите на МКФ

ДЕФИНИЦИИ[11]

Во контекст на здравјето:

**Телесни функции** се физиолошките функции на телесните системи (вклучувајќи ги и психичките функции).

**Телесни структури** се анатомските делови од телото, како што се органите, екстремитетите и нивните составни делови.

**Оштетувања/нарушувања** се проблеми во функцијата или структурата на организмот, како што е значително отстапување или загуба.

**Активност** е извршување задача или постапка од страна на поединец.

**Учество** е вклученост во некаква животна ситуација.

**Лимитираност во активноста** се тешкотиите што поединецот може да ги има при извршување активности.

**Ограничувања во учеството** се проблемите што поединецот може да ги доживее при вклучување во животни ситуации.

**Фактори на средината** се физичката и општествената средина, како и ставовите според кои луѓето живеат и го водат својот живот.

Преглед на овие концепти е даден во Табела 1; тие се подетално објаснети во оперативна смисла во делот 5.1. Како што е посочено во табелата:

- МКФ има *два дела* со по две *компоненти*:

  Дел 1. Функционирање и попреченост

  (a) Телесни функции и структури

  (b) Активност и учество

  Дел 2. Контекстуални фактори

  (c) Фактори на средината

  (d) Индивидуални фактори

- Секоја компонента може да се изрази во *позитивна* и *негативна* смисла.
- Секоја компонента се состои од различни домени, а во секој домен има категории, коишто се единиците на класификација. Здравјето и состојбите поврзани со здравјето на поединецот може да се набележат со избирање на кодот или кодовите на соодветната категорија и потоа, со додавање на *квалификатори*, коишто се нумерички кодови со кои се определува степенот или обемот на функционирање или

11 Види и Анекс 1, Таксономски и терминолошки прашања.

попреченост во таа категорија, или степенот до кој факторот во средината претставува олеснувачки фактор или бариера.

## Табела 1. Преглед на МКФ

<table>
<tr><th></th><th colspan="2">Дел 1: Функционирање и попреченост</th><th colspan="2">Дел 2: Контекстуални фактори</th></tr>
<tr><td>Компоненти</td><td>Телесни функции и структури</td><td>Активност и учество</td><td>Фактори на средината</td><td>Индивидуални фактори</td></tr>
<tr><td>Домени</td><td>Телесни функции<br>Телесни структури</td><td>Животни области (задачи, активности)</td><td>Надворешни влијанија врз функционирањето и попреченоста</td><td>Внатрешни влијанија врз функционирањето и попреченоста</td></tr>
<tr><td>Конструкти</td><td>Промени во телесните функции (физиолошки)<br><br>Промени во телесните структури (анатомски)</td><td>Капацитет<br>Извршување задачи во стандардна средина<br><br>Изведба<br>Извршување задачи во актуелната средина</td><td>Олеснувачки или попречувачки влијанија на карактеристиките на физичкиот и општествениот свет, и на ставовите во него</td><td>Влијание на атрибутите на лицето</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Позитивен аспект</td><td>Функционално-структурен интегритет</td><td>Активност<br>Учество</td><td rowspan="2">Олеснувачки фактори</td><td rowspan="2">Нема податоци</td></tr>
<tr><td colspan="2">Функционирање</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Негативен аспект</td><td>Оштетување/ нарушување</td><td>Лимитираност на активноста<br>Ограничување на учеството</td><td rowspan="2">Бариери / пречки</td><td rowspan="2">Нема податоци</td></tr>
<tr><td colspan="2">Попреченост</td></tr>
</table>

## 4.1 Телесни функции и структури, и нарушувања

*Дефиниции:* *Телесни функции се физиолошките функции на системите во организмот (вклучувајќи ги и психичките функции).*

*Телесни структури се анатомските делови од телото, како што се органите, екстремитетите и нивните составни делови.*

*Оштетувања/нарушувања се проблеми во некоја телесна функција или структура како на пример, значително отстапување или загуба.*

(1) Телесните функции и телесните структури се класифицирани во два различни дела. Овие две класификации се наменети за паралелна употреба. На пример, телесните функции ги опфаќаат основните човекови сетила, како што се „функции на гледање“, а нивните структурни корелати се изразени како „око и сродни структури“.

(2) „Тело“ се однесува на човековиот организам во целина; па оттука, го вклучува мозокот и неговите функции, т.е. умот. Затоа, менталните (или психичките) функции се подведени под телесни функции.

(3) Телесните функции и структури се класифицирани според системите во организмот; па според тоа, телесните структури не се сметаат за органи.[12]

(4) Оштетувањата/нарушувањата на структурата може да вклучат аномалија, дефект, загуба или други значајни отстапувања во телесните структури. Оштетувањата/нарушувањата се конципирани во согласност со биолошките сознанија на ниво на ткива или клетки, и на супклеточно или молекуларно ниво. Меѓутоа, од практични причини, овие нивоа не се наведени.[13] Класификацијата се води според биолошките основи на оштетувањата, па можеби има простор да се прошири на клеточно или молекуларно ниво. За медицинските корисници, треба да се напомене дека оштетувањата/нарушувањата не се исти со основната патологија, туку се манифестации на таа патологија.

(5) Оштетувањата/нарушувањата претставуваат отстапувања од одредени општо прифатени стандарди за популацијата во поглед на биомедицинскиот статус на телото и неговите функции, а дефинирањето на нивните составни делови го вршат првенствено лица кои се квалификувани да го проценуваат физичкото и менталното функционирање во согласност со овие стандарди.

(6) Оштетувањата/нарушувањата може да бидат привремени или трајни; прогресивни, регресивни или статични; повремени или постојани. Отстапувањето од нормата за популацијата може да биде мало или сериозно, и може да се менува со текот на времето. Овие карактеристики се доловени во натамошните описи, главно во кодовите, со помош на квалификаторите што следуваат по точката.

---

12 Иако нивото на органи е споменато во верзијата на ICIDH од 1980 година, дефиницијата на „орган“ не е јасна. Окото и увото традиционално се сметаат за органи; но, тешко е да се утврдат и да се дефинираат нивните граници, а истото се однесува и на екстремитетите и внатрешните органи. Наместо пристап според „органи“, кој подразбира постоење на ентитет или единица во телото, МКФ го заменува овој термин со „телесна структура“.

13 Така, оштетувањата/нарушувањата кодирани со помош на целосната верзија на МКФ треба да се откријат или да се забележат од страна на другите, или од засегнатото лице, преку директно набљудување или преку заклучување од набљудувањето.

(7) Оштетувањата/нарушувањата не се условени од етиологијата или од тоа како се развиле; на пример, губењето на видот или на ногата може да произлезе од генетска абнормалност или од повреда. Присуството на оштетување/нарушување нужно подразбира некаква причина; меѓутоа, причината не мора да биде доволна за да се објасни појавеното оштетување/нарушување. Исто така, кога постои оштетување/нарушување, постои дисфункција кај телесните функции или структури, но ова може да биде поврзано со било која од разните болести, нарушувања или физиолошки состојби.

(8) Оштетувањата/нарушувањата може да бидат дел или израз на здравствената состојба, но не мора нужно да укажуваат на тоа дека е присутна болест или дека поединецот треба да се смета за болен.

(9) Оштетувањата/нарушувањата се пошироки и посеопфатни по опсег отколку нарушувањата или болестите; на пример, губењето нога е оштетување на телесната структура, но не и нарушување или болест.

(10) Оштетувањата/нарушувањата може да доведат до други оштетувања; на пример, недостатокот на мускулна сила може да ги оштети функциите на движење, срцевите функции може да се поврзат со губење на респираторните функции, а нарушената перцепција може да е поврзана со мисловните функции.

(11) Се чини дека некои категории од компонентата „Телесни функции и структури" и категориите на МКБ-10 се преклопуваат, особено во врска со симптомите и знаците. Сепак, целта на двете класификации е различна. МКБ-10 ги класифицира симптомите во посебни поглавја заради документирање на морбидитетот или користењето услуги, а МКФ ги прикажува како дел од функциите на телото, што може да се искористи за превенција или за идентификување на потребите на пациентите. Што е најважно, во МКФ класификацијата на телесните функции и структури е наменета да се користи заедно со категориите „Активност и учество".

(12) Оштетувањата/нарушувањата се класифицирани во соодветни категории со помош на дефинирани критериуми за идентификација (на пример, како присутни или отсутни во зависност од нивото на прагот). Овие критериуми се исти за телесните функции и структури. Тие се: (а) загуба или недостаток; (б) редукција; (в) додавање или вишок; и (г) девијација. Откако ќе се утврди присуство на оштетување/нарушување, тоа може да се измери во смисла на неговата сериозност со помош на генеричкиот квалификатор во МКФ.

(13) Факторите на средината содејствуваат со телесните функции, како при интеракцијата меѓу квалитетот на воздухот и дишењето, светлината и гледањето, звуците и слухот, деконцентрирачките дразби и вниманието, текстурата на тлото и рамнотежата, и температурата на околината и регулирањето на телесната температура.

## 4.2 Активност и учество/лимитираност на активноста и ограничувања во учеството

*Дефиниции:* *Активност е извршување задача или дејство од страна на поединец.*

*Учество е вклучување во животна ситуација.*

*Лимитираност на активноста се тешкотиите што поединецот може да ги има при вршење активности.*

*Ограничувања во учеството се проблемите што поединецот може да ги доживее при вклучување во животни ситуации.*

(1) Домените за компонентата „Активност и учество" се дадени во *една единствена листа*, која го опфаќа целиот спектар на животни области (почнувајќи од основно учење или набљудување, па сè до сложени области како што се меѓучовечки интеракции или вработување). Во оваа компонента, за означување може да се употреби или „активност" (а), или „учество" (р), или и двете. Домените на оваа компонента се квалификувани со два квалификатора на „изведба" и „капацитет". Оттука, информациите собрани од листата обезбедуваат матрица со податоци што нема преклопување или одвишност (види Табела 2).

Табела 2. Активност и учество: матрица со информации

| Домени | | Квалификатори | |
|---|---|---|---|
| | | Изведба | Капацитет |
| d1 | Учење и примена на знаењето | | |
| d2 | Општи задачи и барања | | |
| d3 | Комуникација | | |
| d4 | Мобилност | | |
| d5 | Грижа за себе | | |
| d6 | Живот во домот | | |
| d7 | Меѓучовечки интеракции и односи | | |
| d8 | Главни животни области | | |
| d9 | Заедница, социјален и граѓански живот | | |

(2) Со квалификаторот „*изведба*" се опишува што поединецот прави во актуелната средина. Бидејќи актуелната средина вклучува општествен контекст, изведбата може да се сфати и како „вклученост во животна ситуација" или „преживеано искуство" на луѓето, во конкретниот контекст во кој живеат[14]. Овој контекст ги опфаќа факторите на средината - сите аспекти на физичкиот и општествениот

14 Дефиницијата на „учество" го внесува концептот на вклученост. Некои предложени дефиниции на „вклученост" опфаќаaат учествување, вклучување или ангажирање во некоја област на животот, бидување прифатен, или имање пристап до потребните ресурси. Во матрицата со информации во Табела 2, единствениот можен показател за учество е кодирање преку изведбата. Ова не значи дека учеството автоматски се изедначува со изведбата. Концептот на вклученост, исто така, треба да се разграничи од субјективното доживување на вклученоста (чувството на „припадност"). Корисниците кои сакаат вклученоста да ја кодираат одделно треба да се послужат со упатствата за кодирање во Анекс 2.

свет, како и ставовите во неа, што може да се кодираат со помош на компонентата „Фактори на средината".

(3) Со квалификаторот „*капацитет*" се опишува способноста на поединецот да изврши некаква задача или постапка. Овој конструкт има за цел да го покаже највисокиот веројатен степен на функционирање што лицето може да го постигне во даден домен, во даден момент. За да се оцени целосната способност на поединецот, треба да има „стандардизирана" средина во која е неутрализирано влијанието на различните средини врз способноста на поединецот. Ваквата стандардизирана средина може да биде: (а) конкретната средина што вообичаено се користи за процена на капацитетот во експериментални услови; или (б) во случаи кога тоа не е можно, претпоставена средина за која се смета дека ќе има истоветен ефект како стандардизираната средина. Ваквата средина може да се нарече „униформна" или „стандардна" средина. Така, капацитетот ја одразува способноста на поединецот прилагодена за средината. Ова прилагодување мора да биде исто за сите лица во сите земји за да се овозможи меѓународно споредување. Карактеристиките на униформната или стандардната средина може да се кодираат со помош на класификацијата „Фактори на средината". Јазот меѓу капацитетот и изведбата ја одразува разликата меѓу влијанијата на актуелната и униформната средина, а со тоа се обезбедуваат корисни насоки за тоа што може да се направи со средината на поединецот за да се подобри изведбата.

(4) Квалификаторите за капацитет и изведба натаму може да се користат со или без помагала или лична помош. Иако ниту помагалата, ниту личната помош не го елиминираат оштетувањето, тие може да ги отстранат ограничувањата на функционирањето во одредени домени. Овој тип на кодирање е особено корисен за да се открие во колкава мера функционирањето на поединецот би било ограничено без помагалата (види упатства за кодирање во Анекс 2)

(5) Во овие домени може да се јават тешкотии или проблеми кога постои квалитативна или квантитативна промена во начинот на кој поединецот ги извршува функциите во тие домени. *Лимитираноста* или *ограничувањата* се оценуваат според општо прифатен стандард за популацијата. Стандардот или нормата во однос на кои се споредуваат капацитетот и изведбата на поединецот се стандардот и нормата на поединец без слична здравствена состојба (болест, нарушување или повреда, и сл.). Со лимитираноста или ограничувањето се евидентира расчекорот меѓу набљудуваната и очекуваната изведба. Очекуваната изведба е нормата на популацијата, што го претставува искуството на лицата без конкретната здравствена состојба. Истата норма се користи и во квалификаторот за капацитет, за да може да се заклучи што може да се направи со средината на поединецот за да се подобри изведбата.

(6) Проблемот со изведбата може да резултира директно од општествената средина, дури и кога поединецот нема оштетување. На пример, поединец кој е ХИВ-позитивен, без никакви симптоми или болест, или некој со генетска предиспозиција за одредена болест, може да не покажуваат оштетување или може да имаат доволен капацитет за работа, но не можат да го прават тоа поради одбивањето пристап до услуги, дискриминација или стигма.

(7) Тешко е да се направи разлика меѓу „Активност" и „Учество" врз основа на домените во компонентата „Активност и учество" . Слично на тоа, разграничувањето на „индивидуалната" и „општествената" перспектива врз основа на домените не е можно со оглед на меѓународните варијации и разлики во пристапот на професионалците и во теоретските рамки. Затоа, МКФ обезбедува една

единствена листа што може да се употреби, ако корисниците така сакаат, за разграничување на активноста и учеството на сопствен оперативен начин. Ова дополнително се објаснува во Анекс 3. Постојат четири можни начини за тоа:

(а) некои домени да се означат како активност, а други како учество, не дозволувајќи преклопување;

(б) исто како (а) погоре, но со делумно преклопување;

(в) сите детални домени да се означат како активност, а насловите на широките категории како учество;

(г) сите домени да се користат како активност и учество.

## 4.3 Контекстуални фактори

Контекстуалните фактори ја претставуваат целосната заднина на животот и живеењето на поединецот. Тие опфаќаат две компоненти: Фактори на средината и Индивидуални фактори - кои може да влијаат врз лицето со здравствена состојба и врз неговото општо здравје и состојби поврзани со здравјето.

*Факторите на средината* ја сочинуваат физичката и општествената средина во која живеат луѓето и го водат својот живот, како и ставовите во неа. Овие фактори се надворешни за поединците и може да имаат позитивно или негативно влијание врз успешноста на поединецот како член на општеството, врз неговиот капацитет да врши активности или задачи, или врз неговите телесни функции или структури.

(1) Факторите на средината во класификацијата се организирани со фокус врз две различни нивоа:

   (а) *Индивидуално* – во непосредното опкружување на поединецот, вклучувајќи ги и средините како дома, на работа и на училиште. Во ова ниво се вклучени и физичките и материјалните карактеристики на средината со која се соочува поединецецот, како и директниот контакт со другите, како на пример, семејството, познајниците, врсниците и непознатите лица.

   (b) *Општествено* – формалните и неформалните општествени структури, услуги и сеопфатни пристапи или системи во заедницата или во општеството кои имаат влијание врз поединците. Ова ниво вклучува организации и услуги поврзани со работната средина, активностите во заедницата, владините агенции, комуникациските и транспортните услуги, како и неформалните социјални мрежи и законите, прописите, формалните и неформалните правила, ставови и идеологии.

(2) Факторите на средината содејствуваат со компонентите „Телесни функции и структури“ и „Активност и учество“. За секоја компонента, природата и степенот на таквото содејство може да бидат разработени во идни научни трудови. Попреченоста се карактеризира како исход или резултат од комплексен однос меѓу здравствената состојба и индивидуалните фактори на поединецот, и надворешните фактори кои ги претставуваат околностите во кои тој живее. Поради ваквиот однос, различните средини може да имаат многу различно влијание врз едно исто лице со дадена здравствена состојба. Средина со бариери или без олеснувачки фактори ќе ја ограничи изведбата на поединецот; други средини кои имаат повеќе олеснувачки фактори може да ја зголемат таквата изведба. Општеството може да ја попречи изведбата на поединецот или затоа што создава бариери (на пример, непристапни објекти)

или затоа што не обезбедува олеснувачки фактори (на пример, недостапност на помагала).

*Индивидуалните фактори* се конкретните услови за живот и живеење на поединецот, и се состојат од неговите карактеристики кои не се дел од општата здравствена состојба или посебните здравствени состојби. Овие фактори може да вклучуваат пол, раса, возраст, други здравствени услови, физичка кондиција, начин на живот, навики, воспитание, стилови на справување со проблеми, социјално потекло, образование, професија, минато и сегашно искуство (изминати животни случувања и актуелни настани), општ образец на однесување и карактерен стил, индивидуални психолошки атрибути и други карактеристики, при што сите или некои од нив може да играат улога во попреченоста на било кое ниво. Индивидуалните фактори не се класифицирани во МКФ. Сепак, тие се вклучени на Сл. 1 за да се покаже нивниот придонес, кој може да има влијание врз исходот од разните интервенции.

# 5. Модел на функционирање и попреченост

## 5.1 Процес на функционирање и попреченост

Како класификација, МКФ не го моделира „процесот“ на функционирање и попреченост. Меѓутоа, таа може да се искористи за опишување на процесот така што ќе обезбеди средства за мапирање на различните конструкти и домени. Ова обезбедува повеќеперспективен приод кон класификацијата на функционирањето и попреченоста како интерактивен и еволутивен процес. Таа нуди градбени елементи за корисниците кои сакаат да креираат модели и да проучуваат различни аспекти на овој процес. Во оваа смисла, МКФ може да се набљудува како јазик: текстовите што може да се креираат со неа ќе зависат од корисниците, нивната креативност и нивната научна ориентација. Можеби дијаграмот претставен на Сл. 1 ќе помогне да се визуелизира сегашното разбирање на содејството меѓу различните компоненти.[15]

Сл. 1. Содејство меѓу компонентите на МКФ




Во овој дијаграм, функционирањето на поединецот во одреден домен е интеракција или комплексен однос меѓу здравствената состојба и контекстуалните фактори (на пр., срединските и индивидуалните фактори). Постои динамична интеракција меѓу овие целини: интервенциите во една целина имаат потенцијал да изменат една или повеќе други целини. Ваквите интеракции се специфични и не се наоѓаат секогаш во предвидлив однос „еден-на-еден“. Интеракцијата се одвива во две насоки; присуството на попреченост дури може и да ја измени самата здравствена состојба. Констатирањето лимитираност

15 МКФ значително се разликува од верзијата на ICIDH од 1980 г., во прикажувањето на меѓусебните односи меѓу функционирањето и попреченоста. Треба да се напомене дека секој дијаграм најверојатно ќе биде нецелосен и со склоност кон погрешно претставување поради комплексноста на интеракциите во повеќедимензионалниот модел. Моделот е составен за да се илустрираат многуте интеракции. Секако, можни се поинакви претставувања со други важни фокуси во процесот. Толкувањето на интеракциите меѓу различните компоненти и конструкти, исто така, може да варира (на пример, влијанието на срединските фактори врз телесните функции сигурно се разликува од нивното влијание врз учеството).

на капацитетот поради едно или повеќе оштетувања, или ограниченост на изведбата поради едно или повеќе ограничувања, често може да се чини разумно. Меѓутоа, важно е независно да се соберат податоци за овие конструкти, а потоа да се истражат поврзаноста и причинско-последичните врски меѓу нив. Ако треба да се опише целото доживување на здравјето, корисни се сите компоненти. На пример, лицето може:

- да има оштетувања без ограниченост на капацитетот (на пример, обезличувањето кај лепрата не мора да има влијание врз капацитетот на лицето);
- да има проблеми со изведбата и ограниченост на капацитетот без очигледни оштетувања (на пр., намалена изведба во секојдневните активности поврзана со многу болести);
- да има проблеми со изведбата без оштетувања или ограниченост на капацитетот (на пр., ХИВ-позитивно лице или поранешен пациент кој закрепнал од ментална болест кои се соочуваат со стигматизација и дискриминација во меѓучовечките односи или на работа);
- да има ограниченост на капацитетот без помош, и да нема проблеми со изведбата во актуелната средина (на пр., поединец со ограничена подвижност може од општеството да добие асистивна технологија за да се движи наоколу);
- да доживее степен на влијание во обратна насока (на пр., недоволното користење на екстремитетите може да предизвика мускулна атрофија; институционализацијата може да резултира со губење на социјалните вештини).

Примерите на случаи во Анекс 4 дополнително ги илустрираат можностите за интеракции меѓу конструктите.

Шемата прикажана на Сл. 1 ја покажува улогата што контекстуалните фактори (на пр., срединските и индивидуалните фактори) ја играат во процесот. Овие фактори содејствуваат со лицето што има некаква здравствена состојба и го определуваат нивото и степенот на функционирање на поединецот. Факторите на средината се надворешни за поединецот (на пр., ставовите на општеството, архитектонските карактеристики, правниот систем) и се класифицирани во класификацијата со наслов „Фактори на средината". Индивидуалните фактори, од друга страна, не се класифицирани во оваа верзија на МКФ. Тие вклучуваат пол, раса, возраст, физичка кондиција, начин на живот, навики, стилови на справување со проблеми и други слични фактори. Нивната проценка му се препушта на корисникот, доколку е потребна.

## 5.2 Медицински и социјален модел

Се предлагаат неколку концепциски модели за да се разбере и да се објасни попреченоста и функционирањето. Тие може да се изразат во дијалектиката меѓу „медицинскиот модел" наспроти „социјалниот модел". Со *медицинскиот модел*, попреченоста се набљудува како проблем на лицето, директно предизвикан од болест, траума или од друга здравствена состојба која бара медицинска нега во форма на индивидуален третман од страна на стручни лица. Контролирањето на попреченоста е насочено кон излекување, или прилагодување и промена на однесувањето на поединецот. Медицинската нега се смета за главна работа, а на политичко ниво, главниот одговор е модифицирање или реформирање на политиките за здравствена заштита. Од друга страна, со *социјалниот модел* на попреченост проблемот се набљудува главно како општествено создаден проблем, и во основа, како прашање на целосна интеграција на поединците во општест-

вото. Попреченоста не е особина на поединецот, туку сложен збир на услови, од кои многу се создадени од општествената средина. Оттука, решавањето на проблемот бара општествена акција, а тоа значи колективна одговорност на општеството во целина да направи модификации на средината што се потребни за целосно учество на лицата со попреченост во сите сфери на општествениот живот. Па така, прашањето се однесува на ставовите или е од идеолошка природа и налага општествени промени, кои на политичко ниво стануваат прашање на човековите права. За овој модел, попреченоста претставува политичко прашање.

МКФ се заснова врз интеграција на овие два спротивставени модела. Со цел да се долови интеграцијата на различните перспективи на функционирањето, се користи „биопсихосоцијален“ пристап. Така, МКФ се обидува да постигне синтеза за да обезбеди единствен поглед на различните перспективи на здравјето од биолошка, индивидуална и општествена перспектива.[16]

16 Види и Анекс 5 - „МКФ и лицата со попреченост“.

# 6. Употреба на МКФ

МКФ е класификација на човечкото функционирање и попреченост. Таа систематски ги групира здравствените домени и оние домени поврзани со здравјето. Во секоја од компонентите, домените се дополнително групирани во согласност со нивните заеднички карактеристики (како што се нивното потекло, вид или сличност) и истите се подредени на целесобразен начин. Класификацијата е организирана според збир на принципи (види Анекс 1). Овие принципи се однесуваат на меѓусебната зависност на нивоата и на хиерархијата на класификацијата (збир на неколку нивоа). Сепак, некои категории во МКФ се подредени на не-хиерархиски начин, без подредување, туку како еднакви разграноци.

Следниве структурни карактеристики на класификацијата имаат влијание врз нејзината употреба:

(1) МКФ дава стандардни оперативни дефиниции за здравствените домени и за домените поврзани со здравјето, наспроти „народските“ дефиниции за здравјето. Овие дефиниции ги опишуваат клучните карактеристики на секој домен (на пример, квалитети, својства и односи) и содржат информации за тоа што е вклучено а што е исклучено од секој домен. Дефинициите содржат взаемно употребувани клучни точки за проценка за да може истите да бидат преобразени во прашалници. Соодветно на тоа, резултатите од веќепостоечки инструменти за проценка може да бидат кодирани со термини од МКФ. На пример, „функциите за гледање“ се дефинирани во смисла на функции на осет на форма и контури, од различни растојанија, употребувајќи едно или двете очи, така што нивото на потешкотии со видот може да биде кодирано како умерено, средно или тешко, или пак како вкупни нивоа во однос на овие параметри.

(2) МКФ користи алфанумерички систем во кој буквите b, s, d и e се користат за одбележување на Телесните функции, Телесните структури, Активности и учество, и Фактори на средината. По овие букви следат нумерички кодови кои започнуваат со бројот на поглавјето (една цифра), проследено со второто ниво (две цифри), и третото и четврто ниво (по една цифра за секое).

(3) Категориите од МКФ се „вгнездени“, така што поширoките категории се дефинирани да што вклучуваат подетални поткатегории од повисоката категорија (На пример, Поглавјето 4 за Мобилност во компонентата за Активности и учество, вклучува одделни категории за стоење, седење, одење, носење предмети, итн.). Кратката верзија покрива две нивоа, додека целосната (детална) верзија ги покрива сите четири нивоа. Кодовите од кратката и целосната верзија кореспондираат едни со други, а кратката верзија може да се состави од целосната верзија.

(4) Секој поединец може да има низа на кодови од секое ниво. Тие може да бидат независни или поврзани.

(5) Кодовите од МКФ се комплетни само при присуство на квалификатор, кој ја одредува степенот на здравјето (на пример, нивото на проблемот). Квалификаторите се кодираат како една, две или повеќе цифри по точка (или разделник). Употребата на секој код треба да биде придружена со најмалку еден квалификатор. Без квалификатори, кодовите немаат никакво инхерентно значење.

(6) Првиот квалификатор за Телесни функции и структури, потоа квалификаторите за изведба и капацитет , т.е. Активности и учество, и првиот квалификатор за Фактори на средината го опишуваат нивото на проблемите во секоја од соодветните компоненти.

(7) Сите три компоненти кои се класифицирани во МКФ (Телесни функции и Структури, Активности и Учество, и Фактори на средината) се квантифицирани со користење на истата генеричка скала. Имањето проблем може да значи постоење на оштетување, ограничување, рестрикција или бариера во зависност од конструктот. Како што е прикажано подолу во загради, треба да се одберат соодветни термини за квалификација во согласност со соодветниот домен на класификација (при што xxx се користи за бројот на домен од второ ниво). За да ваквата квантификација да се користи на универзален начин, треба да се развијат процедури за проценка преку соодветна истражувачка работа. Постојат широки размери на проценти за оние случаи каде има калибрирани инструменти за проценка или, пак, постојат други стандарди за квантификација на оштетувањата, ограничувањата на капацитетот, проблемите во изведбата или постоењето на бариери. На пример, кога се наведува „нема проблем“ или „целосен проблем“, тогаш кодирањето има маргина на грешка до 5%. „Умерен проблем“ се дефинира како не повеќе од половина времето или нивото за целосна потешкотија. Процентите треба да се калибрираат во одделни домени земајќи ги предвид соодветните популациони стандарди како перцентили.

| | | | |
|---|---|---|---|
| xxx.0 | НЕМА проблем | (нема, отсутно, занемарливо,....) | 0-4% |
| xxx.1 | БЛАГ проблем | (малку, ниско,...) | 5-24% |
| xxx.2 | УМЕРЕН проблем | (средно, прилично,....) | 25-49% |
| xxx.3 | СЕРИОЗЕН проблем | (високо, екстремно,...) | 50-95% |
| xxx.4 | ЦЕЛОСЕН проблем | (тотално,...) | 96-100% |
| xxx.8 | недефинирано | | |
| xxx.9 | неприменливо | | |

(8) Во случајот со факторите на средината, првиот квалификатор може да се користи за да го одбележи или нивото на позитивни ефекти од средината, т.е. олеснувачки фактори, или, пак, нивото на негативни ефекти, т.е. бариери. И едните и другите ја користат истата скала од 0 до 4, но, за да се одбележат олеснителните фактори точката се заменува со плус: на пример e110+2. Факторите на средината може да бидат кодирани (а) во однос на секој конструкт поединечно, или (б) генерално, без упатување на било кој поединечен конструкт. Првата опција е подобра бидејќи појасно го дефинира влијанието.

(9) За одделни корисници може да биде посоодветно и полесно да се додадат и други видови на податоци кон кодирањето на секој од поимите. Постојат низа дополнителни квалификатори кои може да бидат од помош. Во табелата број 3 се претставени се деталите за квалификаторите на секоја од компонентите како и предлог дополнителни квалификатори кои може да се развијат.

(10) Описот на здравствените домени и на оние домени кои се поврзани со здравјето се однесува на нивната функција во даден момент (т.е. слика). Сепак, можна е употреба во повеќе временски точки со цел да се опише траекторија во времето и процесот.

(11) Со МКФ, здравствената состојба на лицето, како и состојбите поврзани со здравјето добиваат низа кодови кои ги опфаќаат двата дела на класификацијата. Така, максималниот број на кодови по лице може да биде 34 на едноцифрено ниво (8 кодови за телесни функции, 8 за телесни структури, 9 за изведба и 9 кодови за капацитет). Слично, за поимите од второ ниво вкупниот број на кодови е 362. Во подеталните нивоа, овие кодови може да набројат до 1424 поими. Во секојдневната примена на МКФ, низа од 3 до 18 кодови би била соодветна да опише случај со двостепена (троцифрена) прецизност. Општо земено, подеталната верзија од четврто ниво се користи за специјалистички услуги (на пример резултати при рехабилитација, геријатрија), додека, пак, второстепената класификација може да се користи за истражувања и проценка на клинички резултати.

Дополнителни напатствија за кодирањето се претставени во Анекс 2. Се препорачува корисниците да добијат обука за употребата на класификацијата преку СЗО и нејзината мрежа на центри со кои соработува.

# Табела 3. Квалификатори

| Компоненти | Прв квалификатор | Втор квалификатор |
|---|---|---|
| Телесни функции (b) | Генерички квалификатор со негативна скала која се користи за опис на нивото на оштетувањето<br>Пример: b167.3 кој индицира тешко оштетување на одредени ментални функции на јазикот | Нема |
| Телесни структури (s) | Генерички квалификатор со негативна скала која се користи за опис на нивото оштетувањето<br>Пример: s730.3 кој индицира тешко оштетување во горниот екстремитет | Се користи за да ја посочи природата на промената во соодветната телесна структура:<br>0 нема промена во структурата<br>1 целосно отсуство<br>2 делумно отсуство<br>3 дополнителен дел<br>4 несоодветни димензии<br>5 дисконтинуитет<br>6 девијантна позиција<br>7 квалитативни промени во структурата, вклучувајќи и акумулација на течности<br>8 недефинирано<br>9 несоодветно<br>Пример: s730.32 кој индицира делумно отсуство на горниот екстремитет |
| Активности и учество (d) | Изведба<br>Генерички квалификатор<br>Проблем со постоечката средина на лицето<br>Пример: d5101.1_ кој посочува блага потешкотија со капењето на целото тело при употреба на асистивни технологии кои се достапни за лицето во неговата/нејзината постоечка средина | Капацитет<br>Генерички квалификатор<br>Ограничување без асистенција<br>Пример: d5101._2 кој посочува умерена потешкотија со капењето на целото тело; имплицира дека постои умерена потешкотија кога не се користат асисистивни технологии или лична помош |
| Фактори на средината (e) | Генерички квалификатор, со негативна и позитивна скала кои се користат за опис на нивото на бариерите и олеснувачките фактори<br>Пример: e130.2 кој посочува дека средствата за образование претставуваат умерена бариера. Соодветно на тоа, e130+2 би индицирало дека средствата за образование претставуваат умерен олеснувачки фактор. | Нема |

# Усвојување на МКФ за меѓународна употреба од страна на 54-то собрание на Светската здравствена организација

Резолуцијата бр. WHA54.21 гласи:

Педесет и четвртото собрание на Светската здравствена организација,

1. ГО УСВОЈУВА второто издание на Меѓународната класификација за оштетувања, инвалидност и хендикеп (ICIDH), под насловот Меѓународна класификација на функционирање, попреченост и здравје, со скратен назив МКФ;
2. ГИ ПОТТИКНУВА земјите-членки да ја користат МКФ во нивната истражувачка дејност, надзор и известување, земајќи ги притоа предвид специфичните состојби на земјите-членки и, особено, можните идни ревизии;
3. БАРА од Генералниот директор да пружи поддршка во користењето на МКФ за земјите-членки, на нивно барање.

# МКФ

## Првостепена класификација

### Листа на поглавја во класификацијата

# Телесни функции

Поглавје 1 Ментални функции

Поглавје 2 Сетилни функции и болка

Поглавје 3 Функции на глас и говор

Поглавје 4 Функции на кардиоваскуларен, хематолошки, имунолошки и респираторен систем

Поглавје 5 Функции на дигестивен, метаболен и ендокрин систем

Поглавје 6 Генитоуринарни и репродуктивни функции

Поглавје 7 Невромускулни функции и функции поврзани со движење

Поглавје 8 Функции на кожа и сродни структури

# Телесни структури

Поглавје 1 Структури на нервниот систем

Поглавје 2 Око, уво и сродни структури

Поглавје 3 Структури вклучени во глас и говор

Поглавје 4 Структури на кардиоваскуларен, имунолошки и респираторен систем

Поглавје 5 Структури поврзани со дигестивен, метаболен и ендокрин систем

Поглавје 6 Структури поврзани со генитоуринарен и репродуктивен систем

Поглавје 7 Структури поврзани со движење

Поглавје 8 Кожа и сродни структури

# Активност и учество

Поглавје 1 Учење и примена на знаењето

Поглавје 2 Општи задачи и барања

Поглавје 3 Комуникација

Поглавје 4 Мобилност

Поглавје 5 Грижа за себе

Поглавје 6 Живот во домот

Поглавје 7 Меѓучовечки интеракции и односи

Поглавје 8 Главни животни области

Поглавје 9 Заедница, социјален и граѓански живот

# Фактори на средината

Поглавје 1 Производи и технологија
Поглавје 2 Природна средина и човечки промени на средината
Поглавје 3 Поддршка и односи
Поглавје 4 Ставови
Поглавје 5 Услуги, системи и политики

# МКФ

## Второстепена класификација

### Листа на поглавја и прво ниво на разграноци во класификацијата

# ТЕЛЕСНИ ФУНКЦИИ

## *Поглавје 1 Ментални функции*

### *Општи ментални функции (b110-b139)*

b110 Функции на свеста
b114 Функции на ориентација
b117 Интелектуални функции
b122 Општи психосоцијални функции
b126 Темперамент и функции на личноста
b130 Енергија и функции на нагон
b134 Функции на спиењето
b139 Општи ментални функции, поинаку дефинирани и недефинирани

### *Специфични ментални функции (b140-b189)*

b140 Функции на внимание
b144 Функции на меморија
b147 Психомоторни функции
b152 Емоционални функции
b156 Функции на перцепција
b160 Мисловни функции
b164 Когнитивни функции од повисок степен
b167 Ментални функции на јазик
b172 Функции за сметање
b176 Ментални функции за редослед на комплексни движења
b180 Доживување на себе си и времето
b189 Специфични ментални функции, поинаку дефинирани и недефинирани
b198 Ментални функции, поинаку дефинирани
b199 Ментални функции, недефинирани

## *Поглавје 2 Сетилни функции и болка*

### *Гледање и сродни функции (b210-b229)*

b210 Функции на гледање
b215 Функции на придружни структури на окото
b220 Сетилни осети поврзани со окото и структури околу окото
b229 Гледање и сродни функции, поинаку дефинирани и недефинирани

### *Слушање и вестибуларни функции (b230-b249)*

b230 Функции на слушање
b235 Вестибуларни функции
b240 Сетилни осети поврзани со слушањето и вестибуларните функции
b249 Слушање и вестибуларни функции, други дефинирани и недефинирани

### Други сетилни функции (b250b279)

b250 Функции на вкус

b255 Функции на мирис

b260 Проприоцептивни функции

b265 Функција на допир

b270 Сетилни функции поврзани со температура и други дразби

b279 Други сетилни функции, поинаку дефинирани и недефинирани

### Болка (b280-b289)

b280 Чувство на болка

b289 Чувство на болка, поинаку дефинирано и недефинирано

b298 Сетилни функции и болка, поинаку дефинирано

b299 Сетилни функции и болка, недефинирано

## Поглавје 3 Функции на глас и говор

b310 Функции на гласот

b320 Функции на артикулација

b330 Функции на течност и ритам на говорот

b340 Функции на алтернативна вокализација

b398 Функции на глас и говор, поинаку дефинирани

b399 Функции на глас и говор, недефинирани

## Поглавје 4 Функции на кардиоваскуларниот, хематолошкиот, имунолошкиот и респираторниот систем

### Функции на кардиоваскуларниот систем (b410-429)

b410 Срцеви функции

b415 Функции на крвни садови

b420 Функции на крвен притисок

b429 Функции на кардиоваскуларен систем, поинаку дефинирани и недефинирани

### Функции на хематолошки и имунолошки системи (b430-b439)

b430 Функции на хематолошки систем

b435 Функции на имунолошкиот систем

b439 Функции на хематолошкиот и имунолошкиот систем, поинаку дефинирани и недефинирани

### Функции на респираторниот систем (b440-b449)

b440 Респираторни функции

b445 Функции на респираторни мускули

b449 Функции на респираторниот систем, поинаку дефинирани и недефинирани

### Други функции и сетилни доживувања на кардиоваскуларниот и респираторниот систем (b450-b469)

b450 Други респираторни функции

b455 Функции за издржливост на физичка активност

b460 Сетилни доживувања поврзани со кардиоваскуларните и респираторните функции

b469 Други функции и сетилни доживувања на кардиоваскуларниот и респираторниот систем, поинаку дефинирани и недефинирани

b498 Функции на кардиоваскуларниот, хематолошкиот, имунолошкиот и респираторниот систем, поинаку дефинирани

b499 Функции на кардиоваскуларниот, хематолошкиот, имунолошкиот и респираторниот систем, недефинирани

## Поглавје 5 Функции на дигестивен, метаболичен и ендокрин систем

### Функции поврзани со дигестивниот систем (b510-b539)

b510 Функции на внесување храна

b515 Дигестивни функции

b520 Функции на асимилација на храната

b525 Функции на дефекација

b530 Функции за одржување на телесна тежина

b535 Сетилни доживувања поврзани со дигестивниот систем

b539 Функции поврзани со дигестивниот систем, поинаку дефинирани и недефинирани

### Функции поврзани со метаболизмот и ендокриниот систем (b540-b559)

b540 Општи метаболни функции

b545 Функции за одржување баланс на водата, минералите и електролитите

b550 Функции на терморегулација

b555 Функции на ендокрините жлезди

b559 Функции поврзани со метаболичниот и ендокриниот систем, поинаку дефинирани и недефинирани

b598 Функции на дигестивниот, метаболичниот и ендокриниот систем, поинаку дефинирани

b599 Функции на дигестивниот, метаболичниот и ендокриниот систем, недефинирани

## Поглавје 6 Генитоуринарни и репродуктивни функции

### Уринарни функции (b610-639)

b610 Функции на излачување на урина

b620 Функции на мокрење

b630 Осети поврзани со уринарните функции

b639 Уринарни функции, поинаку дефинирани и недефинирани

### Генитални и репродуктивни функции (b640-b679)

b640 Сексуални функции

b650 Менструални функции

b660 Функции за прокреација

b670 Осети поврзани со гениталните и репродуктивните функции

b679 Генитални и репродуктивни функции, поинаку дефинирани и недефинирани

b698 Генитоуринарни и репродуктивни функции, поинаку дефинирани

b699 Генитоуринарни и репродуктивни функции, недефинирани

## Поглавје 7 Невромускулни функции и функции  поврзани со движење

### Функции на зглобовите и коските (b710-b729)

b710 Функции на подвижност на зглобовите

b715 Функции за стабилност на зглобовите

b720 Функции за подвижност на коските

b729 Функции на зглобови и коски, поинаку дефинирани и недефинирани

### Мускулни функции (b730-b749)

b730 Функции на мускулна сила

b735 Функции на мускулен тонус

b740 Функции на мускулна издржливост

b749 Мускулни функции, дефинирани и недефинирани

### Функции на движење (b750-b789)

b750 Функции на моторни рефлекси

b755 Функции за контрола на неволеви движења

b760 Функции на контрола на волеви движења

b765 Функции на неволни движења

b770 Функции на начин на одење

b780 Сетилни доживувања поврзани со функции на мускулите и движењето

b789 Функции на движења, поинаку дефинрани и недефинирани

b798 Невромускулоскелетни и функции поврзани со движењето, поинаку дефинирани

b799 Невромускулоскелетни и функции поврзани со движењето, недефинирани

## Поглавје 8 Функции на кожа и сродни структури

### Функции на кожа (b810-b849)

b810 Заштитни функции на кожата

b820 Регенеративни функции на кожата

b830 Други функции на кожата

b840 Сетилни доживувања поврзани со кожата

b849 Функции на кожата, поинаку дефинирани и недефинирани

## *Функции на коса и нокти (b850-b869)*

b850 Функции на коса

b860 Функции на нокти

b869 Функции на коса и нокти, поинаку дефинирани и недефинирани

b898 Функции на кожа и сродни структури, поинаку дефинирани

b899 Функции на кожа и сродни структури, недефинирани

# ТЕЛЕСНИ СТРУКТУРИ

## *Поглавје 1 Структури на нервниот систем*

s110 Структура на мозок
s120 Рбетен мозок и сродни структури
s130 Структура на мозочни обвивки (менинги)
s140 Структура на симпатички дел на вегетативен нервен систем
s150 Структура на парасимпатички дел на вегетативен нервен систем
s198 Структура на нервен систем, поинаку дефинирано
s199 Структура на нервен систем, недефинирано

## *Поглавје 2 Око, уво и сродни структури*

s210 Структура на очна дупка
s220 Структура на очно јаболкце
s230 Структури околу окото
s240 Структура на надворешно уво
s250 Структура на средно уво
s260 Структура на внатрешно уво
s298 Око, уво и сродни структури, поинаку дефинирано
s299 Око, уво и сродни структури, недефинирано

## *Поглавје 3 Структури вклучени во глас и говор*

s310 Структура на нос
s320 Структура на уста
s330 Структура на фаринкс
s340 Структура на ларинкс
s398 Структури вклучени во глас и говор, поинаку дефинирани
s399 Структури на глас и говор, недефинирани

## *Поглавје 4 Структури на кардиоваскуларен, имунолошки и респираторен систем*

s410 Структура на кардиоваскуларен систем
s420 Структури на имунолошки систем
s430 Структура на респираторен систем
s498 Структури на кардиоваскуларен, имунолошки и респираторен систем, поинаку дефинирано
s499 Структури на кардиоваскуларен, имунолошки и респираторен систем, недефинирано

## Поглавје 5 Структури поврзани со дигестивен, метаболен и ендокрин систем

s510 Структури на плунковни жлезди

s520 Структура на езофагус (хранопроводник)

s530 Структура на желудник

s540 Структура на црева

s550 Структура на панкреас

s560 Структура на црн дроб

s570 Структура на жолчен меур и жолчни канали

s580 Структура на ендокрини жлезди

s598 Структури поврзани со дигестивен, метаболичен и ендокрин систем, поинаку дефинирано

s599 Структури поврзани со дигестивен, метаболичен и ендокрин систем, недефинирано

## Поглавје 6 Структури поврзани со генитоуринарен и репродуктивен систем

s610 Структура на уринарен систем

s620 Структура на карлично дно

s630 Структура на репродуктивен систем

s698 Структури поврзани со генитоуринарен и репродуктивен систем, поинаку дефинирано

s699 Структури поврзани со генитоуринарен и репродуктивен систем, недефинирано

## Поглавје 7 Структури поврзани со движење

s710 Структури во регионот на главата и вратот

s720 Структура на регионот на рамото

s730 Структура на горни екстремитети

s740 Структура на карличен регион

s750 Структура на долни екстремитети

s760 Структура на трупот

s770 Други мускулоскелетни структури поврзани со движењето

s798 Структури поврзани со движењето, поинаку дефинирани

s799 Структури поврзани со движењето, недефинирани

## Поглавје 8 Кожа и сродни структури

s810 Структури на регионот на кожата

s820 Структура на кожни жлезди

s830 Структура на нокти

s840 Структура на коса

s898 Кожа и сродни структури, поинаку дефинирано

s899 Кожа и сродни структури, недефинирано

# АКТИВНОСТ И УЧЕСТВО

## Поглавје 1 Учење и примена на знаењето

### Целисходни сетилни искуства (d110-d129)

d110 Гледање
d115 Слушање
d120 Друго целисходно користење на сетилата
d129 Целисходни сетилни искуства, поинаку дефинирани и недефинирани

### Основно учење (d130-d159)

d130 Имитирање
d135 Вежбање
d140 Учење да се чита
d145 Учење да се пишува
d150 Учење да се смета
d155 Стекнување вештини
d159 Основно учење, поинаку дефинирано и недефинирано

### Примена на знаењето (d160-d179)

d160 Фокусирање на вниманието
d163 Размислување
d166 Читање
d170 Пишување
d172 Сметање
d175 Решавање проблеми
d177 Носење одлуки
d179 Примена на знаењето, поинаку дефинирано и недефинирано
d198 Учење и примена на знаењето, поинаку дефинирано
d199 Учење и примена на знаењето, недефинирано

## Поглавје 2 Општи задачи и барања

d210 Преземање поединечна задача
d220 Преземање повеќе задачи
d230 Вршење на секојдневната рутина
d240 Справување со стресот и со другите психолошки потреби
d298 Општи задачи и барања, поинаку дефинирани
d299 Општи задачи и барања, недефинирани

# Поглавје 3 Комуникација

## Комуницирање - примање (d310-d329)

d310 Комуницирање преку - примање - говорни пораки

d315 Комуницирање преку - примање - невербални пораки

d320 Комуницирање преку - примање - пораки со формален знаковен јазик

d325 Комуницирање преку - примање - пишани пораки

d329 Комуницирање - примање, поинаку дефинирано и недефинирано

## Комуницирање - продуцирање (d330-d349)

d330 Зборување

d335 Продуцирање невербални пораки

d340 Продуцирање пораки на формален знаковен јазик

d345 Пишување пораки

d349 Комуницирање - продуцирање, поинаку дефинирано и недефинирано

## Разговор и употреба на уреди и техники за комуникација (d350-d369)

d350 Разговор

d355 Дискусија

d360 Користење комуникациски уреди и техники

d369 Разговор и употреба на средства и техники за комуникација, поинаку дефининрани и недефинирани

d398 Комуникација, поинаку дефининрана

d399 Комуникација, недефинирана

# Поглавје 4 Мобилност

## Менување и одржување на положбата на телото (d410-d429)

d410 Менување на основната положба на телото

d415 Одржување на положбата на телото

d420 Самостојно преместување

d429 Менување и одржување на положбата на телото, поинаку дефинирано и недефинирано

## Носење, преместување и ракување со предмети (d430-d449)

d430 Кревање и носење предмети

d435 Движење на предмети со долните екстремитети

d440 Прецизно користење на шаката

d445 Користење на раката и шаката

d449 Носење, движење и ракување со предмети, поинаку дефинирано и недефинирано

## Одење и движење (d450-d469)

d450 Одење

d455 Движење наоколу

d460 Движење наоколу на различни локации
d465 Движење со помош на опрема
d469 Одење и движење, поинаку дефинирано и недефинирано

### *Движење со помош на превоз (d470-d489)*

d470 Користење превоз
d475 Возење
d480 Јавање животни за превоз
d489 Движење со помош на превоз, поинаку дефинирано и недефинирано
d498 Мобилност, поинаку дефинирана
d499 Мобилност, недефинирана

## *Поглавје 5 Грижа за себе*

d510 Самостојно миење
d520 Грижа за деловите од телото
d530 Вршење нужда
d540 Облекување
d550 Јадење
d560 Пиење
d570 Грижа за здравјето
d598 Грижа за себе, поинаку дефинирана
d599 Грижа за себе, недефинирана

## *Поглавје 6 Живот во домот*

### *Задоволување на основните потреби (d610-d629)*

d610 Стекнување место за живеење
d620 Стекнување стоки и услуги
d629 Стекнување со неопходни потреби, поинаку дефинирано и недефинирано

### *Домашни задачи (d630-d649)*

d630 Подготовка на јадења
d640 Работа низ домот
d649 Задачи низ домот

### *Грижа за предмети во домаќинството и помагање на другите (d650-d669)*

d650 Грижа за предмети во домаќинството
d660 Помагање на другите
d669 Грижа за предмети во домаќинството и помагање на другите, поинаку дефинирани и недефинирани
d698 Живот во домот, поинаку дефиниран
d699 Живот во домот, недефиниран

# Поглавје 7 Меѓучовечки интеракции и односи

## Општи меѓучовечки интеракции (d710-d729)

d710 Основни меѓучовечки интеракции
d720 Комплексни меѓучовечки интеракции
d729 Општи меѓучовечки интеракции, поинаку дефинирани и недефинирани

## Посебни меѓучовечки односи (d730-d779)

d730 Поврзување со непознати
d740 Формални односи
d750 Неформални социјални односи
d760 Семејни односи
d770 Интимни врски
d779 Посебни меѓучовечки односи, поинаку дефинирани и недефинирани
d798 Меѓучовечки интеракции и односи, поинаку дефинирани
d799 Меѓучовечки интеракции и односи, недефинирани

# Поглавје 8 Главни животни области

## Образование (d810-d839)

d810 Неформално образование
d815 Предучилишно образование
d820 Училишно образование
d825 Стручна обука
d830 Високо образование
d839 Образование, поинаку дефинирано и недефинирано

## Работа и вработување (d840-d859)

d840 Пракса (подготовка за работа)
d845 Добивање, задржување и прекин на работа
d850 Платено вработување
d855 Неплатено вработување
d859 Работа и вработување, поинаку дефинирани и недефинирани

## Економски живот (d860-d879)

d860 Основни економски трансакции
d865 Комплексни економски трансакции
d870 Економска самостојност
d879 Економски живот, поинаку дефиниран и недефиниран
d898 Главни животни области, поинаку дефинирани
d899 Главни животни области, недефинирани

## *Поглавје 9 Заедница, социјален и граѓански живот*

d910 Живот во заедницата

d920 Рекреација и разонода

d930 Религија и духовност

d940 Човекови права

d950 Политички живот и државјанство

d998 Заедница, социјален и граѓански живот, поинаку дефинирани

d999 Заедница, социјален и граѓански живот, недефинирани

# ФАКТОРИ НА СРЕДИНАТА

## *Поглавје 1 Производи и технологија*

e110 Производи или супстанци за лична употреба
e115 Производи и технологии за лична употреба во секојдневниот живот
e120 Производи и технологија за лична мобилност и транспорт внатре и надвор
e125 Производи и технологии за комуникација
e130 Производи и технологија за образование
e135 Производи и технологија за вработување
e140 Производи и технологија за култура, спорт и рекреација
e145 Производи и технологија за практикување на религијата и духовноста
e150 Проектирање, конструкција и изработка на производи и технологии за објекти за јавна употреба
e155 Проектирање, конструкција и изработка на производи и технологија на објекти за приватна употреба
e160 Производи и технологија за уредување на земјиште
e165 Средства
e198 Производи и технологија, поинаку дефинирани
e199 Производи и технологија, недефинирани

## *Поглавје 2 Природна средина и човечки промени на средината*

e210 Физичка географија
e215 Население
e220 Флора и фауна
e225 Клима
e230 Природни појави
e235 Човечки предизвикани настани
e240 Светлина
e245 Промени поврзани со времето
e250 Звук
e255 Вибрации
e260 Квалитет на воздухот
e298 Природна средина и промени на средината направени од човекот, поинаку дефинирани
e299 Природна средина и промени на средината направени од човекот, недефинирани

## *Поглавје 3 Поддршка и односи*

e310 Потесно семејство
e315 Пошироко семејство
e320 Пријатели
e325 Познајници, врсници, колеги, соседи и членови на заедницата
e330 Лица од авторитет
e335 Лица во подредена положба
e340 Даватели на лична нега и лични асистенти

e345 Непознати лица
e350 Припитомени животни
e355 Здравствени работници
e360 Други професионалци
e398 Поддршка и односи, поинаку дефинирани
e399 Поддршка и односи, недефинирани

## Поглавје 4 Ставови

e410 Индивидуални ставови на членовите на потесното семејство
e415 Индивидуални ставови на членовите на поширокото семејство
e420 Индивидуални ставови на пријателите
e425 Индивидуални ставови на познајниците, врсниците, колегите, соседите и членовите на заедницата
e430 Индивидуални ставови на луѓето од аворитет
e435 Индивидуални ставови на луѓето во подредена положба
e440 Индивидуални ставови на давателите на лична нега и на личните асистенти
e445 Индивидуални ставови на непознатите лица
e450 Индивидуални ставови на здравствените работници
e455 Индивидуални ставови на други стручни лица во врска со здравјето
e460 Општествени ставови
e465 Општествени норми, практики и идеологии
e498 Ставови, поинаку дефинирани
e499 Ставови, недефинирани

## Поглавје 5 Услуги, системи и политики

e510 Услуги, системи и политики за производство на стоки за широка потрошувачка
e515 Архитектонско-градежни услуги, системи и политики
e520 Услуги, системи и политики за планирање отворен простор
e525 Услуги, системи и политики за домување
e530 Комунални услуги, системи и политики
e535 Комуникациски услуги, системи и политики
e540 Транспортни услуги, системи и политики
e545 Услуги, системи и политики за цивилна заштита
e550 Правни услуги, системи и политики
e555 Услуги, системи и политики за здружување и организирање
e560 Медиумски услуги, системи и политики
e565 Економски услуги, системи и политики
e570 Услуги, системи и политики за социјално осигурување
e575 Услуги, системи и политики за општа социјална помош
e580 Здравствени услуги, системи и политики
e585 Услуги, системи и политики за образование и обука
e590 Услуги, системи и политики за работна сила и вработување
e595 Политички услуги, системи и политики
e598 Услуги, системи и политики, поинаку дефинирани
e599 Услуги, системи и политики, недефинирани

# МКФ

## Детална класификација со дефиниции

### Сите категории од класификацијата со нивните дефиниции, вклучувања и исклучувања

# ТЕЛЕСНИ ФУНКЦИИ

*Дефиниции:* ***Телесни функции*** *се физиолошките функции на телесните системи (вклучувајќи ги и психолошките функции)*

***Оштетувањата*** *се проблеми во телесните функции или структури претставени како значителна девијација или загуба.*

*Квалификатор*

Генеричен квалификатор со негативна скала која се користи за да го посочи степенот или опсегот на оштетувањето:

| | | | |
|---|---|---|---|
| **xxx.0** | НЕМА оштетување | (нема, отсутно, занемарливо,....) | 0-4% |
| **xxx.1** | БЛАГО оштетување | (мало, ниско,...) | 5-24% |
| **xxx.2** | УМЕРЕНО оштетување | (средно, прилично,....) | 25-49% |
| **xxx.3** | СЕРИОЗНО оштетување | (високо, екстремно,....) | 50-95% |
| **xxx.4** | ЦЕЛОСНО оштетување | (тотално,...) | 96-100% |
| **xxx.8** | недефинирано | | |
| **xxx.9** | неприменливо | | |

Овие широки процентуални размери се дадени за оние случаи за кои постојат калибрирани инструменти за проценка или пак достапни се некои други стандарди преку кои се квантифицираат оштетувањата на телесните функции. На пример, кога се кодира „нема општетување" или „целосно оштетување" во телесните функции, оваа скала може да има маргина на грешка до 5%. „Умерено оштетување" вообичаено претставува до половина од скалата на сите видови оштетувања. Процентуалните размери треба да бидат калибрирани во различни домени со упатување на популациските стандарди како перцентили. За да ваквата квантификација да се користи истоветно начин треба да се развијат процедури за проценка преку истражувачка дејност.

За дополнителни објаснувања на конвенциите за кодирање на МКФ, погледнето го Анекс 2.

## Поглавје 1

# Ментални функции

Ова поглавје се однесува на мозочните функции, и тоа: општите ментални функции, како што се свест, енергија и нагони, и специфичните ментални функции, како што се меморија, јазик и сметање.

## *Општи ментални функции (b110-b139)*

**b110 Функции на свеста**

Општи ментални функции на состојба на свесност и будност, вклучувајќи бистрина и континуитет на состојба на будност.

*Вклучува: функции на состојба, континуитет и квалитет на свеста; губење на свеста, кома, состојба на вегетирање, фуга, состојба на транс, состојба на поседување, индуцирана промена на свеста со лекови, делириум, ступор*

*Не вклучува: функции на ориентација (b114), функции на енергија и нагони (b130),и функции на спиење (b134)*

**b1100 Состојба на свеста**

Ментални функции кои при промена создаваат состојби како што се поматување на свеста, ступор или кома.

**b1101 Континуитет на свеста**

Ментални функции кои создаваат постојана состојба на будност, претпазливост и свесност, и кои при прекин може да доведат до фуга, транс или до други слични состојби.

**b1102 Квалитет на свеста**

Ментални функции кои при промена доведуваат до промена во карактерот на доживувањето на будноста, претпазливоста и свесноста, како што е состојба на делириум предизвикана со лекови.

**b1108 Функции на свеста, поинаку дефинирани**

**b1109 Функции на свеста, недефинирани**

**b114 Функции на ориентација**

Општи ментални функции на познавање и утврдување на односот кон самиот себе, кон другите, кон времето и кон своето опкружување.

*Вклучува: функции на ориентација во време, место и во однос на други лица; ориентација кон себе и останатите; дезориентираност во време, простор и во однос на други лица.*

*Не вклучува: функции на свеста (b110), функции на вниманието (b140); и функции на меморијата (b144).*

**b1140 Ориентација во време**

Ментални функции кои овозможуваат ориентација во денот, датата, месецот и годината.

**b1141 Ориентација во простор**
Ментални функции кои создаваат свесност за местоположбата на поединецот, како што се неговата/нејзината непосредна околина, град или земја.

**b1142 Ориентација кон личност**
Ментални функции кои создаваат свесност за сопствениот идентитет и идентитетот на поединци во непосредната околина

**b11420 Ориентација кон себе**
Ментални функции кои создаваат свесност за сопствениот идентитет

**b11421 Ориентација кон други лица**
Ментални функции кои создаваат свесност за идентитетот на други поединци од непосредната околина

**b11428 Ориентација кон личност, поинаку дефинирани**

**b11429 Ориентација кон личност, недефинирано**

**b1148 Функции на ориентација, поинаку дефинирани**

**b1149 Функции на ореинтација, недефинирани**

**b117 Интелектуални функции**
Општи ментални функции кои се неопходни за разбирање и конструктивно интегрирање на разни ментални функции, вклучувајќи ги сите когнитивни функции и нивниот развој во текот на животот

*Вклучува: функции на интелектуаелн равој; интелектуална ретардација; ментална ретардација, деменција*

*Не вклучува: функции на меморија (b144); мисловни функции (b160); когнитивни функции од повисоко ниво (b164)*

**b122 Општи психосоцијални функции**
Општи ментални функции кои се развиваат во текот на животот, и се неопходни за разбирање и конструктивно интегрирање на менталните функции, кои пак доведуваат до формирање на вештини за воспоставување на меѓусебни социјални интеракции, во однос и на значењето и на целта.

*Вклучува: како кај аутизам*

**b126 Темперамент и функции на личноста**
Општи ментални функции на вродена диспозиција на поединецот да реагира на ситуациите на одреден начин, вклучувајќи група на ментални карактеристики заради кои поединецот се разликува од останатите.

*Вклучува: функции на екстроверзија, интроверзија, пријатност, совесност, психичка и емоционална стабилност, и отвореност за стекнување искуства; оптимизам; потрага по ново; доверба, веродостојност*

*Не вклучува: интелектуални функции (b117); функции на енергија и нагони (b130); психомоторни функции (b147); емоционални функции (b152)*

**b1260 Екстровертност**
Ментални функции кои создаваат лична диспозиција за отвореност, дружељубивост и екстровертност, наспроти доживување на срам, ограниченост и инхибиција.

**b1261 Благонаклоност**
Ментални функции кои создаваат лична диспозиција за соработка, пријателство и пресретливост, наспроти непријателство,противење и пркосење.

**b1262 Совесност**
Ментални функции кои создаваат лична диспозиција, како што се да се биде работлив, систематичен и скрупулозен, наспроти ментални функции кои создаваат диспозиција да се биде мрзелив, непоуздан и неодговорен.

**b1263 Психичка стабилност**
Ментални функции кои создаваат лична диспозиција за благ темперамент, смиреност и сталоженост, наспроти раздразливост, загриженост, непостојаност и промеливо расположение.

**b1264 Отвореност за стекнување искуства**
Ментални функции кои создаваат лична диспозиција за љубопитност, имагинативност, истражување и потрага по искуства, наспроти неактивност, непосветување внимание и неизразување емоции.

**b1265 Оптимизам**
Ментални функции кои создаваат лична диспозиција за веселост, ведрина и надеж, наспроти малодушност, нерасположеност и очајување.

**b1266 Доверба**
Ментални функции кои создаваат лична диспозиција за самодоверба, смелост и самоувереност, наспроти плашливост, несигурност и покорност.

**b1267 Веродостојност**
Ментални функции кои создаваат лична диспозиција, како што се доверливост и принципиелност, наспроти лажливост и недружељубивост.

**b1268 Темперамент и функции на личноста, поинаку дефинирани**

**b1269 Темперамент и функции на личноста, недефинирани**

**b130 Енергија и функции на порив**
Општи ментални функции на физиолошки и психолошки механизми кои предизвикуваат поединецот да ги задоволува специфичните потреби и општите цели со упорност.

*Вклучува: Функции на ниво на енергија, мотивација, апетит, поседување на силна желба (вклучувајќи силна потреба за супстанции кои може да се злоупотребат), и контрола на импулси*

*Не вклучува: функции на совесност (b110), функции на темперамент и личност (b126), функции на спиење (b134), психомоторни функции (b147), емоционални функции (b152)*

**b1300 Ниво на енергија**
Ментални функции кои создаваат виталност и издржливост

**b1301 Мотивација**
Ментални функции кои создаваат иницијативност да се дејствува; свесна и несвесна движечка сила за дејствување

**b1302 Апетит**
Ментални функции кои создаваат природно посакување или желба, особено природна и повторлива желба за храна и пијалок.

**b1303 Чувство на силна потреба**
Ментални функции кои создаваат порив за конзумирање супстанции, вклучувајќи и супстанции кои може да се злоупотребуваат

**b1304 Контрола на импулсивност**
Ментални функции со кои се регулираат и се одолева на нагли силни пориви да се направи нешто

**b1308 Енергија и нагонски функции, поинаку дефинирани**

**b1309 Енергија и нагонски функции, недефинирани**

**b134 Функции на спиењето**
Општи ментални функции на периодочна, реверзибилна и ментална неангажираност во непосредната околина, придружено со карактеристични физиолошки промени

*Вклучува: функции на количина на спиење и заспивање, одржување и квалитет на спиењето; функции кои го вклучуваат циклусот на спиење, како што се инсомнија, хиперсомнија и нарколепсија*

*Не вклучува: функции на свеста (b110), енергија и нагонски функции (b130); функции на внимание (b140); психомоторни функции (b147).*

**b1340 Количина на спиење**
Ментални функции вклучени во времето поминато во состојба на сон во текот на едно денонокие или циркадијарен ритам

**b1341 Појава на сон**
Ментални функции кои создаваат премин од будност во сон

**b1342 Одржување на сон**
Ментални функции кои ја одржуваат состојбата на спиење

**b1343 Квалитет на сон**
Ментални функции кои создаваат природен сон кој води кон оптимален физички и ментален одмор и релаксација

**b1344 Функции кои вклучуваат циклус на сон**
Ментални функции кои создаваат РЕМ фаза на сонот (поврзано со сонување) и НРЕМ фаза на сонот (која се карактеризира со традиционалниот концепт на спиење како време на намалена физиолошка и психолошка активност)

**b1348 Функции на спиењето, поинаку дефинирани**

**b1349 Функции на спиењето, недефинирани**

**b139 Општи ментални функции, поинаку дефинирани и недефинирани**

## *Специфични ментални функции (b140-b189)*

**b140 Функции на внимание**
Специфични ментални функции за фокусирање на надворешни дразби или внатрешно доживување во даден временски период

*Вклучува: функции за одржување на вниманието, пренасочување на вниманието, распределување на вниманието, споделување на вниманието, концентрација, одвлекување на вниманието*

*Не вклучува: функции на свеста (b110), енергија и нагонски функции (b130); функции на спиење (b134); функции на меморија (b144), психомоторни функции (b147), функции на перцепција (b156).*

**b1400 Одржување на внимание**
Ментални функции со кои се создава концентрација за даден временски период

**b1401 Пренасочување на вниманието**
Ментални функции кои овозможуваат концентрацијата да се пренасочи од една дразба на друга

**b1402 Распределување на вниманието**
Ментални функции кои овозможуваат фокусирање на два или повеќе дразби во исто време

**b1403 Споделување на вниманието**
Ментални функции кои овозможуваат фокусирање на истата дразба од страна на две или повеќе лица, како што се дете и негувател фокусирани на играчката

**b1408 Функции на вниманието, поинаку дефинирани**

**b1409 Функции на вниманието, недефинирани**

**b144 Функции на меморија**
Специфични ментални функции за регистрирање и запомнување на информации, и сеќавање на истите доколку е потребно

*Вклучува: функции на краткорочна и долгорочна меморија, на непосредни, скорешни, дамнешни функции; опсег на меморија, присеќавање, запомнување, функции кои се користат при сеќавање и учење, како при номинална, селективна и дисоцијативна амнезија*

*Не вклучува: функции на свеста (b110), функции на ориентација (b114), интелектуални функции (b117), функции на внимание (b140), функции на перцепција (b156), мисловни функции (b160), когнитивни функции од повисок степен (b164), ментални функции на јазикот (b167), функции за сметање (b172).*

**b1440 Краткорочна меморија**
Ментални функции кои создаваат привремено, испрекинато складирање на меморијата со траење од околу 30 секунди, од каде информациите се губат ако не се консолидираат во долгорочната меморија.

**b1441 Долгорочна меморија**
Ментални функции кои создаваат мемориски систем кој овозможува долгорочно складирање на информациите од краткорочната меморија, како и автобиографска меморија за минати настани и семантичка меморија за јазик и факти.

**b1442 Присеќавање на запаметеното**
Специфични ментални функции за присетување на информации складирани во долгорочната меморија и нивно доведување во состојба на свесност

**b1448 Функции на меморија, поинаку дефинирани**

**b1449 Функции на меморија, недефинирани**

**b147 Психомоторни функции**
Специфични ментални функции за контрола врз моторните и психолошките случувања на ниво на телото

*Вклучува: функции на психомоторна контрола, какви што се психомоторна ретардација/забавеност, возбуденост и агитираност, телесен став, кататонија, негативизам, амбитенденција, ехопраксија и ехолалија (повторување на исти движења и исти зборови); квалитет напсихомоторни функции*

*Не вклучува: функции на свест (b110; функции на ориентација (b114); интелектуални функции (b117); енергија и функции на нагон (b130); функции на внимание (b140); ментални функции на јазик (b167); ментални функции за редоследот на комплексните движења (b176)*

**b1470 Психомоторна контрола**
Ментални функции кои ја регулираат брзината во однесувањето или времето за реакција, кое вклучува моторни и психолошки компоненти, како што се прекината контрола која создава психомоторна ретардација (бавно движење или зборување, намалена гестикулација и спонтаност) или психомоторна возбуденост (прекумерна бихевиорална и когнитивна активност, вообичаено непродуктивна и честопати како одговор на внатрешна тензија, како што е тропање со стапалата, кршење на рацете, раздразливост или немир).

**b1471 Квалитет на психомоторни функции**
Ментални функции кои создаваат невербално однесување со соодветен редослед и карактер на сите подкомпоненти, како што е координација на рацете и очите или одењето

**b1478 Психомоторни функции, поинаку дефинирани**

**b1479 Психомоторни функции, недефинирани**

**b152** **Емоционални функции**
Специфични ментални функции поврзани со компонентите на чувствување и афективните компоненти на процесите на умот.

*Вклучува: функции на соодветност на емоциите, регулација на емоциите и опсегот на емоции; афект; тага, среќа, љубов, страв, лутина, омраза, напнатост, вознемиренсот, радост, жал; емоционална лабилност; зарамнетост на афектот*

*Не вклучува: функции на темперамент и личност (b126), функции на енергија и нагони (b130)*

**b1520** **Адекватност на емоцијата**
Ментални функции кои создаваат усогласеност на чувството или емоционалната состојба со ситуацијата, како што е среќа при добивање добри вести.

**b1521** **Регулирање на емоцијата**
Ментални функции кои го контролираат доживувањето и покажувањето емоции.

**b1522** **Опсег на емоции**
Ментални функции кои создаваат низа на доживувања од побудувањето на афектот или чувства, како што се љубов, омраза, анксиозност, тага, радост, страв и гнев.

**b1528** **Емоционални функции, поинаку дефинирани**

**b1529** **Емоционални функции, недефинирани**

**b156** **Функции на перцепција**
Специфични ментални фуннкции за препознавање и толкување на сетилни дразби.

*Вклучува функции на аудитивна, визуелна, мирисна, тактилна и визуелнопросторна перцепција, перцепција на вкус, како што е халуцијација или илузија*

*Не вклучува: функции на свест (b110), функции на ориентација (b114), функции на внимание (b140), функции на меморија (b144), ментални функции на јазик (b167), гледање и сродни функции (b210-b229), слушање и вестибуларни функции (b230-b249), други сетилни функции (b250-b279)*

**b1560** **Аудитивна перцепција**
Ментални функции вклучени во разликување на звуци, тонови,висина на тон и други звучни дразби

**b1561** **Визуелна перцепција**
Ментални функции вклучени во разликување на форма, големина, боја и други дразби на видот

**b1562** **Перцепција на мирис**
Ментални функции вклучени во разликување мириси

**b1563** **Перцепција на вкус**
Ментални функции вклучени во разликување на вкусови, како што се слатко, кисело, солено и горчливо со помош на јазикот

**b1564 Перцепција на допир**
Ментални функции вклучени во разликување на текстура, како што се груба или мазна текстура преку допир

**b1565 Визуелнопросторна перцепција**
Ментална функција за разликување на релативната положба на предметите во опкружувањето или во однос на себе со помош на видот

**b1568 Функции на перцепција, поинаку дефинирани**

**b1569 Функции на перцепција, недефинирани**

**b160 Мисловни функции**
Специфични ментални функции кои се однесуваат на идејната компонента на умот.

*Вклучува: функции на брзина, форма, контрола и содржина на мислата; мисловни функции насочени кон одредена цел; мисловни функции кои не се насочени кон одредена цел; функција на логично мислење, како што се притисок на мислите, изобилство на идеи, блокирање на мислите, некохерентност на мислите,тангенцијалност на мислите, патолошка опширност (circumstantiality), налудничавост, опсесивност/присилни мисли и компулсивни дејства*

*Не вклучува: интелектуални функции (b117); мемориски функции (b144); психомоторни функции (b147); перцептивни функции (b156); когнитивни функции од повисок ред (b164); ментални функции на јазик (b167); функции на сметање (b172)*

**b1600 Брзина на мисла**
Ментални функции кои управуваат со брзината на мисловниот процес

**b1601 Форма на мисла**
Ментални функции кои го организираат мисловниот процес во однос на неговата кохерентност и логичност
*Вклучува: нарушувања како што се персеверација на идеи, тангенцијалност на мислите и патолошка опширност*

**b1602 Содржина на мисла**
Ментални функции кои се состојат од идеи кои се присутни во процесот на мислење и она што се концептуализира (замислува)
*Вклучува: нарушувања како што се налудничави идеи, преценети идеи и соматизација*

**b1603 Контрола на мислите**
Ментални функции кои обезбедуваат волева контрола на мислењето кои лицето ги препознава како такви
*Вклучува: нарушувања со руминација (прецвакување на идеи), опсесивни идеи, пренос на идеи и вметнување на идеи*

**b1608 Мисловни функции, поинаку дефинирани**

**b1609 Мисловни функции, недефинирани**

**b164 Когнитивни функции од повисок степен**
Специфични ментални функции кои се особено зависни од фронталниот лобус на мозокот, вклучувајќи комплексно однесување насочено кон некоја цел како што е носење одлука, апстрактно размислување, планирање и спроведување планови, ментална флексибилност, и одлучување за соодветноста на однесувањето во дадени околности; кои често се нарекуваат екзекутивни функции

*Вклучува: функции на айсшракција и орīанизирање на идеи; орīанизирање во време, увид и йросудување; формирање на йоим, кашеīоризација и коīнишивна флексибилносш*

*Не вклучува: функции на меморија (b144), мисловни функции (b160), меншални функции на јазик (b167), функции за смешање (b172)*

**b1640 Апстрактно мислење**
Ментални функции за креирање општи идеи, квалитети или карактеристики кои произлегуваат или се разликуваат од конкретна реалност, конкретни предмети или актуелни случувања.

**b1641 Организација и планирање**
Ментални функции за координирање на деловите во една целина, систематизација; ментална функција која е вклучена во развивање на метод за изведба или дејствување.

**b1642 Управување со време**
Ментална функција за подредување на настаните по хронолошки редослед, распоредување на количина на време за настани и активности.

**b1643 Когнитивна флексибилност**
Ментални функции за промена на стратеги или менување на ментален склоп, особено при вклученост за решавање на проблем

**b1644 Увид**
Ментални функции за свесност и разбирање на себеси и своето однесување

**b1645 Оценка**
Ментални функции вклучени во разликување и оценување на разни опции, како што се оние вклучени при формирање на мислење

**b1646 Решавање проблем**
Ментални функции за идентификување, анализирање и интегрирање на информации кои не се совпаѓаат или се спротивставени, во едно решение

**b1648 Когнитивни функции од повисок степен, поинаку дефинирани**

**b1649 Когнитивни функции, недефинирани**

**b167** **Ментални функции на јазик**
Специфични ментални функции за препознавање и употреба на знаци, симболи и други компоненти на јазикот

*Вклучува: функции на разбирање и откривање на говорен, пишан јазик или други форми на јазик какви што се знаковен јазик; функции на изразен говорен, пишан јазик или други форми на јазик; интегративни јазични функции, говорни или пишани, какви што се оние вклучени при рецептивни или експресивни нарушувања на јазикот како при афазијата на Брока, Вернике или кондуктивна афазија*

*Не вклучува: функции на внимание (b140); функции на меморија (b144); функции на перцепција (b156); мисловни функции (b160); когнитивни функции од повисок степен (b164); функции на сметање (b172); ментални функции на комплексни движења (b176); Поглавје 2 Сензорни функции и болка; Поглавје 3 Функции на говор и глас*

**b1670** **Разбирање на јазик**
Специфични ментални функции на дешифрирање пораки во говорна, пишана или друга форма, како што е знаковен јазик, за да се разбере нивното значење

**b16700** **Разбирање на говорен јазик**
Ментални функции за дешифрирање на говорни пораки за да се разбере значењето

**b16701** **Разбирање на пишан јазик**
Ментални функции за дешифрирање на пишани пораки за да се разбере значењето

**b16702** **Разбирање на знаковен јазик**
Ментални функции за дешифрирање пораки на јазици кои користат знаци со рацете и други движења за да се разбере значењето

**b16708** **Разбирање на јазик, поинаку дефинирано**

**b16709** **Разбирање на јазик, недефинирано**

**b1671** **Изразување на јазик**
Специфични ментални функции кои се неопходни за креирање разбирливи пораки во говорна, пишана, знаковна или друга форма на јазик

**b16710** **Изразување на говорен јазик**
Ментални функции кои се неопходни за креирање разбирливи говорни пораки

**b16711** **Изразување на пишан јазик**
Ментални функции кои се неопходни за креирање на разбирливи пишани пораки

**b16712** **Изразување на знаковен јазик**
Ментални функции кои се неопходни за креирање пораки на јазици кои користат знаци со раце или други движења

**b16718 Изразување на јазик, поинаку дефинирано**

**b16719 Изразување на јазик, недефинирано**

**b1672 Интегративни функции на јазикот**
Ментални функции кои ги организираат семантичкото и симболичното значење, граматичката структура и идеите за да се креираат пораки во говорна, пишана или друга форма на јазик

**b1678 Ментални функции на јазик, поинаку дефинирани**

**b1679 Ментални функции на јазик, недефинирани**

**b172 Функции на сметање**
Специфични ментални функции за одредување, апроксимација (одредување на приближна вредност) и ракување со математички симболи и процеси

*Вклучува: функции на собирање, одземање и други едноставни математички операции; функции на комплексни математички операции*

*Не вклучува: функции на внимание (b140), функции на меморија (b144), мисловни функции (b160), когнитивни функции од повисок степен (b164), ментални функции на јазик (b167)*

**b1720 Едноставно сметање**
Ментални функции за сметање со бројки, како што се собирање, одземање, множење и делење.

**b1721 Комплексно сметање**
Ментални функции за преточување на проблеми зададени со зборови во аритметички постапки, преточување на математички формули во аритметички постапки и други комплексни операции кои вклучуваат бројки.

**b1728 Функции на сметање, поинаку дефинирани**

**b1729 Функции на сметање, недефинирани**

**b176 Ментални функции за редослед на комплексни движења**
Специфични ментални функции за редослед и координација на комплексни и намерни движења

*Вклучува: нарушувања какви што се идеациска апраксија (неможност за ментално создавање идеи за движењата), идеомоторна апраксија (неможност за создавање идеи за движењата и спроведување на движењата), облекување, окуломоторна и говорна апраксија*

*Не вклучува: психомоторни функции (b147), когнитивни функции од повисок степен (b164), Поглавје 7 Невромускулоскелетни функции и функции поврзани со движењето*

**b180 Доживување на себеси и времето**
Специфични ментални функции кои се однесуваат на свесноста за сопствениот идентитет, сопственото тело, положбата во реалноста на своето опкружување и времето

*Вклучува: Функции на доживување на себеси, телесната слика и времето*

**b1800 Доживување на себеси**
Специфични ментални функции на свесноста за сопствениот идентитет и положба во реалното опкружување
*Вклучува: оштетувања како што се деперсонализација и дереализација*

**b1801 Телесна слика**
Специфични ментални функции кои се однесуваат на претставата и свесноста за своето тело
*Вклучува: Нарушувања какви што се фантомски екстремитети и доживување на преголема дебелина или преголема слабост*

**b1802 Доживување на времето**
Специфични ментални функции за субјективно доживување кои се однесуваат на должината и течењето на времето
*Вклучува: нарушувања какви што се jamais vu (никогаш видено) и déjà vu (веќе видено)*

**b1808 Доживување на себеси и функции на времето, поинаку дефинирани**

**b1809 Доживување на себеси и функции на времето, недефинирани**

**b189 Специфични ментални функции, поинаку дефинирани и недефинирани**

**b198 Ментални функции, поинаку дефинирани**

**b199 Ментални функции, недефинирани**

# Поглавје 2

# Сетилни функции и болка

Ова поглавје е за функциите на сетилата, видот, слухот, вкусот и т.н. како и чувството на болка.

## Гледање и сродни функции (b210-b229)

**b210 Функции на гледање**
Сетилни функции кои се однесуваат на восприемање на присуство на светлина и восприемање на форма, големина, облик и боја на визуелни дразби

*Вклучува: функции на острина на видот; функции на видно поле; квалитет на видот; функции на восприемање на светлина и боја, острина на видот при гледање близу и далеку, монокуларен и бинокуларен вид; квалитет на визуелни слики; нарушувања какви што се миопија (кратковидост), хиперметропија (далекувидост), астигматизам, хемианопсија, слепило за бои, тунелски вид, централни и периферни скотоми (слепи точки), диплопии (двојни слики), ноќно слепило и нарушено прилагодување кон светлина*

*Не вклучува: функции на перцепција (b156)*

**b2100 Функции на острина на вид**
Функции на гледање кои се однесуваат на чувството за форма и контура, како за монокуларен и бинокуларен вид, и за далековидост и кратковидост

**b21000 Бинокуларна острина на гледање на далеку**
Функции на гледање кои се однесуваат на чувството за големина, форма и контура, користејќи ги двете очи, за предмети оддалечени од окото.

**b21001 Монокуларна острина на гледање на далеку**
Функции на гледање кои се однесуваат на чувството за големина, форма и контура, користејќи го само левото или десното око, за предмети оддалечени од окото

**b21002 Бинокуларна острина на гледање близу**
Функции на гледање кои се однесуваат на чувството за големина, форма и контура, користејќи го или само десното или левото око, за предмети кои се блиску до окото.

**b21003 Монокуларна острина на гледање близу**
Функции на гледање кои се однесуваат на чувството за големина, форма и контура, користејќи го само десното или левото око, за предмети кои се блиску до окото.

**b21008 Функции на острина на вид, поинаку дефинирани**

**b21009 Функции на острина на вид, недефинирани**

**b2101 Функции на видно поле**
Функции на гледање кои се однесуваат на целото поле што може да се види со фиксиран поглед.
*Вклучува: оштетувања како што се скотом, тунелски вид, анопија*

**b2102 Квалитет на вид**
Функции на гледање кои вклучуваат осетливост на светлина, воочување бои, осетливост на контрасти и севкупен квалитет на видот.

**b21020 Осетливост на светлина**
Функции на гледањето за восприемање на минимална количина светлина (минимално светло), и минимална разлика во интензитетот (разлика во јачината)
*Вклучува: функции на прилагодување на темница; оштетувања како што се ноќно слепило (хипосензитивност на светлина) и фотофобија (хиперсензитивност на светлина).*

**b21021 Восприемање бои**
Функции на гледање за разликување и сложување на бои

**b21022 Осетливост на контрасти**
Функции на гледање за да се оддели предметот од позадината, вклучувајќи минимално потребно осветлување.

**b21023 Визуелен квалитет на сликата**
Функции на гледање кои се однесуваат на квалитетот на сликата.
*Вклучува: оштетувања како што се гледање на расурснати зраци, оштетувања на квалитетот на сликата (лебдечка или мрежеста слика), дисторзија на слика и гледање звезди или блесоци*

**b21028 Квалитет на вид, поинаку дефиниран**

**b21029 Квалитет на вид, недефиниран**

**b2108 Функции на гледање, поинаку дефинирани**

**b2109 Функции на гледање, недефинирани**

**b215 Функции на придружни структури на окото**
Функции на структури во и околу окото кои ги олеснуваат функциите на гледање.
*Вклучува: функции на внатрешните мускули на окото, очниот капак, надворешните мускули на окото, вклучувајќи ги волевите движења и движењата на следење и фиксација на окото, солзните жлезди, акомодацијата, рефлексот на зеницата; нарушувања какви што се нистагмус, ксерофталмија и птоза*

*Не вклучува: функции на гледање (b210), Поглавје 7 Невромускулноскелетни функции и функции поврзани со движењето*

**b2150 Функции на внатрешните мускули на окото**
Функции на мускуките внатре во окото, како што е шареницата која го прилагодува обликот и големината на зеницата и очната леќа.

*Вклучува: функции на прилагодување, рефлекс на зеницата*

**b2151 Функции на очниот капак**
Функции на очниот капак, како што е заштитниот рефлекс

**b2152 Функции на надворешните мускули на окото**
Функции на мускулите кои се користат за гледање во разни насоки, за следење на предметот додека се движи низ видното поле, за создавање на сакадни (брзи истовремени движења со двете очи) движења на окото за да се опфати метата која се движи, и да се фиксира окото.

*Вклучува: нистагмус, координација на двете очи*

**b2153 Функции на солзните жлезди**
Функции на солзните жлезди и канали

**b2158 Функции на придружни структури на окото, поинаку дефинирани**

**b2159 Функции на придружни структури на окото, недефинирани**

**b220 Сетилни осети поврзани со окото и структури околу окото**
Чувство на умор, суво око, чешање на окото и сродни чувства.

*Вклучува: чувство на притисок зад окото, чувство на страно тело во окото, умор во окото, жарење во окото; иритираност на окото*

*Не вклучува: чувство на болка (b280)*

**b229 Гледање и сродни функции, поинаку дефинирани и недефинирани**

## Слушање и вестибуларни функции (b230-b249)

**b230 Функции на слушање**
Сетилни функции кои се однесуваат на восприемање на присуство на звуци и распознавање на локацијата, висината, гласноста и квалитетот на звуците.

*Вклучува: функции на слухот, распознавање на звуци, одредување на локацијата на изворот на звукот, латерализација на звук, распознавање на говор; оштетувања како што се глувост, наглувост и губење на слухот*

*Не вклучува: функции на перцепција (b156) и ментални функции на јазик (b167)*

**b2300 Воочување на звук**
Сетилни функции кои се однесуваат на восприемање на присуство на звуци.

**b2301 Распознавање на звуци**
Сетилни функции кои се однесуваат на восприемање на присуство на звуци, вклучително и разликување на основниот звук и синтеза на звукот со двете уши, раздвојување и мешање на звуците.

**b2302 Одредување локација на изворот на звукот**
Сетилни функции за одредување на локацијата на изворот на звук.

**b2303 Латерализација на звукот**
Сетилни функции за одредување дали звукот доаѓа од десната или левата страна

**b2304 Распознавање на говор**
Сетилни функции за одредување на говорен јазик и негово разликување од други звуци

**b2308 Функции на слушање, поинаку дефинирани**

**b2309 Функции на слушање, недефинирани**

**b235 Вестибуларни функции**
Сетилни функции на внатрешното уво поврзани со положбата, рамнотежата на телото и движењето

*Вклучува: функции за положба и чувство за положбата; функции за рамнотежа на телото и движењето*

*Не вклучува: сетилни доживувања поврзани со слушањето и вестибуларните функции (b240)*

**b2350 Вестибуларна функција за положбата**
Сетилни функции на внатрешното уво за одредување на положбата на телото

**b2351 Вестибуларна функција за рамнотежа**
Сетилни функции на внатрешното уво за одредување на рамнотежата на телото

**b2352 Вестибуларна функциа за одредување на движењето**
Сетилни функции на внатрешното уво за одредување на движењето на телото, вклучувајќи ја насоката и брзината на движење

**b2358 Вестибуларни функции, поинаку дефинирани**

**b2359 Вестибуларни функции, недефинирани**

**b240 Сетилни осети поврзани со слушањето и вестибуларните функции**
Чувство на зашеметеност, паѓање, ѕвонење во ушите, вртоглавица

*Вклучува: чувство на ѕвонење во ушите, иритација на увото, притисок во ушите, мачнина поврзана со зашеметеност или вртоглавица*

*Не вклучува: вестибуларни функции (b235); чувство на болка (b280)*

**b2400 Ѕвонење во ушите или тинитус**
Чувство на нискотонско шушкање, пиштење или ѕвонење во ушите

**b2401 Зашеметеност**
Чувство на движење кое вклучува чувство на движење на себеси или на опкружувањето; чувство на вртење, нишање или навалување.

**b2402 Чувство на паѓање**
Чувство на губење на тлото под нозете и паѓање

**b2403 Мачнина поврзана со зашеметеност или вртоглавица**
Чувство на потреба за повраќање поради зашеметеност или вртоглавица

**b2404 Иритација во увото**
Чувство на чешање или друго слично чувствување во увото

**b2405 Притисок во ушите**
Чувство на притисок во ушите

**b2408 Сетилни доживувања поврзани со слушањето и вестибуларните функции, поинаку дефинирани**

**b2409 Сетилни доживувања поврзани со слушањето и вестибуларните функции, недефинирани**

**b249 Слушање и вестибуларни функции, други дефинирани и недефинирани**

## *Други сетилни функции (b250b279)*

**b250 Функции на вкус**
Сетилни функции за чувство на горчливо, слатко, кисело и солено
*Вклучува: функции на вкус; оштетувања како што се губење на вкус (агеузија) и намален осет за вкус (хипогеузија)*

**b255 Функции на мирис**
Сетилни функции за осет на мирис и смрад

*Вклучува: олфакторни функции; оштетувања како што се губење на осет за мирис (аносмија) и намален осет за мирис (хипосмија)*

**b260 Проприоцептивни функции**
Сетилни функции за чувство за релативната положба на одредени делови на телото

*Не вклучува: вестибуларни функции (b235); сетилни доживувања поврзани со функциите на мускулите и движењето (b780)*

**b265 Функција на допир**
Сетилни функции за добивање осет за површината и нејзината текстура или квалитет

*Вклучува: функции на допир, чувство на допир; нарушувања какви што се отапување, анестезија, трпнење, парестезија и хиперестезија*

*Не вклучува: сетилни функции за температура и други дразби (b270)*

**b270 Сетилни функции поврзани со температура и други дразби**
Сетилни функции за чувство за температура, вибрации, притисок и опасни дразби

*Вклучува: функции за чувство за температура, вибрација, тресење или осцилации, површински притисок, длабок притисок, чувство на вжареност или опасни дразби*

*Не вклучува: функции на допир (b265); чувство на болка (b280)*

**b2700 Осетливост на температура**
Сетилни функции за чувство за студено и топло.

**b2701 Осетливост на вибрации**
Сетилни функции за чувство на тресење и осцилации.

**b2702 Осетливост на притисок**
Сетилни функции за чувство на притисок во контакт со или на кожата.
*Вклучува: функции на допир, чувство на допир; нарушувања какви што се отапување, анестезија, парестезија, хиперестезија и трпнење*

**b2703 Осетливост на опасни дразби**
Сетилни функции за чувство на болка или нелагодност.
*Вклучува: оштетувања како што се хипалгезија, хиперпатија, алодинија, аналгезија и анестезија долороса*

**b2708 Сетилни функции поврзани со температура и други дразби, поинаку дефинирани**

**b2709 Сетилни функции поврзани со температура и други дразби, недефинирани**

**b279 Други сетилни функции, поинаку дефинирани и недефинирани**

## *Болка (b280-b289)*

**b280 Чувство на болка**
Доживување на непријатно чувство кое укажува на потецијално или постоечко оштетување на некој дел од телото.

*Вклучува: чувство на општа или локализирана болка во еден или повеќе делови од телото, болка во дерматомот, болка со чувство на бодежи, болка од вжареност, тапа болка, непрекината болка; оштетувања како што се миалгија, аналгезија и хипералгезија*

**b2800 Општа болка**
Доживување на непријатно чувство кое укажува на потенцијално или постоечко оштетување на одредени телесни структури кое се чувствува насекаде или по целото тело

**b2801 Болка во дел од телото**
Доживување на непријатно чувство кое укажува на потенцијално или постоечко оштетување на одредени телесни структури кое се чувствува во одреден дел или делови на телото

**b28010 Болка во главата и вратот**
Доживување на непријатно чувство кое укажува на потенцијално оштетување на некоја телесна структура, кое се чувствува во главата и вратот

**b28011 Градна болка**
Доживување на непријатно чувство кое укажува на потенцијално или постоечко оштетување во одредена телесна структура, кое се чувствува во градите

**b28012 Желудочна или абдоминална болка**
Доживување на непријатно чувство кое укажува на потенцијално или постоечко оштетување во одредена телесна структура, кое се чувствува во желудникот или абдоменот

*Вклучува: болка во карличниот регион*

**b28013 Болки во грбот**
Доживување на непријатно чувство кое укажува на потенцијално или постоечко оштетување во одредена телесна структура, кое се чувствува во грбот

*Вклучува: болка во трупот;болка во долниот дел на грбот*

**b28014 Болка во горните екстремитети**
Доживување на непријатно чувство кое укажува на потенцијално или постоечко оштетување во одредена телесна структура, кое се чувствува во едниот или двата горни екстремитети, вклучувајќи ги дланките.

**b28015 Болка во долните екстремитети**
Доживување на непријатно чувство кое укажува на потенцијално или постоечко оштетување во одредена телесна структура, кое се чувствува во едниот или двата долни екстремитети, вклучувајќи ги стапалата.

**b28016 Болка во зглобовите**
Доживување на непријатно чувство кое укажува на потенцијално или постоечко оштетување во одредена телесна структура, кое се чувствува во еден или повеќе зглобови, вклучувајќи ги малите и големите зглобови.

*Вклучува: болка во колкот; болка во рамото*

**b28018 Болка во дел на телото, поинаку дефинирано**

**b28019 Болка во дел на телото, недефинирано**

**b2802 Болка во повеќе делови на телото**
Доживување на непријатно чувство кое укажува на потенцијално или постоечко оштетување во одредена телесна структура, лоцирано во неколку делови од телото.

**b2803 Зрачење на болка во дерматомот**
Доживување на непријатно чувство кое укажува на потенцијално или постоечко оштетување во одредена телесна структура, лоцирано во делови од кожата каде инервацијата е од ист корен на нервот.

**b2804 Зрачење на болка во одреден дел или регион**
Доживување на непријатно чувство кое укажува на потенцијално или постоечко оштетување во одредена телесна структура, лоцирано во делови од кожата во различни делови на телото каде инервацијата не е од ист корен на нервот.

**b289 Чувство на болка, поинаку дефинирано и недефинирано**

**b298 Сетилни функции и болка, поинаку дефинирани**

**b299 Сетилни функции и болка, недефинирани**

## Поглавје 3

# Функции на глас и говор

Ова поглавје се однесува на функции на продукција на гласови и говор.

**b310 Функции на гласот**
Функции за создавање на разни звуци кога воздухот минува низ ларинксот.

*Вклучува: функции за создавање и квалитет на глас; функции на фонација, висина на гласот, гласност и други квалитети на гласот; оштетувања како што се афонија, дисфонија, засипнатост, хиперназалитет и хипоназалитет*

*Не вклучува: ментални функции на јазик (b167); функции на артикулација (b320)*

**b3100 Создавање на глас**
Функции за создавање на глас преку координација на ларинксот и околните мускули со респираторниот систем

*Вклучува: функции на фонација, гласност; оштетување како што е афонија*

**b3101 Квалитет на глас**
Функции за создавање на карактеристиките на гласот, вклучувајќи висина, звучност и други карактеристики

*Вклучува: функции на висок или длабок глас; оштетувања како што се хиперназалност, хипоназалност, дисфонија, зарипнатост или рапавост*

**b3108 Функции на глас, поинаку дефинирани**

**b3109 Функции на глас, недефинирани**

**b320 Функции на артикулација**
Функции за создавање на говорни гласови.

*Вклучува: функции на изговорање, артикулација на фонеми; спастична, атаксична, флакцидна дисартрија; анартрија*

*Не вклучува: ментални функции на јазик (b167); функции на глас (b310)*

**b330 Функции на течност и ритам на говорот**
Функции за создавање на текот и темпото на говорот.

*Вклучува: функции на течност, ритам, брзина и мелодичност на говорот; прозодија (метрика) и интонација; оштетувања како што се пелтечење, тепттавење, спојување слогови, брадилалија (бавно зборување) и тахилалија (брзо зборување)*

*Не вклучува: ментални функции на јазик (б167), функции на глас (б310), функции на артикулација (б320)*

**b3300 Течност на говорот**
Функции за создавање на непречен, непрекинат тек на говорот
*Вклучува; функции на непречено поврзување на говорот; оштетувања како што се пелтечење, тетгавење, спојување слогови, пореметување на течноста на говорот, повторување на звуци, зборови или делови од зборови и нередовни прекини во говорот*

**b3301 Ритам на говор**
Функции за прилагодување на брзината и обрасците за нагласување во говорот.
*Вклучува: оштетувања како што се стереотипен или повторлив ритам на говор*

**b3302 Брзина на говор**
Функции за брзината со која се создава говорот.
*Вклучува: оштетувања како што се брадилалија и тахилалија*

**b3303 Мелодичност на говорот**
Функции за прилагодување на обрасците на висината на гласот при говорењето
*Вклучува: прозодија на говорот, интонација, мелодичност на говорот; оштетувања како што се монотон говор*

**b3308 Функции на течност и ритам на говорот, поинаку дефинирани**

**b3309 Функции на течност и ритам на говорот, недефинирани**

**b340 Функции на алтернативна вокализација**
Функции за создавање на други начини на вокализација
*Вклучува: функции за создавање на тон и низа на звуци, како што е при пеење, ритмично потпевнување, брборење и мумлање; гласно плачење и врштење*
*Не вклучува: ментални функции на јазик (b167); функции на глас (b310); функции на артикулација (b320); функции на течност и ритам на говор (b330)*

**b3400 Создавање тон**
Функции за создавање на музички вокални гласови
*Вклучува: одржување, прилагодување и прекинување на поединечни или поврзани вокализации со варијации во висината на гласот, како што е при пеење, мумлање и потпевнување.*

**b3401 Создавање на низа гласови**
Функции за создавање на низа разни вокализации
*Вклучува: функции на брборење кај децата*

**b3408 Функции на алтернативна вокализација, поинаку дефинирани**

**b3409 Функции на алтернативна вокализација, недефинирани**

**b398 Функции на глас и говор, поинаку дефинирани**

**b399 Функции на глас и говор, недефинирани**

## Поглавје 4

# Функции на кардиоваскуларниот, хематолошкиот, имунолошкиот и респираторниот систем

Ова поглавје се однесува на функциите на кардиоваскуларниот систем (функции на срце и крвни садови), хематолошкиот и имунолошкиот систем (функции на содавање крв и имунитет) и респираторниот систем (функции на респирација и издржливост на физичка активност)

### *Функции на кардиоваскуларниот систем (b410-429)*

**b410 Срцеви функции**
Функции за пумпање на крв со соодветна и потребна количина и притисок низ телото

*Вклучува: функции на срцеви отчукувања (пулс), ритам и минутен волумен, сила за контракција на вентрикуларните мускули; функции на срцеви залистоци, пумпање крв низ пулмонарниот крвоток, динамика на циркулација кон срцето, оштетувања како што се тахикардија, брадикардија и неправилни срцеви отчукувања како кај срцева слабост, кардиомиопатија, миокардит и коронарна инсуфициенција.*

*Не вклучува: функции на крвни садови (b415); функции на крвен притисок (b420); функции за издржливост на физичка активност (b455)*

**b4100 Срцеви отчукувања, Пулс**
Функции кои се однесуваат на бројот на срцеви контракции во една минута.
*Вклучува: оштетувања како што се забрзани срцеви отчукувања (тахикардија) и многу бавни срцеви отчукувања (брадикардија)*

**b4101 Срцев ритам**
Функции кои се однесуваат на регуларноста на срцевите отчукувања.
*Вклучува: оштетувања како што е аритмија*

**b4102 Сила за контракција на вентрикуларните мускули**
Функции кои се однесуваат на количината на крв која вентрикуларните мускули ја испумпуваат при секое срцево отчукување
*Вклучува: оштетувања како што се намален минутен волумен*

**b4103 Снабдување на срцето со крв**
Функции кои се однесуваат на количината на крв достапна на срцевиот мускул
*Вклучува: оштетувања како што е коронарна исхемија*

**b4108 Срцеви функции, поинаку дефинирани**

**b4109 Срцеви функции, недефинирани**

**b415** **Функции на крвни садови**
Функција за движење на крвта низ целото тело.

*Вклучува: функции на артерии, капилари и вени; вазомоторни функции, функции на пулмонарни артерии, капилари и вени; функции на венски залистоци; оштетувања како што се блокада и стеснување на артериите; атеросклероза, артериосклероза, тромбоемболија и проширени вени*

*Не вклучува: срцеви функции (b410), функции на крвен притисок (b420), функции на хематолошкиот систем (b430), функции за издржливост на физичка активност (b455)*

**b4150 Функции на артерии**
Функции кои се однесуваат на протокот на крв во артериите

*Вклучува: оштетувања како што се артериска дилатација (ширење на артериите), стеснување на артериите како што е при интермитентна клаудикација*

**b4151 Функции на капилари**
Функции кои се однесуваат на протокот на крв низ капиларите

**b4152 Функции на вени**
Функции кои се однесуваат на протокот на крв во вените, и функции на венските залистоци

*Вклучува: оштетувања како што се венска дилатација (ширење на вените), стеснување на вени, недоволно затворање на залистоците како кај проширени вени*

**b4158 Функции на крвни садови, поинаку дефинирани**

**b4159 Функции на крвни садови, недефинирани**

**b420** **Функции на крвен притисок**
Функции за одржување на притисокот на крвта во артериите.
*Вклучува: функции за одржување на крвниот притисок; зголемен и намален крвен притисок; оштетувања како што се хипотензија, хипертензија и постуларна хипотензија*

*Не вклучува: срцеви функции (b410), функции на крвни садови (b415), функции на издржливост на физичка активност (b455)*

**b4200 Зголемен крвен притисок**
Функции кои се однесуваат на зголемен систоличен или дијастоличен крвен притисок над нормалната вредност за дадена возраст

**b4201 Намален крвен притисок**
Функции кои се однесуваат на паѓање на систоличниот или дијастоличниот крвен притисок под нормалната вредност за дадена возраст

**b4202 Одржување на крвниот притисок**
Функции поврзани со одржување на соодветен крвен притисок како одговор на промените во телото

**b4208 Функции на крвен притисок, поинаку дефинирани**

**b4209 Функции на крвен притисок, недефинирани**

**b429 Функции на кардиоваскуларен систем, поинаку дефинирани и недефинирани**

## *Функции на хематолошкиот и имунолошкиот систем (b430-b439)*

**b430 Функции на хематолошкиот систем**

Функции за создавање крв, пренесување кислород и метаболити и згрутчување на крвта

*Вклучува: создавање на крв и коскена срж; функции на крвта за пренесување кислород; функции на слезинката поврзани со крвта; функции на крвта за пренесување метаболити; згрутчување на крвта; нарушувања како што се анемија, хемофилија и други нарушени функции на згрутчувањето на крвта*

*Не вклучува: функции на кардиоваскуларниот систем (b410-b429), функции на имунолошкиот систем (b435), функции за издржливост на физичка активност (b455)*

**b4300 Создавање крв**

Функции кои се однесуваат на создавање крв и сите нејзини составни делови.

**b4301 Функции на крвта за пренесување кислород**

Функции кои се однесуваат на капацитетот на крвта да пренесува кислород низ телото

**b4302 Функции на крвта за пренесување метаболити**

Функции кои се однесуваат на капацитетот на крвта за пренесување метаболити низ телото

**b4303 Функции за згрутчување на крвта**

Функции кои се однесуваат на коагулација или згрутчување на крвта, како што е на местото на повреда.

**b4308 Функции на хематолошкиот систем, поинаку дефинирани**

**b4309 Функции на хематолошкиот систем, недефинирани**

**b435** **Функции на имунолошкиот систем**
Функции на телото кои се однесуваат на заштита од надворешни материи, вклучувајќи и инфекции, по пат на специфична и неспецифична имунолошка реакција

*Вклучува: имунолошка реакција (специфична и неспецифична); реакција на преосетливост; функции на лимфните садови и јазли; функции на клеточен имунитет, хуморален имунитет; реакција на имунизација; оштетувања како што се автоимунитет, алергиски реакции, лимфоденитис и лимфедем*

*Не вклучува: функции на хематолошкиот систем (b430)*

**b4350** **Имунолошка реакција**
Функции за реакција на телото при осетливост на надворешни материи, вклучувајќи инфекции

**b43500** **Специфична имунолошка реакција**
Функции на реакција на телото при осетливост на специфични надворешни материи

**b43501** **Неспецифична имунолошка реакција**
Функции за општа реакција на телото на осетливост на надворешни материи, вклучувајќи инфекции

**b43508** **Имунолошка реакција, поинаку дефинирана**

**b43509** **Имунолошка реакција, недефинирана**

**b4351** **Реакција на преосетливост**
Функции за реакција на телото при зголемена осетливост на надворешни материи, како што е осетливост на различни антигени

*Вклучува: оштетувања како што се преосетливост или алергии*

*Не вклучува: толеранција на храна (b5153)*

**b4352** **Функции на лимфните садови**
Функции кои се однесуваат на садовите за пренос на лимфа.

**b4353** **Функции на лимфни јазли**
Функции кои се однесуваат на жлездите долж текот на лимфните садови

**b4358** **Функции на имунолошкиот систем, поинаку дефинирани**

**b4359** **Функции на имунолошкиот систем, недефинирани**

**b439** **Функции на хематолошкиот и имунолошкиот систем, поинаку дефинирани и недефинирани**

## *Функции на респираторниот систем (b440-b449)*

**b440 Респираторни функции**
Функции на вдишување воздух во белите дробови, размена на гасови помеѓу воздухот и крвта, и издишување на воздух

*Вклучува: функции на брзина, ритам и длабочина на дишење; оштетувања како што се апнеа, хипервентилација, неправилна респирација, парадоксална респирација и бронхоспазам, и како кај белодробна емфизема*

*Не вклучува: функции на респираторни мускули (b455), други респираторни функции (b450), функции за издржливост на физичка активност (b455)*

**b4400 Респираторна стапка**
Функции кои се однесуваат на бројот на вдишувања во една минута
*Вклучува: оштетувања како што се пребрзо дишење (тахипнеа) или пребавно дишење (брадипнеа)*

**b4401 Ритам на дишење**
Функции кои се однесуваат на периодично и правилно дишење
*Вклучува: оштетувања како што се неправилно дишење*

**b4402 Длабочина на дишење**
Функции кои се однесуваат на волуменот на ширење на белите дробови при дишење
*Вклучува: оштетувања како што се површно или плитко дишење*

**b4408 Респираторни функции, поинаку дефинирани**

**b4409 Респираторни фунции, недефинирани**

**b445 Функции на респираторни мускули**
Функции на мускулите кои се вклучени во дишењето

*Вклучува: функции на торакални респираторни мускули; функции на дијафрагма; функции на помошни респираторни мускули*

*Не вклучува: респираторни функции (b440), други респираторни функции (b450), функции за издржливост на физичка активност (B455)*

**b4450 Функции на торакални респираторни мускули**
Функции на торакални мускули вклучени во дишењето

**b4451 Функции на дијафрагма**
Функции на дијаграфмата вклучени во дишењето

**b4452 Функции на помошни респираторни мускули**
Функции на помошни респираторни мускули во дишењето

**b4458 Функции на респираторните мускули, поинаку дефинирани**

**b4459 Функции на респираторните мускули, недефинирани**

**b449 Функции на респираторниот систем, поинаку дефинирани и недефинирани**

## *Други функции и сетилни доживувања на кардиоваскуларниот и респираторниот систем (b450-b469)*

**b450 Други респираторни функции**
Други функции поврзани со дишењето, како што се кашлање, кивање и зевање

*Вклучува: функции на дување, свирење и дишење на уста*

**b455 Функции за издржливост на физичка активност**
Функции кои се поврзани со респираторниот и кардиоваскуларниот капацитет кој е потребен за издржување на физички напор

*Вклучува:функции за физичка издржливост, аеробен капацитет, кондиција или виталност и замореност*

*Не вклучува: функции на кардиоваскуларен систем (b410-b429), функции на хематолошки систем (b430), респираторни функции (b440), функции на респираторни мускули (b445),други респираторни функции (b450)*

**b4550 Општа физичка издржливост**
Функции кои се однесуваат на општото ниво на издржливост на физичка активност или виталност

**b4551 Аеробен капацитет**
Функции поврзани со степенот до кој лицето може да вежба без да остане без здив

**b4552 Склоност кон заморување**
Функции поврзани со подложноста кон заморување при било каков напор

**b4558 Функции за издржливост на физичка активност, поинаку дефинирани**

**b4559 Функции за издржливост на физичка активност, недефинирани**

**b460 Сетилни доживувања поврзани со кардиоваскуларните и респираторните функции**
Сетилни доживувања како што се прескокнато срцево отчукување, палпитација и губење здив

*Вклучува: чувство на стегање во градите, чувство на неправилно срцево отчукување, диспнеа, недостаток на воздух, задушување, задавување и отежнато дишење.*

*Не вклучува: чувство на болка (b280)*

**b469 Други функции и сетилни доживувања на кардиоваскуларниот и респираторниот систем, поинаку дефинирани и недефинирани**

**b498 Функции на кардиоваскуларниот, хематолошкиот, имунолошкиот и респираторниот систем, поинаку дефинирани**

**b499 Функции на кардиоваскуларниот, хематолошкиот, имунолошкиот и респираторниот систем, недефинирани**

## Поглавје 5

# Функции на дигестивен, метаболен и ендокрин систем

### Функции поврзани со дигестивниот систем (b510-b539)

**b510 Функции на внесување храна**
Функции кои се однесуваат на внесување и постапување со цврста храна или течности преку устата во телото

*Вклучува: функции на цицање, џвакање и ѓризење, маниӣулирање со хранаӣа во усӣаӣа, лачење ӣлунка, ѓолӣање, ждриѓање, враќање на хранаӣа,ӣлукање и ӣовраќање; ошӣеӣувања како шӣо е дисфаѓија, асӣирација на храна, ѓолӣање воздух, обилно лачење ӣлунка, лиѓавење и недоволно лачење ӣлунка*

*Не вклучува: сеӣилни доживувања ӣоврзани со диѓесӣивниоӣ сисӣем (b535)*

**b5100 Цицање**
Функции кои се однесуваат на вовлекување во устата со сила на вшмукување преку движења на образите, усните и јазикот

**b5101 Гризење**
Функции на сечење, пробивање или откинување на храната со предните заби

**b5102 Џвакање**
Функција на дробење, мелење и ситнење на храната со задните заби (на пр: со катниците)

**b5103 Постапување со храната во устата**
Функции за движење на храната во устата со забите и јазикот

**b5104 Лачење плунка**
Функција на лачење на плунка во устата

**b5105 Голтање**
Функција на поместување на храната и пијалакот низ усната шуплина, фаринксот, хранопроводот во желудникот со соодветен ритам и брзина
*Вклучува: орална, фаринѓеална или езофаѓеална дисфаѓија; ошӣеӣувања во ӣреминувањеӣо на хранаӣа низ храноӣроводоӣ (езофаѓусоӣ)*

**b51050 Орално голтање**
Функција на поместување на храната и течностите низ усната шуплина со соодветен ритам и брзина

**b51051 Фарингеално голтање**
Функција на поместување на храната и течностите низ фаринксот со соодветен ритам и брзина

**b51052 Езофагеално голтање**
Функција на поместување на храната и течностите низ езофагусот со соодветен ритам и брзина

**b51058 Голтање, поинаку дефинирано**

**b51059 Голтање, недефинирано**

**b5106 Враќање на храната (регургитација) и повраќање**
Функција на леместување на храната или течноста во обратна насока од голтањето (ингестијата), од желудникот кон езофагусот, па потоа кон устата и надвор

**b5108 Функции на внесување храна/ингестија, поинаку дефинирани**

**b5109 Функции на внесување храна/ингестија, недефинирани**

**b515 Дигестивни функции**
Функции на пренесување на храната низ гастроинтестиналниот тракт, разложување на храната и апсорпција на хранливите материи

*Вклучува: функции на пренесување на храната преку желудникот, перисталтика; разложување на храната, создавање ензими и активност на желудникот и цревата; апсорпција на хранливите материи и толеранција на храна; оштетувања како што се зголемена желудочна киселина (хиперацидитет), несоодветна апсорпција на хранливи материи во интестиналниот тракт (малапсорпција), нетолеранција на храна, хипермотилитет на цревата, интестинална парализа, интестинална опструкција и намалено создавање на жолчка.*

*Не вклучува: функции на ингестија (b510), функции на апсорпција (b520), функции на дефекација (b525), сетилни доживувања поврзани со дигестивниот систем (b535)*

**b5150 Пренесување на храната преку желудникот и цревата**
Функции на перисталтика и сродни функции за механичко придвижување на храната преку желудникот и цревата

**b5151 Разложување на храната**
Функции на механичко делење на храната на помали делови во гастроинтестиналниот тракт

**b5152 Апсорпција на хранливи материи**
Функција на пренесување на хранливите материи од храната и течностите од цревата во крвотокот

**b5153 Толеранција на храна**
Функција на прифаќање на храна и течности кои се соодветни за варење и отфрлање на тоа што не одговара

*Вклучува: нарушувања какви што се пречувствителност, нетолеранција на глутен*

**b5158 Дигестивни функции, поинаку дефинирани**

**b5159 Дигестивни функции, недефинирани**

**b520** **Функции на асимилација на храната**
Функции со кои хранливите состојки се претвораат во компоненти на живиот организам

*Вклучува: функции на складирање на хранливите состојки во телото*

*Не вклучува: дигестивни функции (b515), функции на дефекација (b525), функции за одржување на телесната тежина (b530), општи метаболни функции (b540)*

**b525** **Функции на дефекација**
Функција на исфрлање на распаднатите производи и несварената храна како фецес и сродни функции

*Вклучува: функции на исфрлање на фецесот, конзистентност на фецесот, зачестеност на дефекацијата, фекална континенција, надуеност; оштетувања како што се констипација (запек), дијареја, течна столица и слабост на аналниот свинктер или инконтиненција*

*Не вклучува: дигестивни функции (b515), функции на асимилација на храната (b520), сетилни доживувања поврзани со дигестивниот систем(b535)*

**b5250** **Исфрлање на фецес**
Функција на исфрлање на распаднатите производи од ректумот (дебело црево), вклучувајќи функции на контракции на абдоминалните мускули.

**b5251** **Конзистентност на фецесот**
Конзистентност на фецесот, како што е тврд, цврст, мек или воденест.

**b5252** **Зачестеност на дефекација**
Функции вклучени во зачестеноста на дефекацијата

**b5253** **Фекална континенција**
Функции вклучени во волевата контрола над функцијата за исфрлање на фецес

**b5254** **Надуеност**
Функции вклучени во исфрлање на прекумерни количини на воздух и гасови од цревата

**b5258** **Функции на дефекација, поинаку дефинирани**

**b5259** **Функции на дефекација, недефинирани**

**b530** **Функции за одржување на телесна тежина**
Функции за одржување на соодветна телесна тежина, вклучувајќи и зголемување на тежината во текот на развојот.

*Вклучува: функции на одржување на Индекс на телесна маса (BMI), оштетувања како што се премала телесна тежина, кахексија, слабеење, прекумерна тежина, и како кај примарна и секундарна згоеност*

*Не вклучува: функции на асимилација на храната (b520), општи метаболни функции (b540), функции на ендокрините жлезди (b555)*

**b535 Сетилни доживувања поврзани со дигестивниот систем**
Сетилни доживувања кои се јавуваат при јадење, пиење и сродни дигестивни функции

*Вклучува: чувство на мачнина, чувство на подуеност и чувство на грчеви во абдоменот; полн стомак, чувство на заобленост на желудникот, спазам на желудникот, гасови во желудникот и жиговина*

*Не вклучува: чувство на болка (b280); функции на внесување храна (b510), дигестивни функции (b515), функции на дефекација(b525)*

**b5350 Чувство на мачнина**
Чувство на потреба за повраќање

**b5351 Чувство на подуеност**
Чувство на дуење во желудникот или абдоменот

**b5352 Чувство на абдоминални грчеви**
Чувство на спазматични или болни контракции на мазните мускули во гастроинтестиналниот тракт

**b5358 Сетилни доживувања поврзани со дигестивниот систем, поинаку дефинирани**

**b5359 Сетилни доживувања поврзани со дигестивниот систем, недефинирани**

**b539 Функции поврзани со дигестивниот систем, поинаку дефинирани и недефинирани**

## *Функции поврзани со метаболизмот и ендокриниот систем (b540-b559)*

**b540 Општи метаболни функции**
Функции за регулација на основните компоненти на телото, како што се јаглехидрати, протеини и масти, претворање од едни во други, и нивно претворање во енергија

*Вклучува: функции на метаболизам, базален метаболизам, метаболизам на јаглехидрати, протеини и масти, катаболизам, анаболизам, создавање енергија во телото, зголемување или намалување на метаболизмот*

*Не вклучува: функции на асимилација на храната (b520), функции за одржување на телесната тежината (b530), функции за балансирање на водата, минералите и електролитите (b545), функции на терморегулација (b550),функции на ендокрините жлезди (b555)*

**b5400 Базален метаболизам**
Функции вклучени во користењето на кислородот од организмот при одредени услови на одмор и температура
*Вклучува: зголемен или намален базален метаболизам; оштетувања како кај хипертиреоидизам и хипотиреоидизам*

**b5401 Метаболизам на јаглехидрати**
Функции вклучени во процесот со кој јаглехидратите од исхраната се складираат и разградуваат во гликоза, а потоа во јаглероден диоксид и вода.

**b5402 Метаболизам на протеини**
Функции вклучени во процесот со кој протеините од исхраната се претвораат во амино киселини и понатаму се разградуваат во организмот

**b5403 Метаболизам на масти**
Функции вклулчени во процесот со кој мастите од исхраната се складираат и се разградуваат во организмот

**b5408 Општи метаболни функции, поинаку дефинирани**

**b5409 Општи метаболни функции, недефинирани**

**b545 Функции за одржување баланс на водата, минералите и електролитите**
Функција за регулација на водата, минералите и електролитите во организмот.

*Вклучува: функции на одржување баланс на водата, баланс на минералите како што се калциум, цинк и железо, и баланс на електролитите како што се натриум и калиум; оштетувања како што се при ретенција на вода, дехидрација, хиперкалцемија, хипокалцемија, недостиг на железо, хипернатриемија, хипонатриемија, хиперкалиемиа, хипокалиемија*

*Не вклучува: функции на хематолошкиот систем (b430), општи метаболни функции (b540), функции на ендокрина жлезда (B555)*

**b5450 Баланс на вода**
Функции вклучени во одржувањето на нивото или количината на вода во организмот.

**b54500 Ретенција на вода**
Функции вклучени во задржувањето на вода во организмот.

**b54501 Одржување баланс на вода**
Функции вклучени во одржување на оптимална количина на вода во организмот.

**b54508 Функции на одржување баланс на вода, поинаку дефинирани**

**b54509 Функции на одржување баланс на вода, недефинирани**

**b5451 Баланс на минерали**
Функции вклучени во одржување на баланс помеѓу внесот, складирањето, користењето и исфрлањето на минерали во организмот.

**b5452 Баланс на електролити**
Функции вклучени во одржувањето баланс помеѓу внесот, складирањето, користењето и исфрлањето на електролити во организмот.

**b5458 Функции на одржување баланс на вода, минерали и електролити, поинаку дефинирани**

**b5459 Функции на одржување баланс на вода, минерали и електролити, недефинирани**

**b550 Функции на терморегулација**
Функции за регулација на телесната температура

*Вклучува: функции за одржување на телесната температура; оштетувања како што се хипотермија и хипертермија*

*Не вклучува: општи метаболни функции (b540), функции на ендокрините жлезди (b555)*

**b5500 Телесна температура**
Функции вклучени во регулацијата на внатрешната температура на организмот

*Вклучува; оштетувања како што се хипертермија или хипотермија*

**b5501 Одржување на телесната температура**
Функции за одржување на оптимална телесна температура при промена на надворешната температура

*Вклучува: толеранција на топлина или студ*

**b5508 Функции на терморегулација, поинаку дефинирани**

**b5509 Функции на терморегулација, недефинирани**

**b555 Функции на ендокрините жлезди**
Функции за создавање и регулација на нивото на хормони во организмот, вклучувајќи циклични промени

*Вклучува: функции на хормонален баланс, хиперпитуитаризам, хипопитуитаризам, хипертиреоидизам, хипотиреоидизам, хиперадренализам, хипоадренализам, хиперпаратиреоидизам, хипопаратиреоидизам, хипергонадизам, хипогонадизам*

*Не вклучува: општи метаболни функции (b540), функции на одржување баланс на вода, минерали и електролити (b545), функции на терморегулација (b550), сексуални функции (b640), менструални функции (b650)*

**b559 Функции поврзани со метаболниот и ендокриниот систем, поинаку дефинирани и недефинирани**

**b598 Функции на дигестивниот, метаболниот и ендокриниот систем, поинаку дефинирани**

**b599 Функции на дигестивниот, метаболниот и ендокриниот систем, недефинирани**

## Поглавје 6

# Генитоуринарни и репродуктивни функции

## *Уринарни функции (b610-639)*

**b610 Функции на излачување на урина**
Функции за филтирирање и собирање на урината

*Вклучува: функции за уринарна филтрација, собирање на урината; оштетувања како што се бубрежна инсуфициенција, анурија, олигурија, хидронефроза, хипотоничен мочен меур, и опструкција на мочните канали*

*Не вклучува: функции на уринирање (b610)*

**b6100 Филтрација на урината**
Функција на филтрација на урината во бубрезите

**b6101 Собирање на урината**
Функции на собирање на урината во мочниот канал (уретер) и мочниот меур

**b6108 Функции на излачување на урина, поинаку дефинирани**

**b6109 Функции на излачување на урина, недефинирани**

**b620 Функции на мокрење**
Функции на исфрлање на урината од мочниот меур

*Вклучува: функции на мокрење, зачестеност на мокрењето, уринарна континенција (задршка); нарушувања какви што се при стрес, потреба, рефлексна, преоптоварување, континуирана инконтиненција, капење, автоматска бешика, полиурија, уринарна ретенција и уринарна потреба*

*Не вклучува: уринарни екскреторни функции (b610); сетилни доживувања поврзани со уринарните функции (b630)*

**b6200 Уринирање**
Функции на празнење на мочниот меур

*Вклучува: оштетувања како што е уринарна ретенција*

**b6201 Зачестеност на уринирање**
Функции поврзани со бројот на уринирања.

**b6202 Уринарна континенција или задржување на урината**
Функции со кои се контролира уринирањето

*Вклучува: оштетувања како што се при стрес,ургентна, рефлексна, континуирана и комбинирана инконтиненција*

**b6208 Функции на уринирање, поинаку дефинирани**

**b6209 Функции на уринирање, недефинирани**

**b630** **Осети поврзани со уринарните функции**
Сетилни доживувања поврзани со празнењето и сродни уринарни функции

*Вклучува: чувство на потполно исфрлање на урината, чувство за полн мочен меур*

*Не вклучува: чувство на болка (b280); уринарни функции (b620)*

**b639** **Уринарни функции, поинаку дефинирани и недефинирани**

## *Генитални и репродуктивни функции (b640-b679)*

**b640** **Сексуални функции**
Ментални и физички функции кои се однесуваат на сексуалниот чин, вклучувајќи ги фазите на возбудување, подготовка, оргазам и завршеток.

*Вклучува: фази на на возбудување, подготовка, оргазам и завршеток: функции поврзани со интересот за секс, изведба на сексуален чин, ерекција на пенисот, ерекција на клиторисот, влажнење на вагината, ејакулација, оргазам; оштетувања како што се импотенција, фригидност, вагинизам, предвремена ејакулација, пријапизам и задоцнета ејакулација*

*Не вклучува: функции за прокреација (b660), сетилни доживувања поврзани со гениталните и репродуктивните функции (b670)*

**b6400** **Функции во фазата на сексуално возбудување**
Функции кои се однесуваат на интересот за секс и возбудувањето

**b6401** **Функции во фазата на подготовка за сексуален чин**
Функции кои се однесуваат на вклучување во сексуален чин

**b6402** **Функции на фазата на доживување оргазам**
Функции на постигнување оргазам

**b6403** **Функции на фазата на завршеток на сексуалниот чин**
Функции на доживување задоволство по оргазмот и придружната релаксација

*Вклучува; оштетувања како што е незадоволство заради оргазмот*

**b6408** **Сексуални функции, поинаку дефинирани**

**b6409** **Сексуални функции, недефинирани**

**b650 Менструални функции**
Функции поврзани со менструалниот циклус, вклучувајќи редовност на менструацијата и исфрлање на менструална течност

*Вклучува: функции на редовност и интервал на менструација, обем на менструално крвавење, менарха, менопауза; оштетувања како што се примарна и секундарна аменореа, менорагија, полименорагија, ретроградна менсутруација и предменструална напнатост*

**b6500 Редовност на менструалниот циклус**
Функции кои се однесуваат на редовноста на менструалниот циклус
*Вклучува: премногу честа или премалку ретка појава на менструација*

**b6501 Интервал на менструација**
Функции кои се однесуваат на должината на времето помеѓу две менструации

**b6502 Обем на менструално крвавење**
Функции вклучени во количината на менструалното крвавење
*Вклучува: премало менструално крвавење (хипоменореја); прегoлемо менструално крвавење (менорагија, хиперменореја)*

**b6508 Менструални функции, поинаку дефинирани**

**b6509 Менструални функции, недефинирани**

**b660 Функции за прокреација**
Функции кои се однесуваат на плодност, бременост, раѓање и лактација

*Вклучува: функции на машка и женска плодност, бременост и породување и лактација; нарушувања какви што се азооспермија, олигозооспермија, галактореа, агалактореа, алактација и како при намалена плодност, стерилност, спонтани абортуси, вонматерична бременост, абортус, мал плод, хидрамнион и предвремено породување, одложено породување*

*Не вклучува: сексуални функции (b640),менструални функции (b650)*

**b6600 Функции поврзани со плодноста**
Функции поврзани со способноста да се создаваат гамети (клетки) за зачнување.
*Вклучува: оштетувања како што се субфертилност (намалена плодност)и стерилитет*
*Не вклучува: сексуални функции (b640)*

**b6601 Функции поврзани со бременоста**
Функции поврзани со зачнувањето и бременоста

**b6602 Функции поврзани со раѓањето**
Функции поврзани со чинот на раѓање

**b6603 Лактација**
Функции поврзани со создавањето млеко и давање млеко на детето

**b6608 Функции за прокреација, поинаку дефинирани**

**b6609 Функции за прокреација, недефинирани**

**b670** **Осети поврзани со гениталните и репродуктивните функции**
Сетилни доживувања поврзани со сексуалното возбудување, сексуалниот чин, менструацијата и сродни генитални или репродуктивни функции

*Вклучува: сетилни доживувања поврзани со диспареунија, дисменореја, бранови топлина при менопауза и ноќно потење при менопауза*

*Не вклучува: чувство на болка (b280), сетилни доживувања поврзани со уринарните функции (b630), сексуални функции (b640), менструални функции (b650), функции за прокреација (b660)*

**b6700** **Нелагодност поврзана со сексуалниот чин**
Сетилни доживувања поврзани со сексуалното возбудување, подготовка, сексуален чин, оргазам и завршница

**b6701** **Нелагодност поврзана со менструалниот циклус**
Сетилни доживувања поврзани со менструацијата, вклучувајќи предменструална и постменструална фаза

**b6702** **Нелагодност поврзана со менопауза**
Сетилни доживувања поврзани со прекин на менструалниот циклус

*Вклучува: бранови топлина и ноќно потење за време на менопауза*

**b6708** **Осети поврзани со гениталните и репродуктивните функции, поинаку дефинирани**

**b6709** **Осети поврзани со гениталните и репродуктивните функции, недефинирани**

**b679** **Генитални и репродуктивни функции, поинаку дефинирани и недефинирани**

**b698** **Генитоуринарни и репродуктивни функции, поинаку дефинирани**

**b699** **Генитоуринарни и репродуктивни функции, недефинирани**

## Поглавје 7

# Невромускулни функции и функции поврзани со движење

Ова поглавје се однесува на функциите за движење и подвижност, вклучувајќи ги функциите на зглобовите, коските, рефлексите и мускулите

## *Функции на зглобовите и коските (b710-b729)*

**b710** **Функции на подвижност на зглобовите**
Функции на опсегот и леснотијата во движење на зглобовите

*Вклучува: функции на подвижност на поединечни или неколку зглобови, вертербрални, зглобови на рамото, лактот, рачниот зглоб, колкот, коленото, мали зглобови на шаката и стапалото; општа подвижност на зглобовите; оштетувања како што се хипермобилност на зглобовите (зголемена подвижност на зглобовите), вкочанети зглобови, вкочането рамо, артритис*

*Не вклучува: функции на стабилност на зглобовите (b715), функции за контрола на волево движење (b760)*

**b7100 Подвижност на поединечен зглоб**
Функции за опсегот и леснотијата на подвижноста на поединечен зглоб

**b7101 Подвижност на повеќе зглобови**
Функции за опсегот и леснотијата во движењето на повеќе од еден зглоб

**b7102 Општа подвижност на зглобовите**
Функции за опсегот и леснотијата во движењето на зглобовите по целото тело

**b7108 Функции на подвижност на зглобовите, поинаку дефинирани**

**b7109 Функции на подвижност на зглобовите, недефинирани**

**b715** **Функции за стабилност на зглобовите**
Функции за одржување на структурен интегритет на зглобовите

*Вклучува: функции за стабилност на поединечен зглоб, неколку зглобови и општо кај зглобовите; оштетувања како што се нестабилен зглоб на рамото, исчашување на зглоб, исчашување на рамото и колкот*

*Не вклучува: функции на подвижност на зглобот (b710)*

**b7150 Стабилност на поединечен зглоб**
Функции за одржување на структурен интегритет на поединечен зглоб

**b7151 Стабилност на неколку зглобови**
Функции за одржување на структурен интегритет на повеќе од еден зглоб

**b7152 Општа стабилност на зглобовите**
Функции за одржување на структурен интегритет на зглобовите по целото тело

**b7158 Функции за стабилност на зглобовите, поинаку дефинирани**

**b7159 Функции за стабилност на зглобовите, недефинирани**

**b720 Функции за подвижност на коските**
Функции на опсег и леснотија на движење на скапула (лопатка), карлица, карпални и тарзални коски

*Вклучува: оштетувања како што се вкочането лопатка и вкочането карлица*

*Не вклучува: функции на подвижност на зглобот (b710)*

**b7200 Подвижност на скапулата (лопатка)**
Функции за опсег и леснотија на движење на лопатката
*Вклучува: оштетувања како што се ретракција, латероротација и медијална ротација на лопатката*

**b7201 Подвижност на карлицата**
Функции на опсег и леснотија на подвижност на карлицата
*Вклучува: ротација на карлицата*

**b7202 Подвижност на карпални коски**
Функции на опсег и леснотија на подвижност на карпални коски

**b7203 Подвижност на тарзални коски**
Функции на опсег и леснотија на подвижност на тарзални коски

**b7208 Функции на подвижност на коски, поинаку дефинирано**

**b7209 Функции на подвижност на коски, дефинирано**

**b729 Функции на зглобови и коски, поинаку дефинирани и недефинирани**

## Мускулни функции (b730-b749)

**b730 Функции на мускулна сила**
Функции кои се однесуваат на силата која се создава при контракција на мускул и мускулна група

*Вклучува: функции поврзани со силата на поединечни мускули и мускулни групи, мускули на еден екстремитет, на едната страна на телото, на долниот дел од телото, сите екстремитети, трупот и телото во целина; оштетувања како што се слабост на малите мускули на стапалата и дланките, мускулна пареза, мускулна парализа, моноплегија, хемиплегија, параплегија, квадриплегија и акинетички мутизам*

*Не вклучува: функции на структури околу окото (b215), функции на мускулен тонус (b735), функции на мускулна издржливост (b740)*

**b7300 Функции на изолирани мускули и мускулни групи**
Функции кои се однесуваат на силата која се создава при контракција на конкретни и изолирани мускули и мускулни групи

*Вклучува: оштетувања како што се слабост на малите мускули на стапалата или дланките*

**b7301 Мускулна сила на еден екстремитет**
Функции кои се однесуваат на силата која се создава при контракција на мускулите и мускулните групи на една рака или нога

*Вклучува: оштетувања како што се монопареза и моноплегија*

**b7302 Мускулна сила на едната страна на телото**
Функции кои се однесуваат на силата која се создава при контракција на мускулите и мускулните групи на левата или десната страна на телото

*Вклучува: оштетувања како што се хемипареза и хемиплегија*

**b7303 Мускулна сила во долниот дел на телото**
Функции кои се однесуваат на силата која се создава при контракција на мускулите и мускулните групи во долниот дел на телото

*Вклучува: оштетувања како што се парапареза и параплегија*

**b7304 Мускулна сила на сите екстремитети**
Функции кои се однесуваат на силата која се создава при контракција на мускулите и мускулните групи на сите четири екстремитети

*Вклучува: оштетувања како што се тетрапареза и тетраплегија*

**b7305 Мускулна сила на трупот**
Функции кои се однесуваат на силата која се создава при контракција на мускулите и мускулните групи на трупот

**b7306 Мускулна сила на сите мускули на телото**
Функции кои се однесуваат на силата која се создава со контракција на сите мускули и мускулни групи на телото

*Вклучува: оштетувања како што е кај акинетички мутизам*

**b7308 Функции на мускулна сила, поинаку дефинирани**

**b7309 Функции на мускулна сила, недефинирани**

**b735** **Функции на мускулен тонус**

Функции кои се однесуваат на мускулната напрегнатост во состојба на мирување и отпорот кој се јавува при обид за пасивно придвижување на мускулите

*Вклучува: функции поврзани со напрегнатоста на изолирани мускули и мускулни групи, мускули на едниот екстремитет, едната страна на телото и долниот дел на телото, мускули на сите екстремитети, мускули на трупот и на сите мускули на телото; оштетувања како што се хипотонија, хипертонија и мускулна спастичност*

*Не вклучува: функции на мускулна сила (b730), функции на мускулна издржливост (b740)*

**b7350** **Тонус на изолирани мускули и мускулни групи**

Функции кои се однесуваат на мускулната напрегнатост на изолирани мускули и мускулни групи во состојба на мирување и отпорот кој се јавува при обид за пасивно придвижување на мускулите

*Вклучува: оштетувања како што се фокална дистонија, на пр: тортиколис*

**b7351** **Тонус на мускулите на едниот екстремитет**

Функции кои се однесуваат на мускулната напрегнатост на мускули и мускулни групи на едната рака или нога во состојба на мирување и отпорот кој се јавува при обид за пасивно придвижување на мускулите

*Вклучува: оштетувања како што се монопареза и моноплегија*

**b7352** **Тонус на мускулите на едната страна на телото**

Функции кои се однесуваат на мускулната напрегнатост на мускули и мускулни групи во состојба на мирување на десната или на левата страна на телото и отпорот кој се јавува при обид за пасивно придвижување на мускулите

*Вклучува: оштетувања поврзани со хемипареза и хемиплегија*

**b7353** **Тонус на мускулите на долниот дел на телото**

Функции кои се однесуваат на мускулната напрегнатост на мускули и мускулни групи во состојба на мирување во долниот дел на телото и отпорот кој се јавува при обид за пасивно придвижување на мускулите

*Вклучува: оштетувања поврзани со парапареза и параплегија*

**b7354** **Тонус на мускулите на сите екстремитети**

Функции кои се однесуваат на мускулната напрегнатост на мускули и мускулни групи на сите екстремитети во состојба на мирување и отпорот кој се јавува при обид за пасивно придвижување на мускулите

*Вклучува: оштетувања поврзани со тетрапарезис и тетраплегија*

**b7355** **Тонус на мускулите на трупот**

Функции кои се однесуваат на мускулната напрегнатост на мускулите и мускулните групи на трупот во состојба на мирување и отпорот кој се јавува при обид за пасивно придвижување на тие мускули

**b7356 Тонус на сите мускули на телото**
Функции кои се однесуваат на мускулната напрегнатост на мускулите и мускулните групи на целото тело во состојба на мирување и отпорот кој се јавува при обид за пасивно придвижување на тие мускули

*Вклучува: оштетувања како што се генерализирана дистонија и Паркинсонова болест или општа пареза и парализа*

**b7358 Функции на мускулен тонус, поинаку дефинирани**

**b7359 Функции на мускулен тонус, недефинирани**

**b740 Функции на мускулна издржливост**
Функции кои се однесуваат на одржување на мускулните контракции за одреден временски период

*Вклучува: функции поврзани со одржување на мускулните контракции за изолирани мускули или мускулни групи, и на сите мускули на телото; оштетувања како што е кај миастенија гравис*

*Не вклучува: функции за издржливост на физичка активност (b455), функции на мускулна сила (b730), функции на мускулен тонус (b735)*

**b7400 Издржливост на изолирани мускули**
Функции кои се однесуваат на одржување на мускулните контракции кај изолирани мускули за одреден временски период

**b7401 Издржливост на мускулни групи**
Функции кои се однесуваат на одржување на мускулните контракции кај изолирани мускулни групи за одреден временски период

*Вклучува: оштетувања поврзани со монопареза, моноплегија, хемипареза и хемиплегија, парапареза и параплегија*

**b7402 Издржливост на сите мускули на телото**
Функции кои се однесуваат на одржување на мускулните контракции кај сите мускули на телото за одреден временски период

*Вклучува: оштетувања поврзани со тетрапарезис, тетраплегија, општа пареза и парализа*

**b7408 Функции на мускулна издржливост, поинаку дефинирани**

**b7409 Функции на мускулна издржливост, недефинирани**

**b749 Мускулни функции, дефинирани и недефинирани**

## Функции на движење (b750-b789)

**b750 Функции на моторни рефлекси**
Функции на неволева мускулна контракција која настанува автоматски кај специфични дразби

*Вклучува: функции на моторички рефлекс за истегнување, автоматски рефлекс на локалниот зглоб, рефлекси кои се создаваат при штетни дразби и други естероцептивни стимулации; рефлекс на повлекување, рефлекс на бицепсот, рефлекс на радиусот, рефлекс на квадрицепсот, пателарен рефлекс, рефлекс на глуждот*

**b7500 Моторен рефлекс при истегнување**
Функции на неволева мускулна контракција која настанува автоматски при истегнување

**b7501 Рефлекси предизвикани од штетни дразби**
Функции на неволева мускулна контракција која настанува автоматски при дразби што создаваат болка или други штетни дразби

*Вклучува: рефлекс на повлекување*

**b7502 Рефлекси кои се создаваат при други екстероцептивни стимулации**
Функции на неволева мускулна контракција која настанува автоматски при надворешни стимулации кои не се штетни

**b7508 Функции на моторни рефлекси, поинаку дефинирани**

**b7509 Функции на моторни рефлекси, недефинирани**

**b755 Функции за контрола на неволеви движења**
Функции за неволеви контракции на големите мускули или целото тело предизвикани од положбата на телото, рамнотежата или дразби кои претставуваат закана

*Вклучува: функции за реакција на положбата на телото, реакции за исправање на телото, реакции за прилагодување на телото, реакции за одржување рамнотежа, реакции за потпирање, реакции за одбрана*

*Не вклучува: функции за моторички рефлекси (b750)*

**b760 Функции на контрола на волеви движења**
Функции поврзани со контрола и координација на волеви движења

*Вклучува: функции на контрола на едноставни волеви движења и на комплексни волеви движења, координација на волеви движења, потпорна функција на нога или рака, моторна координација лево десно, координација око рака, координација око нога; нарушувања какви што се проблеми на контрола и координација, пр. дисдијадохокинеза*

*Не вклучува: функции на мускулна сила (b730), функции на неволно движење (b765), функции на обрасци на одот (b770)*

**b7600 Контрола на едноставни волеви движења**
Функции поврзани со контрола и координација на едноставни или изолирани волеви движења

**b7601 Контрола на комплексни волеви движења**
Функции поврзани со контрола и координација на комплексни волеви движења

**b7602 Координација на волеви движења**
Функции кои се однесуваат на координација на едноставни и комплексни волеви движења, изведување на движења во уредна комбинација

*Вклучува: координација на левата и десната страна, координација на визуелно насочени движења, како што се координација на око и рака и координација на око и стапало; оштетувања како што е дисдијадохокинезија*

**b7603 Потпорна функција на рака или нога**
Функции на контрола или координација на волевите движења со ставање на тежината или на рацете (лактите или дланките) или на нозете (колената или стапалата)

**b7608 Функции на контрола на волеви движења, поинаку дефинирани**

**b7609 Функции за контрола на волеви движења, недефинирани**

**b765 Функции на неволеви движења**
Функции на ненамерни, нецелисходни или полуцелисходни контракции на мускул или мускулна група

*Вклучува:неволеви контракции на мускули; оштетувања како што се тремор, тикови, манииризми, стереотипии, моторна персеверација, хореја, атетоза, вокални тикови, дистонични движења и дискинезија*

*Не вклучува: функции за контрола на волеви движења (b760), фунции за обрасци во одот (b770)*

**b7650 Неволеви контракции на мускулите**
Функции на ненамерни, нецелисходни или полуцелисходни контракции на мускул или мускулна група,како оние кои се дел од психолошка дисфункција

*Вклучува: оштетувања како што се хореатички и атетозни движења; нарушување на движењето во врска со спиењето*

**b7651 Тремор**
Функции на наизменична контракција и релаксација на група мускули околу зглоб, што резултира во треперење

**b7652 Тикови и манииризми**
Функции на повторливи, квазинамерни, неволеви контракции на мускулна група

*Вклучува: нарушувања како што се вокални тикови, копролалија и бруксизам (стегање и триење на забите)*

**b7653 Стереотипии и моторни повторувања (персеверации)**
Функции на спонтани, ненамерни движења, како што се повторливо лулање напред назад и климање со главата или нишање

**b7658 Функции на неволеви движења, поинаку дефинирани**

**b7659 Функции на неволеви движења, недефинирани**

## b770 Функции на начин на одење

Функции за начините на движење кои се поврзани со одење, трчање или други движења со целото тело

*Вклучува: начини на одење и начини на трчање; оштетувања како што се спастичен од, хемиплегичен од, параплегичен од, асиметричен од, кривење и начин на вкочането одење*

*Исклучува: функции на мускулна сила (b730); функции на мускулен тонус (b735); функции на контрола на волеви движења (b760); функција на неволеви движења (b765)*

## b780 Сетилни доживувања поврзани со функции на мускулите и движењето

Сетилни доживувања поврзани со мускулите и мусклуните групи на телото и нивното движење

*Вклучува: чувство на вкочанетост на мускулите и затегнатост на мускулите, мускулен спазам и стегање (констрикција), и чувство на тежина на мускулите*

*Не вклучува: чувство на болка (b280)*

**b7800 Чувство на мускулна вкочанетост**
Чувство на вкочанетост или затегнатост на мускулите

**b7801 Чувство на мускулен спазам**
Чувство на неволево стегање (контракција) на мускули или група на мускули

**b7808 Осети поврзани со функции на мускулите и движењето, поинаку дефинирани**

**b7809 Осети поврзани со функции на мускулите и движењето, недефинирани**

## b789 Функции на движења, поинаку дефинрани и недефинирани

## b798 Невромускулоскелетни и функции поврзани со движењето, поинаку дефинирани

## b799 Невромускулоскелетни и функции поврзани со движењето, недефинирани

# Поглавје 8

# Функции на кожа и сродни структури

## *Функции на кожа (b810-b849)*

**b810** **Заштитни функции на кожата**
Функции на кожата за заштита на телото од физички, хемиски и биолошки закани

*Вклучува: функции на заштита од сонеце и друго зрачење, фотосензитивност, пигментација, квалитет на кожа, функции на кожата за изолација, формирање на задебелување на кожата (калус), затврднување на кожата, оштетувања како што се оштетена кожа, чир (улкус), декубитус, и истенчување на кожата*

*Не вклучува: регенеративни функции на кожата (b820), други функции на кожата (b830)*

**b820** **Регенеративни функции на кожата**
Функции на кожата за регенерација на раскината кожа и други оштетувања на кожата

*Вклучува: функции за создавање на красти, зараснување, создавање на лузни, создавање модринки и создавање на келоид.*

*Не вклучува: заштитни функции на кожата (b810), други функции на кожата (b830)*

**b830** **Други функции на кожата**
Функции на кожата покрај заштитна и регенеративна, а кои се однесуваат на ладење и излачување пот

*Вклучува: функции на потење, жлездести функции на кожата, што резултира во мирис на телото*

*Не вклучува: заштитни функции на кожата (b810), регенеративни функции на кожата (b820)*

**b840** **Сетилни доживувања поврзани со кожата**
Сетилни доживувања поврзани со кожата, како што се чешање, пецкање и штипење

*Вклучува: оштетувања како што се чувство на боцкање со игла и чувство како по кожата да лазат мравки*

*Не вклучува: чувство на болка (b280)*

**b849** **Функции на кожата, поинаку дефинирани и недефинирани**

## *Функции на коса и нокти (b850-b869)*

**b850** **Функции на коса**
Функции на косата, како што се заштита, боја и изглед

*Вклучува: функции на раст на коса, пигментација на коса, локација на коса; оштетувања како што се губење на коса или алопеција*

**b860** **Функции на нокти**
Функции на нокти, како што се заштита, гребење и изглед

*Вклучува: раст и пигментација на нокти, квалитет на нокти*

**b869** **Функции на коса и нокти, поинаку дефинирани и недефинирани**

**b898** **Функции на кожа и сродни структури, поинаку дефинирани**

**b899** **Функции на кожа и сродни структури, недефинирани**

# ТЕЛЕСНИ СТРУКТУРИ

*Дефиниции:* ***Телесни структури*** *се анатомските делови од телото, како на пр., органите, екстремитетите и нивните компоненти.*

***Оштетувања*** *се проблемите во телесните функции или структури како на пр., значително отстапување или загуба.*

## *Прв квалификатор*

Генерички квалификатор со негативна скала што се користи за посочување на степенот или големината на оштетувањето:

| | | | |
|---|---|---|---|
| **xxx.0** | НЕМА оштетување | (нема, отсутно, занемарливо,…) | 0-4% |
| **xxx.0** | БЛАГО оштетување | (мало, ниско,…) | 5-24% |
| **xxx.2** | УМЕРЕНО оштетување | (средно, прилично,...) | 25-49% |
| **xxx.3** | СЕРИОЗНО оштетување | (високо, екстремно, …) | 50-95% |
| **xxx.4** | ЦЕЛОСНО оштетување | (тотално,…) | 96-100% |
| **xxx.8** | недефинирано | | |
| **xxx.9** | не е применливо | | |

Предвиден е широк опсег на проценти за оние случаи при кои се достапни калибрирани инструменти или други стандарди за процена, со цел да се измери оштетувањето во телесната структура. На пример, кога телесната структура ќе се кодира со „нема оштетување“ или со „целосно оштетување“, ваквата скала може да има отстапување (маргина на грешка) до 5%. „Умереното оштетување“ обично изнесува до половина од скалата за тотално оштетување. Во различните домени, процентите треба да се калибрираат како перцентили во однос на стандардите за населението. Со цел ваквото мерење да се користи истоветно, преку истражувања, треба да се изработат постапки за процена.

## *Втор квалификатор*

Се користи за да се посочи природата на промената во соодветната телесна структура:

**0** нема промена во структурата
**1** тотално отсуство
**2** делумно отсуство
**3** дополнителен дел
**4** отстапување во димензиите
**5** дисконтинуитет
**6** отстапувања во положбата
**7** квалитативни промени во структурата, вклучувајќи и акумулација на течност
**8** недефинирано
**9** не е применливо

***Трет квалификатор (препорачлив)***

Да се изработи за да се посочи местото на оштетување

**0** на повеќе од еден регион
**1** десно
**2** лево
**3** на двете страни напред
**4** назад
**5** проксимално
**6** дистално недефинирано
**7** не е применливо

За натамошно објаснување околу конвенциите за кодирање во МКФ, видете Анекс 2.

## Поглавје 1

# Структури на нервниот систем

**s110** **Структура на мозок**

**s1100** **Структура на кортикални лобуси**

**s11000** **Фронтален лобус**

**s11001** **Темпорален лобус**

**s11002** **Париетален лобус**

**s11003** **Окципитален лобус**

**s11008** **Структура на кортикални лобуси, поинаку дефинирано**

**s11009** **Структура на кортикални лобуси, недефинирано**

**s1101** **Структура на среден мозок**

**s1102** **Структура на меѓумозок (диенцефалон)**

**s1103** **Базални ганглии и сродни структури**

**s1104** **Структура на мал мозок (церебелум)**

**s1105** **Структура на мозочно стебло**

**s11050** **Продолжен мозок**

**s11051** **Мозочен мост**

**s11058** **Структура на мозочно стебло, поинаку дефинирано**

**s11059** **Структура на мозочно стебло, недефинирано**

**s1106** **Структура на кранијални нерви**

**s1108** **Структура на мозок, поинаку дефинирано**

**s1109** **Структура на мозок, недефинирано**

**s120** **Рбетен мозок и сродни структури**

**s1200** **Структури на ‘рбетен мозок**

**s12000** **Цервикален (вратен) дел на ‘рбетен мозок**

**s12001** **Торакален (граден) дел на ‘рбетен мозок**

**s12002** **Лумбосакрален  дел на ‘рбетен мозок**

**s12003** **Cauda equina (коњска опашка)**

**s12008** **Структура на ‘рбетен столб, поинаку дефинирано**

**s12009 Структура на ‘рбетен столб, недефинирано**

**s1201 Спинални нерви**

**s1208 Рбетен мозок и сродни структури, поинаку дефинирано**

**s1209 Рбетен мозок и сродни структури, недефинирано**

**s130 Структура на мозочни обвивки (менинги)**

**s140 Структура на симпатички дел на вегетативен нервен систем**

**s150 Структура на парасимпатички дел на вегетативен нервен систем**

**s198 Структура на нервен систем, поинаку дефинирано**

**s199 Структура на нервен систем, недефинирано**

## Поглавје 2

# Око, уво и сродни структури

**s210** **Структура на очна дупка**

**s220** **Структура на очно јаболкце**

**s2200 Коњуктива, склера (белка на окото), хориоидеја**

**s2201 Рожница**

**s2202 Шареница**

**s2203 Мрежница**

**s2204 Леќа на очното јаболко**

**s2205 Стакловидно тело**

**s2208 Структура на очното јаболко, поинаку дефинирано**

**s2209 Структура на очното јаболко, недефинирано**

**s230** **Структури околу окото**

**s2300 Лакримални (солзни) жлезди и сродни структури**

**s2301 Очен капак**

**s2302 Веѓа**

**s2303 Надворешни мускули на окото**

**s2308 Структури околу окото, поинаку дефинирани**

**s2309 Структури околу окото, недефинирани**

**s240** **Структура на надворешно уво**

**s250** **Структура на средно уво**

**s2500 Тимпанична мембрана (ушно тапанче)**

**s2501 Евстахиева туба**

**s2502 Ковчиња**

**s2508 Структура на средно уво, поинаку дефинирано**

**s2509 Структура на средно уво, недефинирано**

**s260** **Структура на внатрешно уво**

**s2600** **Кохлеја**

**s2601** **Вестибуларен лавиринт (предворје на лавиринтот)**

**s2602** **Семициркуларни канали**

**s2603** **Внатрешен слушен канал**

**s2608** **Структура на внатрешно уво, поинаку дефинирано**

**s2609** **Структура на внатрешно уво, недефинирано**

**s298** **Око, уво и сродни структури, поинаку дефинирано**

**s299** **Око, уво и сродни структури, недефинирано**

## Поглавје 3

# Структури вклучени во глас и говор

**s310** **Структура на нос**

**s3100** **Надворешен нос**

**s3101** **Носна преграда**

**s3102** **Носна празнина**

**s3108** **Структури на нос, поинаку дефинирани**

**s3109** **Структури на нос, недефинирани**

**s320** **Структура на уста**

**s3200** **Заби**

**s3201** **Вилица**

**s3202** **Структура на непце**

**s32020** **Тврдо непце**

**s32021** **Меко непце**

**s3203** **Јазик**

**s3204** **Структура на усни**

**s32040** **Горна усна**

**s32041** **Долна усна**

**s3208** **Структура на уста, поинаку дефинирана**

**s3209** **Структура на уста, недефинирана**

**s330** **Структура на фаринкс**

**s3300** **Назален фаринкс**

**s3301** **Орален фаринкс**

**s3308** **Структура на фаринкс, поинаку дефинирана**

**s3309** **Структура на фаринкс, недефинирана**

**s340** **Структура на ларинкс**

**s3400** **Гласни жици**

**s3408** **Структура на ларинкс, поинаку дефинирана**

**s3409 Структура на ларинкс, недефинирана**

**s398 Структури вклучени во глас и говор, поинаку дефинирани**

**s399 Структури на глас и говор, недефинирани**

Поглавје 4

# Структури на кардиоваскуларен, имунолошки и респираторен систем

**s410** **Структура на кардиоваскуларен систем**

**s4100 Срце**

**s41000 Преткомори**

**s41001 Комори**

**s41008 Структури на срце, поинаку дефинирани**

**s41009 Структури на срце, недефинирани**

**s4101 Артерии**

**s4102 Вени**

**s4103 Капилари**

**s4108 Структури на кардиоваскуларен систем, поинаку дефинирани**

**s4109 Структури на кардиоваскуларен систем, недефинирани**

**s420** **Структури на имунолошки систем**

**s4200 Лимфни садови**

**s4201 Лимфни јазли**

**s4202 Тимус**

**s4203 Слезина**

**s4204 Коскена срж**

**s4208 Структура на имунолошки систем, поинаку дефинирано**

**s4209 Структура на имунолошки систем, недефинирано**

**s430** **Структура на респираторен систем**

**s4300 Трахеја (душник)**

**s4301 Бели дробови**

**s43010 Бронхијално стебло**

**s43011 Алвеоли**

**s43018 Структура на бели дробови, поинаку дефинирано**

**s43019 Структура на бели дробови, недефинирано**

**s4302 Граден кош**

**s4303 Респираторни мускули**

**s43030 Интеркостални мускули**

**s43031 Дијафрагма**

**s43038 Респираторни мускули, поинаку дефинирано**

**s43039 Респираторни мускули, недефинирано**

**s4308 Структура на респираторен систем, поинаку дефинирано**

**s4309 Структура на респираторен систем, недефинирано**

**s498 Структури на кардиоваскуларен, имунолошки и респираторен систем, поинаку дефинирано**

**s499 Структури на кардиоваскуларен, имунолошки и респираторен систем, недефинирано**

## Поглавје 5

# Структури поврзани со дигестивен, метаболен и ендокрин систем

**s510** **Структури на плунковни жлезди**

**s520** **Структура на езофагус (хранопроводник)**

**s530** **Структура на желудник**

**s540** **Структура на црева**

**s5400** **Тенко црево**

**s5401** **Дебело црево**

**s5408** **Структура на црева, поинаку дефинирано**

**s5409** **Структура на црева, недефинирано**

**s550** **Структура на панкреас**

**s560** **Структура на црн дроб**

**s570** **Структура на жолчен меур и жолчни канали**

**s580** **Структура на ендокрини жлезди**

**s5800** **Хипофиза**

**s5801** **Тироидна жлезда**

**s5802** **Паратиреоидна жлезда**

**s5803** **Надбубрежна жлезда**

**s5808** **Структура на ендокрини жлезди, поинаку дефинирано**

**s5809** **Структура на ендокрини жлезди, недефинирано**

**s598** **Структури поврзани со дигестивен, метаболен и ендокрин систем, поинаку дефинирано**

**s599** **Структури поврзани со дигестивен, метаболен и ендокрин систем, недефинирано**

Поглавје 6

# Структури поврзани со генитоуринарен и репродуктивен систем

**s610** **Структура на уринарен систем**

**s6100** **Бубрег**

**s6101** **Уретер (мочовод)**

**s6102** **Мочен меур**

**s6103** **Уретра (мочен канал)**

**s6108** **Структура на уринарен систем, поинаку дефинирано**

**s6109** **Структура на уринарен систем, недефинирано**

**s620** **Структура на карлично дно**

**s630** **Структура на репродуктивен систем**

**s6300** **Јајници**

**s6301** **Структура на матка (плодница)**

**s63010** **Тело на матката (плодница)**

**s63011** **Цервикс (грло на матка)**

**s63012** **Јајцеводи**

**s63018** **Структура на матка (плодница), поинаку дефинирано**

**s63019** **Структура на матка (плодница), недефинирано**

**s6302** **Дојка и брадавица**

**s6303** **Структура на вагина (родница) и надворешни гениталии**

**s63030** **Клиторис**

**s63031** **Големи усни на срамницата**

**s63032** **Мали усни на срамницата**

**s63033** **Вагинален канал**

**s6304** **Тестиси**

**s6305** **Структура на пенис**

**s63050** **Глава на пенис**

**s63051** **Тело на пенис**

**s63058 Структура на пенис, поинаку дефинирано**

**s63059 Структура на пенис, недефинирано**

**s6306 Простата**

**s6308 Структури на репродуктивен систем, поинаку дефинирано**

**s6309 Структури на репродуктивен систем, недефинирано**

**s698 Структури поврзани со генитоуринарен и репродуктивен систем, поинаку дефинирано**

**s699 Структури поврзани со генитоуринарен и репродуктивен систем, недефинирано**

## Поглавје 7

# Структури поврзани со движење

**s710 Структури во регионот на главата и вратот**

**s7100 Коски на черепот**

**s7101 Коски на лицето**

**s7102 Коски на вратниот регион**

**s7103 Зглобови на регионот на главата и вратот**

**s7104 Мускули во регионот на главата и вратот**

**s7105 Лигаменти и фасција во регионот на главата и вратот**

**s7108 Структури на регионот на главата и вратот, поинаку дефинирани**

**s7109 Структури на регионот на главата и вратот, недефинирани**

**s720 Структура на регионот на рамото**

**s7200 Коски во регионот на рамото**

**s7201 Зглобови во регионот на рамото**

**s7202 Мускули во регионот на рамото**

**s7203 Лигаменти и фасција во регионот на рамото**

**s7208 Структура на регионот на рамото, поинаку дефинирано**

**s7209 Структура на регионот на рамото, недефинирано**

**s730 Структура на горни екстремитети**

**s7300 Структура на надлактица**

**s73000 Коски на надлактица**

**s73001 Зглоб на лактот**

**s73002 Мускули на надлактица**

**s73003 Лигаменти и фасција на надлактица**

**s73008 Структура на надлаткица, поинаку дефинирано**

**s73009 Структура на надлактица, недефинирано**

**s7301 Структура на подлактица**

**s73010 Коски на подлактица**

**s73011 Рачен зглоб**

s73012 Мускули на подлактица

s73013 Лигаменти и фасција на подлактица

s73018 Структура на подлактица, поинаку дефинирано

s73019 Структура на подлактица, недефинирано

s7302 Структура на дланка

s73020 Коски на дланката

s73021 Зглобови на дланката и прстите

s73022 Мускули на дланката

s73023 Лигаменти и фасција на дланката

s73028 Структура на дланката, поинаку дефинирано

s73029 Структура на дланката, недефинирано

s7308 Структура на горен екстремитет, поинаку дефинирано

s7309 Структура на горен екстремитет, недефинирано

**s740** Структура на карличен регион

s7400 Коски во карличен регион

s7401 Зглобови во карличен регион

s7402 Мускули во карличен регион

s7403 Лигаменти и фасција во карличен регион

s7408 Структури на карличен регион, поинаку дефинирани

s7409 Структури во карличен регион, недефинирани

**s750** Структура на долни екстремитети

s7500 Структура на надколеница (бут)

s75000 Коски на надколеница

s75001 Зглоб на колкот

s75002 Мускули на надколеница

s75003 Лигаменти и фасција на надколеница

s75008 Структура на надколеница, поинаку дефинирано

s75009 Структура на надколеница, недефинирано

s7501 Структура на потколеница

s75010 Коски на потколеница

s75011 Зглоб на коленото

**s75012 Мускули на потколеница**

**s75013 Лигаменти и фасција на потколеница**

**s75018 Структура на потколеница, поинаку дефинирано**

**s75019 Структура на потколеница, недефинирано**

**s7502 Структура на глужд и стопало**

**s75020 Коски на глужд и стопало**

**s75021 Глужд и зглобови на стапала и прсти**

**s75022 Мускули на глужд и стапала**

**s75023 Лигаменти и фасција на глужд и стапала**

**s75028 Структура на глужд и стапала, поинаку дефинирано**

**s75029 Структура на глужд и стапала, недефинирано**

**s7508 Структура на долни екстремитети, поинаку дефинирано**

**s7509 Структура на долни екстремитети, недефинирано**

**s760 Структура на трупот**

**s7600 Структура на кичма**

**s76000 Цервикална кичма**

**s76001 Торакална кичма**

**s76002 Лумбална кичма**

**s76003 Сакрална кичма**

**s76004 Тртична коска**

**s76008 Структура на кичма, поинаку дефинирано**

**s76009 Структура на кичма, недефинирано**

**s7601 Мускули на трупот**

**s7602 Лигаменти и фасција на трупот**

**s7608 Структура на трупот, поинаку дефинирано**

**s7609 Структура на трупот, недефинирано**

**s770** **Други мускулоскелетни структури поврзани со движењето**

**s7700 Коски**

**s7701 Зглобови**

**s7702 Мускули**

**s7703 Екстраартикуларни лигаменти, фасција, екстрамускуларна апоневроза, ретинакула (врска), септа (преграда), бурза (ќесе), недефинирано**

**s7708 Други мускулоскелетни структури поврзани со движењето, поинаку дефинирани**

**s7709 Други мускулоскелетни структури поврзани со движењето, недефинирани**

**s798** **Структури поврзани со движењето, поинаку дефинирани**

**s799** **Структури поврзани со движењето, недефинирани**

## Поглавје 8

# Кожа и сродни структури

**s810** **Структури на регионот на кожата**

- **s8100** **Кожа во регионот на главата и вратот**
- **s8101** **Кожа во регионот на рамото**
- **s8102** **Кожа на горни екстремитети**
- **s8103** **Кожа во карличен регион**
- **s8104** **Кожа на долни екстремитети**
- **s8105** **Кожа на трупот и грбот**
- **s8108** **Структури на регионот на кожата, поинаку дефинирани**
- **s8109** **Структури на регионот на кожата, недефинирани**

**s820** **Структура на кожни жлезди**

- **s8200** **Потни жлезди**
- **s8201** **Лојни желзди**
- **s8208** **Структура на кожни жлезди, поинаку дефинирано**
- **s8209** **Структура на кожни жлезди, недефинирано**

**s830** **Структура на нокти**

- **s8300** **Нокти на прстите на рацете**
- **s8301** **Нокти на прстите на нозете**
- **s8308** **Структура на нокти, поинаку дефинирано**
- **s8309** **Структура на нокти, недефинирано**

**s840** **Структура на коса**

- **s898** **Кожа и сродни структури, поинаку дефинирано**
- **s899** **Кожа и сродни структури, недефинирано**

# АКТИВНОСТ И УЧЕСТВО

| | |
|---|---|
| *Дефиниции:* | ***Активност** е извршување на задача или постапка од страна на поединецот.* |
| | ***Учество** е вклученост во животна ситуација.* |
| | ***Лимитираност на активноста** се тешкотиите што може да ги има поединецот при извршување на активностите.* |
| | ***Ограничувања на учеството** се проблемите што поединецот може да ги доживее при вклучување во животни ситуации.* |

*Квалификатори*

Домените за компонентата „Активност и учество" се дадени во една листа, која го опфаќа целиот спектар на животни области (од основно учење и гледање, па сé до сложени области како на пр., општествени задачи). Оваа компонента се користи за означување активност (а), учество (р), или и двете.

Двата квалификатора за компонентата „Активност и учество" се квалификаторот за *изведба* и квалификаторот за *капацитет*. Со квалификаторот за изведба се опишува што лицето прави во актуелната средина. Бидејќи во актуелната средина постои општествен контекст, изведбата, како што ќе се евидентира со овој квалификатор, може да се сфати и како „вклученост во животна ситуација", т.е. „преживеано искуство" на лицата во конкретниот контекст во кој живеат. Овој контекст ги вклучува факторите на средината - сите аспекти на физичкиот, општествениот и светот на ставовите, кои може да се кодираат со помош на компонентата „Фактори на средината".Со квалификаторот за капацитет се опишува способноста на поединецот да изврши задача или постапка. Со овој квалификатор се утврдува највисокиот веројатен степен на функционирање што лицето може да го достигне во даден домен, во даден момент. Капацитетот се мери во униформна или стандардна средина, па така, ја одразува способноста на поединецот прилагодена за средината. Компонентата „Фактори на средината" може да се употреби за да се опишат карактеристиките на ваквата униформна, т.е. стандардна средина.

И двата квалификатора за капацитет и изведба може да се користат како со, така и без асистивни уреди или личен асистент, а во согласност со следнава скала:

| | | | |
|---|---|---|---|
| **xxx.0** | НЕМА тешкотија | (нема, отсутна, занемарлива,...) | 0-4% |
| **xxx.1** | БЛАГА тешкотија | (мала, ниска,…) | 5-24% |
| **xxx.2** | УМЕРЕНА тешкотија | (средна, прилична,...) | 25-49% |
| **xxx.3** | СЕРИОЗНА тешкотија | (висока, екстремна,…) | 50-95% |
| **xxx.4** | ЦЕЛОСНА тешкотија | (тотална,…) | 96-100% |
| **xxx.8** | недефинирано | | |
| **xxx.9** | не е применливо | | |

Предвиден е широк опсег на проценти за оние случаи при кои се достапни калибрирани инструменти или други стандарди за процена, со цел да се измери проблемот во изведбата, т.е. ограничувањето на капацитетот. На пример, кога се кодира со „нема проблем во изведбата“ или со „целосен проблем во изведбата“, оваа скала има отстапување (маргина на грешка) до 5%. Умерениот проблем во изведбата изнесува до половина од скалата за целосниот проблем во изведбата. Во различните домени, процентите треба да се калибрираат како перцентили во однос на стандардите за населението. Со цел ваквото мерење да се користи истоветно, преку истражувања, треба да се изработат постапки за процена. За натамошно објаснување околу конвенциите за кодирање во МКФ, видете Анекс 2.

# Поглавје 1

# Учење и примена на знаењето

Ова поглавје се однесува на учење, примена на наученото знаење, размислување, решавање проблеми и носење одлуки.

## *Целисходни сетилни искуства (d110-d129)*

**d110 Гледање**
Намерно користење на сетилото за вид за да се доживеат визуелни дразби, како што е гледање спортски настан или деца како си играат.

**d115 Слушање**
Намерно користење на сетилото за слух за да се доживеат аудитивни дразби, како што е слушање радио, музика или предавање.

**d120 Друго целисходно користење на сетилата**
Намерно користење на други основни телесни сетила за да се доживеат дразби, како што е допирање и чувствување текстури, вкусување слатки или мирисање цвеќиња.

**d129 Целисходни сетилни искуства, поинаку дефинирани и недефинирани**

## *Основно учење (d130-d159)*

**d130 Имитирање**
Имитирање или подражавање како основна компонента на учењето, како што е копирање на гест, звук или букви од азбуката.

**d135 Вежбање**
Повторување на редослед на настани или симболи како основна компонента на учењето, како што е броење во десетки или вежбање рецитација на песна.

**d140 Учење да се чита**
Развивање способност за течно и точно читање пишан материјал (вклучувајќи Брајово писмо), како што е препознавање на знаци и писма, изговарање зборови со правилен изговор, и разбирање зборови и фрази.

**d145 Учење да се пишува**
Развивање способност за продуцирање симболи кои претставуваат гласови, зборови или фрази со цел да се пренесе значење (вклучувајќи пишување Брајово писмо), како што е ефективен правопис и користење правилна граматика.

**d150** **Учење да се смета**
Развивање способност за манипулирање со бројки и изведување едноставни и сложени математички операции, како што е користење на математичките знаци за собирање и одземање и примена на точната математичка операција за некој проблем.

**d155** **Стекнување вештини**
Развивање основна и сложена способност за интегрирани низи на активности или задачи со цел да се започне со стекнување на некаква вештина и нејзино натамошно развивање, како што е ракување со алати или играње игри како на пр. шах.

*Вклучува: стекнување основни и сложени вештини*

**d1550 Стекнување основни вештини**
Учење основни, целисходни активности, како што се учење да се ракува со прибор за јадење, молив или едноставен алат.

**d1551 Стекнување сложени вештини**
Учење интегрирани низи на активности со цел да се следат правила, да се подредат и да се координираат движењата, како што е учење да се играат игри како фудбал или да се користи градежен алат.

**d1558 Стекнување вештини, поинаку дефинирано**

**d1559 Стекнување вештини, недефинирано**

**d159** **Основно учење, поинаку дефинирано и недефинирано**

## *Примена на знаењето (d160-d179)*

**d160** **Фокусирање на вниманието**
Намерно фокусирање на конкретни дразби, како на пример преку филтрирање на небитните звуци.

**d163** **Размислување**
Формулирање и манипулирање со идеи, концепти и претстави, без оглед дали се ориентирани кон некаква цел или не, индивидуално или заедно со другите, како на пример креирање книжевни дела, докажување на теорема, разгледување идеи, нафрлање идеи, медитирање, драбоко размислување, шпекулирање, или рефлексија.
*Не вклучува: решавање проблеми (d175); носење одлуки (d177)*

**d166** **Читање**
Изведување активности опфатени при разбирање и толкување на пишан јазик (на пример, книги, упатства или весници во текст или Брајово писмо), со цел добивање општи знаења или конкретни информации.

*Не вклучува: учење да се чита (d140)*

**d170 Пишување**
Користење или продуцирање симболи или јазик за да се пренесат информации, како што е продуцирање писмен запис за настани или идеи, или составување писмо.

*Не вклучува: учење да се пишува (d145)*

**d172 Сметање**
Изведување пресметки со примена на математички принципи за решавање проблеми кои се опишани со зборови и продуцирање или прикажување на резултатите, како што е пресметување збир од три броја, или наоѓање резултат од делење на еден број со друг.

*Не вклучува: учење да се смета (d150)*

**d175 Решавање проблеми**
Наоѓање решенија за прашања или ситуации преку идентификување и анализа на проблеми, развивање опции и решенија, оценување на потенцијалните ефекти од решенијата, како и извршување на избраното решение, како на пример решавање спор меѓу две лица.

*Вклучува: решавање едноставни и сложени проблеми*

*Исклучува: размислување (d163); носење одлуки (d177)*

**d1750 Решавање едноставни проблеми**
Наоѓање решенија за едноставен проблем кој содржи една ситуација или прашање, преку идентификување и анализа на прашањето, развивање решенија, оценување на потенцијалните ефекти од решенијата и извршување на избраното решение.

**d1751 Решавање сложени проблеми**
Наоѓање решенија за сложени проблеми кои вклучуваат повеќе и меѓусебно поврзани прашања, или неколку поврзани проблеми, преку идентификување и анализа на прашањето, развивање решенија, оценување на потенцијалните ефекти од решенијата и извршување на избраното решение.

**d1758 Решавање проблеми, поинаку дефинирано**

**d1759 Решавање проблеми, недефинирано**

**d177 Носење одлуки**
Правење избор од опциите, спроведување на изборот, и оценување на ефектите од изборот, како на пример избирање и купување одреден предмет, или одлучување да се преземе и преземање една задача од неколку задачи што треба да се извршат.

*Не вклучува: размислување (d163); решавање проблеми (d175)*

**d179 Примена на знаењето, поинаку дефинирано и недефинирано**

**d198 Учење и примена на знаењето, поинаку дефинирано**

**d199 Учење и примена на знаењето, недефинирано**

## Поглавје 2

# Општи задачи и барања

Ова поглавје се однесува на општите аспекти на извршување една или повеќе задачи, организирање рутини и справување со стресот. Овие елементи може да се употребат во комбинација со поконкретни задачи или активности со цел да се идентификуваат основните карактеристики на извршување на задачите во различни околности.

**d210 Преземање поединечна задача**
Спроведување едноставни или сложени координирани активности поврзани со менталните и физичките компоненти на поединечна задача, како што се започнување на задачата, организирање на времето, просторот и материјалите за задачата, утврдување на ритамот на изведба на задачата, и извршување, завршување, и одржување на задачата.

*Вклучува: преземање едноставна или сложена задача; преземање поединечна задача самостојно или во група*

*Не вклучува: стекнување вештини (d155); решавање проблеми (d175); носење одлуки (d177); преземање повеќе задачи (d220)*

**d2100 Преземање едноставна задача**
Подготовка, започнување и уредување на просторот и времето потребни за едноставна задача; извршување едноставна задача со една главна компонента, како што е читање книга, пишување писмо, или местење кревет.

**d2101 Преземање сложена задача**
Подготовка,започнување и уредување на просторот и времето за поединечна сложена задача; извршување сложена задача со повеќе од една компонента, која може да се изврши во низа или истовремено, како на пример уредување на мебелот во нечиј дом или завршување домашна задача за на училиште.

**d2102 Преземање поединечна задача самостојно**
Подготовка, започнување и уредување на просторот и времето за едноставна или сложена задача; успевање и извршување на задачата самостојно и без помош од други.

**d2103 Преземање поединечна задача во група**
Подготовка, започнување и уредување на просторот и времето за поединечна задача, едноставна или сложена; успевање и извршување на задачата со лица кои се вклучени во одредени или во сите чекори од задачата.

**d2108 Преземање поединечни задачи, поинаку дефинирано**

**d2109 Преземање поединечни задачи,недефинирано**

**d220** **Преземање повеќе задачи**
Спроведување едноставни или сложени и координирани активности како компоненти од повеќе интегрирани и сложени задачи во низа или истовремено.

*Вклучува: преземање повеќе задачи; завршување повеќе задачи; преземање повеќе задачи самостојно и во група*

*Не вклучува: стекнување вештини (d155); решавање проблеми (d175); носење одлуки (d177); преземање поединечна задача (d210)*

**d2200 Извршување повеќе задачи**
Подготовка, започнување и уредување на просторот и времето потребно за неколку задачи, како и успевање и извршување повеќе задачи, заедно или по ред.

**d2201 Завршување повеќе задачи**
Завршување неколку задачи, заедно или по ред.

**d2202 Преземање повеќе задачи самостојно**
Подготовка, започнување и уредување на просторот и времето за повеќе задачи, како и успевање и извршување повеќе задачи заедно или по ред, самостојно и без помош од други.

**d2203 Преземање повеќе задачи во група**
Подготовка, започнување и уредување на просторот и времето за повеќе задачи, успевање и извршување повеќе задачи заедно или по ред, со други кои се вклучени во одредени или во сите чекори од повеќето задачи.

**d2208 Преземање повеќе задачи, поинаку дефинирано**

**d2209 Преземање повеќе задачи, недефинирано**

**d230** **Вршење на секојдневната рутина**
Спроведување едноставни или сложени координирани активности со цел да се испланираат и да се успее со завршување на барањата во секојдневните постапки или задолженија, како на пример распределување на времето и планирање одделни активности во текот на денот.

*Вклучува: управување и завршување со секојдневната рутина; управување со сопствената активност*

*Не вклучува: преземање повеќе задачи (d220)*

**d2301 Управување со секојдневната рутина**
Спроведување едноставни или сложени координирани активности со цел да се испланираат и да се успее со барањата во секојдневните постапки или задолженија.

**d2302 Завршување на секојдневната рутина**
Спроведување едноставни или сложени координирани активности со цел да се исполнат барањата во секојдневните постапки или задолженија.

**d2303 Управување со сопствената активност**
Спроведување активности и однесување со кои се организираат потребите за енергија и време во секојдневните постапки или должности.

**d2308 Спроведување на секојдневната рутина, поинаку дефинирана**

**d2309 Спроведување на секојдневната рутина, недефинирана**

**d240 Справување со стресот и со другите психолошки потреби**
Спроведување едноставни или сложени координирани активности за управување и контрола на психолошките барања за извршување на задачите кои бараат значајна одговорност и вклучуваат стрес, вознемиреност, или кризи, како што се возење возило за време на густ сообраќај или грижа за многу деца.

*Вклучува: справување со одговорност; справување со стрес и криза*

**d2400 Справување со одговорност**
Спроведување едноставни или сложени координирани активности заради успевање со должностите при изведбата на задачите и заради проценување на барањата во ваквите должности.

**d2401 Справување со стресот**
Спроведување едноставни или сложени координирани активности заради справување со притисокот, итните ситуации или стресот поврзани со изведбата на задачите.

**d2402 Справување со кризи**
Спроведување едноставни или сложени координирани активности заради решавање на одлучувачки пресврти во некоја ситуација или во време на акутна опасност или тешкотии.

**d2408 Справување со стресот и со други психолошки барања, поинаку дефинирано**

**d2409 Справување со стресот и со други психолошки барања, недефинирано**

**d298 Општи задачи и барања, поинаку дефинирани**

**d299 Општи задачи и барања, недефинирани**

## Поглавје 3

# Комуникација

Ова поглавје се однесува на општите и посебните карактеристики на комуникацијата со помош на јазик, знаци и симболи, вклучувајќи примање и продуцирање пораки, водење разговори, и користење комуникациски уреди и техники.

## *Комуницирање - примање (d310-d329)*

**d310** **Комуницирање преку - примање - говорни пораки**
Разбирање буквални и преносни значења на пораките во говорниот јазик, како на пример, разбирање дека со исказот се тврди некаков факт или дека е идиоматски израз.

**d315** **Комуницирање преку - примање - невербални пораки**
Разбирање на буквалното и преносното значење на пораките пренесени со гестови, симболи и слики, како на пример сфаќање дека детето е уморно кога ги трие очите или дека ѕвонењето на алармот значи дека има пожар.
*Вклучува: комуницирање преку - примање - гестикулации со телото, општи знаци и симболи, цртежи и фотографии*

**d3150** **Комуницирање преку - примање - гестикулации со телото**
Разбирање на значењето пренесено со изрази на лицето, движења или знаци со рацете, држење на телото, и други форми на говор на телото.

**d3151** **Комуницирање преку - примање - општи знаци и симболи**
Разбирање на значењето претставено со јавни знаци и симболи, како што се сообраќајни знаци, симболи на предупредување, музичка нотација или научни ознаки и икони.

**d3152** **Комуницирање преку - примање - цртежи и фотографии**
Разбирање на значењето претставено со цртежи (на пример, линиски цртежи, графички прикази, слики, тродимензионални претставувања), графикони, дијаграми и фотографии, како на пример, разбирање дека нагорната линија на шемата за висина покажува оти детето расте.

**d3158** **Комуницирање преку - примање - невербални пораки, поинаку дефинирано**

**d3159** **Комуницирање преку - примање - невербални пораки, недефинирано**

**d320** **Комуницирање преку - примање - пораки со формален знаковен јазик**
Примање и разбирање пораки на формален знаковен јазик со буквално и преносно значење.

**d325 Комуницирање преку - примање - пишани пораки**
Разбирање на буквалното и преносното значење на пораките што се пренесуваат преку писмен јазик (вклучувајќи и Брајово писмо), како што се следење политички настани во дневен весник или разбирање на намерата на светите книги.

**d329 Комуницирање - примање, поинаку дефинирано и недефинирано**

## *Комуницирање - продуцирање (d330-d349)*

**d330 Зборување**
Продуцирање зборови, фрази и подолги пасоси преку говорни пораки со буквално и преносно значење, како што е изразување факт или усно раскажување приказна.

**d335 Продуцирање невербални пораки**
Користење гестикулации, симболи и цртежи за пренесување пораки, како што е мавтање со главата за да се покаже несогласување или цртање слика или дијаграм за да се пренесе факт или комплексна идеја.
*Вклучува: гестикулации со телото, знаци, симболи, цртежи и фотографии*

**d3350 Продуцирање говор на телото**
Пренесување значење со движења на телото, како што се изрази на лицето (на пример, насмевнување, муртење, трепкање), гестови и движења со рацете, и држење на телото (на пример, прегрнување и гушкање за да се покаже наклоност).

**d3351 Продуцирање знаци и симболи**
Пренесување значење со помош на знаци и симболи (на пример, слики, Блисборд (идеограмски систем на знаци измислен од Блис во XX век, заб.пр.), научни симболи) и системи за симболичко означување, како што е користење музичка нотација за да се пренесе некоја мелодија.

**d3352 Продуцирање цртежи и фотографии**
Пренесување значење преку цртање, сликање, скицирање, и правење дијаграми, слики или фотографии, како што е цртање карта за да се дадат насоки за локација.

**d3358 Продуцирање невербални пораки,поинаку дефинирано**

**d3359 Продуцирање невербални пораки, недефинирано**

**d340 Продуцирање пораки на формален знаковен јазик**
Пренесување буквално и преносно значење со формален знаковен јазик.

**d345 Пишување пораки**
Продуцирање буквални и преносни значења на пораките што се пренесуваат преку писмен јазик, како што е пишување писмо до пријател.

**d349 Комуницирање - продуцирање, поинаку дефинирано и недефинирано**

## Разговор и употреба на уреди и техники за комуникација (d350-d369)

**d350 Разговор**

Започнување, одржување и завршување размена на мисли и идеи, што се врши со помош на говорен, пишан, знаковен или други форми на јазик, со едно или повеќе лица кои се познати или непознати, во формална или неформална средина.

*Вклучува: започнување, одржување и завршување разговор; разговарање со едно или повеќе лица*

**d3500 Започнување разговор**
Започнување дијалог или размена, како на пример, преку свое претствување, изразување вообичаен поздрав, и воведување тема или поставување прашања.

**d3501 Одржување разговор**
Продолжување и обликување дијалог или размена преку додавање идеи, воведување нова тема или навраќање на тема што била претходно спомената, како и преку наизменично зборување или знаковно изразување.

**d3502 Завршување разговор**
Завршување дијалог или размена со употреба на вообичаени искази или изрази на прекинување и преку затворање на темата на дискусија.

**d3503 Разговарање со едно лице**
Започнување, одржување, обликување и прекинување дијалог или размена со едно лице, како на пример, муабетење за времето со пријател.

**d3504 Разговарање со многу лица**
Започнување, одржување, обликување и прекинување дијалог или размена со повеќе од едно лице, како што е започнување и учество во групна размена.

**d3508 Разговор, поинаку дефиниран**

**d3509 Разговор, недефиниран**

**d355 Дискусија**

Започнување, одржување и завршување со испитување на некоја тема, со аргументи за или против, или дебата со помош на говорен, пишан, знаковен или други форми на јазик, со едно или повеќе лица кои се познати или непознати, во формална или неформална средина.

*Вклучува: дискусија со едно или повеќе лица*

**d3550 Дискусија со едно лице**
Започнување, одржување, обликување или завршување на расправа или дебата со едно лице.

**d3551 Дискусија со повеќе лица**
Започнување, одржување, обликување или завршување на расправа или дебата со повеќе од едно лице.

**d3558 Дискусија, поинаку дефинирана**

**d3559 Дискусија, недефинирана**

**d360 Користење комуникациски уреди и техники**
Користење уреди, техники и други средства за комуникација, како што е повикување пријател по телефон.

*Вклучува: користење телекомуникациски уреди, користење машини за пишување и комуникациски техники*

**d3600 Користење телекомуникациски уреди**
Користење телефони и други машини, како што се факс или телекс-машини, како средство за комуникација.

**d3601 Користење машини за пишување**
Користење машини за пишување, како што се машини за чукање, компјутери и пишувачи за Брајово писмо, како средства за комуникација.

**d3602 Користење комуникациски техники**
Изведување активности и задачи опфатени во техниките за комуникација, како што е читање од усни.

**d3608 Користење комуникациски уреди и техники, поинаку дефинирани**

**d3609 Користење комуникациски уреди и техники, недефинирани**

**d369 Разговор и употреба на средства и техники за комуникација, поинаку дефининрани и недефинирани**

**d398 Комуникација, поинаку дефининрана**

**d399 Комуникација, недефинирана**

## Поглавје 4

# Мобилност

Ова поглавје се однесува на движење преку менување на положбата на телото или местото, или преку преместување од едно до друго место, преку носење, движење или ракување со предмети, преку одење, трчање или качување, како и преку користење различни форми на транспорт.

## *Менување и одржување на положбата на телото (d410-d429)*

**d410 Менување на основната положба на телото**
Влегување и излегување од некаква положба на телото и движење од едно место до друго, како што е станување од стол за да се легне на кревет, и влегување и излегување од положба на клечење на колена или клекнување

*Вклучува: менување на положбата на телото од лежење, од клекнување или клечењена колена, од седење или стоење, наведнување и менување на тежиштето на телото*

*Исклучуваа: преместување (d420)*

**d4100 Лежење**
Влегување и излегување од легната положба или менување на положбата на телото од хоризонална во друга положба, како што е станување или седнување.

*Вклучува: влегување во испружена положба ничкум (на стомак)*

**d4101 Клекнување**
Влегување и излегување од положба на чучење со бедрата, при што колената се составени, или седење потпирајќи се на петиците, како што е потребно во нужник на ниво на подот, или менување на положбата на телото од клекнување во друга позиција, како што е стоење.

**d4102 Клечење на колена**
Влегување и излегување од положба во која телото се потпира врз колената со свиени нозе, како за време на молитва, или менување на положбата на телото од клечење на колена во друга позиција, како што е стоење.

**d4103 Седење**
Влегување и излегување од седечка положба и менување на положбата на телото од седење во друга позиција, како што е стоење или лежење.

*Вклучува: влегување во седечка положба со свиени или скрстени нозе; влегување во седечка положба со потпрени или непотпрени нозе*

**d4104 Стоење**
Влегување и излегување од стоечка положба или менување на положбата на телото од стоење во друга позиција, како на пример, лежење или седење.

**d4105 Веднење**
Поместување на грбот надолу или на страна, во делот на торзото, како при поклонување или посегање по некаков предмет што се наоѓа долу.

**d4106 Менување на тежиштето на телото**
Приспособување или движење на тежината на телото од една положба во друга, при седење, стоење или лажење, како што е префрлање од една нога на друга при стоење.

**d4108 Менување на основната положба на телото, поинаку дефинирано**

**d4109 Менување на основната положба на телото, недефинирано**

**d415 Одржување на положбата на телото**
Останување во истата положба на телото според потребите, како што е останување во седната или стоечка позиција за работа или на училиште.

*Вклучува: одржување на лежечка, чучната, клечечка, седечка и стоечка позиција*

**d4150 Одржување на лежечка положба**
Останување во лежечка положба некое време според потребите, како на пример, останување во испружена позиција в кревет.

*Вклучува: останување во положба на стомак (со лицето надолу, т.е. ничкум), на грб (со лицето нагоре) или на страна (бочно)*

**d4151 Одржување на чучната положба**
Останување во чучната положба некое време според потребите, како при седење на земја без седиште.

**d4152 Одржување положба на клечење на колена**
Останување во клечечка позиција каде телото се потпира на колена со свиени нозе, некое време според потребите, како за време на молитва в црква.

**d4153 Одржување на седечка положба**
Останување во седечка положба на седиште или на земја, некое време, според потребите, како на пример кога се седи на биро или на маса.

*Вклучува: останување во седечка положба со прави или со прекрстени нозе, со потпрени или непотпрени стапала*

**d4154 Одржување на стоечка положба**
Останување во стоечка позиција некое време, според потребите, како на пример кога се стои во ред.

*Вклучува: останување во стоечка позиција на косина, на лизгави или цврсти површини*

**d4158 Одржување на положбата на телото, поинаку дефинирано**

**d4159 Одржување на положбата на телото, недефинирано**

**d420 Самостојно преместување**
Движење од една површина на друга, како што е лизгање долж клупа или префрлање од кревет на стол, без да се менува положба на телото.

*Вклучува: преместување при седење или лежење*

*Исклучува: промена на основната положба на телото (d410)*

**d4200 Преместување при седење**
Префрлање од седечка позиција на едно место во седечка позиција на друго место, на исто или различно ниво, како што е префрлање од стол на кревет.

*Вклучува: префрлање од стол на друго место, како што е ве-це шолја; префрлање од инвалидска количка на седиште во кола*

*Исклучува: промена на основната положба на телото (d410)*

**d4201 Преместување при лежење**
Префрлање од една лежечка положба во друга на исто или на различно ниво, како што е префрлање од еден кревет на друг.

*Исклучува: промена на основната положба на телото (d410)*

**d4208 Преместување, поинаку дефинирано**

**d4209 Преместување, недефинирано**

**d429 Менување и одржување на положбата на телото, поинаку дефинирано и недефинирано**

## Носење, преместување и ракување со предмети (d430-d449)

**d430 Кревање и носење предмети**
Подигање на предмет или носење нешто од едно на друго место, како на пример кревање чаша или носење дете од една соба во друга.

*Вклучува: кревање, носење в раце или на раце, или на рамената, колковите, грбот или главата; спуштање*

**d4300 Кревање**
Подигање предмет за да се пренесе од пониско кон повисоко ниво, како на пример кревање чаша од маса.

**d4301 Носење в раце**
Носење или префрлање предмет од едно на друго место со помош на дланките, како на пример кога се носи чаша или куфер.

**d4302 Носење на раце**
Носење или префрлање предмет од едно на друго место со помош на рацете и дланките, како на пример кога се носи дете.

**d4303 Носење на рамена, на колкови и на грб**
Носење или пренесување на предмет од едно на друго место со помош на рамената, колковите или грбот, или со комбинација од нив, како на пример кога се носи голем пакет.

**d4304 Носење на глава**
Носење или пренесување предмет од едно на друго место со помош на главата, како кога се носи сад со вода на главата.

**d4305 Спуштање предмети**
Користење на дланките, рацете или други делови од телото за да спушти предмет долу на површина или место, како на пример кога се спушта сад со вода на земја.

**d4308 Кревање и носење, поинаку дефинирано**

**d4309 Кревање и носење, недефинирано**

**d435 Движење на предмети со долните екстремитети**
Изведување координирани дејствија во насока на движење на предмет со помош на нозете и стапалата, како што е шутирање топка или вртење педали на велосипед.

*Вклучува: туркање со долните екстремитети; шутирање*

**d4350 Туркање со долните екстремитети**
Користење на нозете и стапалата за да се примени сила врз предмет со цел тој да се придвижи, како што е оттурнување на стол со нога.

**d4351 Шутирање**
Користење на нозете и стапалата за да се оттурне нешто, како што е шутирање топка.

**d4358 Движење предмети со долните екстремитети, поинаку дефинирано**

**d4359 Движење предмети со долните екстремитети, недефинирано**

**d440 Прецизно користење на шаката**
Изведување координирани дејствија на ракување со предмети, нивно подигање, манипулација и пуштање со помош на прстите и палецот од една рака, како што е потребно за подигање парички од маса, вртење телефон или притискање копче.

*Вклучува: подигање, фаќање, манипулирање и пуштање*

*Не вклучува: кревање и носење предмети (d430)*

**d4400 Подигање**
Подигање или земање мал предмет со дланките и прстите, како на пример кога се подига молив.

**d4401 Фаќање**
Користење на една или на двете раце за да се фати и да се држи нешто, како на пример кога се фаќа алат или квака на врата.

**d4402 Манипулирање**
Користење на прстите и шаките за да се контролира, насочува или води нешто, како при ракување со парички или со други ситни предмети.

**d4403 Пуштање**
Користење на прстите и шаките за да се пушти или да се ослободи нешто, за тоа да падне или да ја промени положбата, како на пример кога се остава облека.

**d4408 Прецизно користење на шаката, поинаку дефинирано**

**d4409 Прецизно користење на шаката, недефинирано**

**d445 Користење на раката и шаката**
Изведување координирани дејствија потребни за движење предмети или нивно манипулирање со помош на шаките и рацете, како на пример притискање рачка од врата, фрлање или фаќање предмет

*Вклучува: влечење или туркање предмети; посегање; вртење или извртување на шаките или рацете; фрлање; фаќање*

*Не вклучува: прецизно користење на шаката (d440)*

**d4450 Влечење**
Користење на прстите, дланките и рацете за приближување на предмет кон себе или за негово движење од место до место, како на пример кога се повлекува врата за да се затвори.

**d4451 Туркање**
Користење на прстите, шаките и рацете за да се оттурне нешто од себе, или да се придвижи од место до место, како на пример кога се оттурнува животно.

**d4452 Посегање**
Користење на шаките и рацете за да се протегне нанадвор и да се допре и да се фати нешто, како на пример кога се посега преку маса или биро за да се земе книга.

**d4453 Вртење или извртување на шаките или рацете**
Користење на прстите, шаките и рацете за да се ротира, сврти или свитка предмет, како што е потребно за користење алати и прибор за јадење.

**d4454 Фрлање**
Користење на прстите, шаките и рацете за да се крене нешто и да се одбутне со сила низ воздухот, како на пример кога се дофрла топка.

**d4455 Фаќање**
Користење на прстите, шаките и рацете за да се фати предмет во движење со цел да се запре и да се држи, како на пример, кога се фаќа топка.

**d4458 Користење на шаката и раката, поинаку дефинирано**

**d4459 Користење на шаката и раката, недефинирано**

**d449 Носење, движење и ракување со предмети, поинаку дефинирано и недефинирано**

## *Одење и движење (d450-d469)*

**d450 Одење**

Движење долж површина пешки, чекор по чекор, така што едната нога да биде секогаш на земја, како на пример при шетање, лутање, одење напред, назад, или странично.

*Вклучува: одење на кратки или долги растојанија; одење по различни површини; одење околу пречки*

*Не вклучува: преместување (d420); движење наоколу (d455)*

**d4500 Одење на кратки растојанија**
Одење помалку од еден километар, како што е шетање низ соби, ходници, во зграда или на кратки растојанија надвор.

**d4501 Одење на долги растојанија**
Одење повеќе од еден километар, како низ село или град, меѓу села или преку отворени површини.

**d4502 Одење на различни површини**
Одење по стрмни, нерамни, или подвижни површини, како на пример, по трева, чакал или мраз и снег, или качување на брод, воз или друго возило.

**d4503 Одење околу пречки**
Одење на начин што е потребен за да се избегнат подвижни и неподвижни предмети, луѓе, животни и возила, како на пример, шетање низ пазар или продавница, околу или низ сообраќај, или низ други прометни површини.

**d4508 Одење, поинаку дефинирано**

**d4509 Одење, недефинирано**

**d455 Движење наоколу**

Преместување на целото тело од едно на друго место на поинаков начин освен одење, како на пример, качување по карпа или трчање по улица, прескокнување, потскокнување, скокање, преметнување или трчање околу пречки.

*Вклучува: ползење (лазење), качување, трчање, џогирање, скокање, и пливање*

*Исклучува: преместување (d420); одење (d450)*

**d4550 Ползење (лазење)**
Движење на целото тело во положба на стомак од едно до друго место, со потпирање на дланките, или на дланките, рацете и колената.

**d4551 Качување**
Поместување на целото тело нагоре или надолу, врз површини или предмети, како што е качување по скалила, карпи, на скала или скали, рабници од тротоари или други предмети.

**d4552 Трчање**
Движење со брзи чекори, така што и двете нозе може да не ја допираат земјата истовремено.

**d4553 Скокање**
Поместување нагоре од земјата преку свивање или испружување на нозете, како што е скокање на една нога, подрипнување, прескокнување, или скокање или нурнување во вода.

**d4554 Пливање**
Движење на целото тело низ вода со помош на екстремитетите и движења на телото без потпирање врз земјата одоздола.

**d4558 Движење наоколу, поинаку дефинирано**

**d4559 Движење наоколу, недефинирано**

**d460 Движење наоколу на различни локации**
Одење и движење наоколу во разни места и ситуации, како што е одење меѓу соби во куќа, во зграда, или по улица на град.

*Вклучува: движење низ домот, лазење или качување во домот; одење или движење во згради освен домот, и надвор од домот и во други објекти*

**d4600 Движење низ домот**
Одење и движење низ домот, во една соба, меѓу соби, и низ целото живеалиште или станбена површина.

*Вклучува: движење од кат на кат, на висечки балкон, во двор, на трем или во градина*

**d4601 Движење низ други објекти освен домот**
Одење и движење низ други објекти освен живеалиштето, како на пример, движење низ домови на други луѓе, други приватни објекти, објекти во заедницата, и приватни или јавни згради и оградени површини.

*Вклучува: движење низ сите делови од зградите и оградените површини, меѓу катови, внатре, надвор и околу зградите, како јавни, така и приватни*

**d4602 Движење надвор од домот и од други објекти**
Одење и движење во близина или далеку од домот и други објекти, без користење превоз, јавен или приватен, како што е одење на кратки или долги растојанија низ град или село.

*Вклучува: одење или движење по улици низ маало, населба, село или град; движење меѓу градови и на поголеми растојанија, без користење превоз*

**d4608 Движење низ различни локации, поинаку дефинирано**

**d4609 Движење низ различни локации, недефинирано**

**d465 Движење со помош на опрема**
Поместување на целото тело од место до место, на било каква површина или простор, со користење специфични направи за олеснување на движењето или за создавање други начини на движење, како на пример со лизгалки, скии, или со опрема за нуркање, или движење по улица во инвалидска количка или со одалка.

*Не вклучува: преместување (d420); одење (d450); движење наоколу (d455); користење превоз (d470); возење (d475)*

**d469 Одење и движење, поинаку дефинирано и недефинирано**

## *Движење со помош на превоз (d470-d489)*

**d470 Користење превоз**
Користење превоз заради движење наоколу како патник, како на пример, возење во автомобил или со автобус, со рикша, џитни, возило на животински погон, приватно или јавно такси, со автобус, воз, трамвај, метро, брод или авион.

*Вклучува: користење транспорт на човечки погон; користење приватен моторизиран или јавен превоз*

*Не вклучува: движење со помош на опрема (d465); возење (d475)*

**d4700 Користење возила на човечки погон**
Да се биде превезуван како патник со помош на транспорт што го движат едно или повеќе лица, како што е возеше во рикша или чун.

**d4701 Користење приватен моторизиран транспорт**
Да се биде превезуван како патник со помош на приватни моторизирани возила по копно, море или воздух, како на пример со такси или со приватен авион или брод.

**d4702 Користење јавен моторизиран транспорт**
Да се биде превезуван како патник со моторизирани возила по копно, море или воздух наменети за јавен превоз, како на пример да се биде патник во автобус, воз, подземна железница или авион.

**d4708 Користење превоз, поинаку дефинирано**

**d4709 Користење превоз, недефинирано**

**d475 Возење**
Контролирање и движење на возило или животно што го влече, патување во сопствена режија или имање на располагање било каква форма на превоз, како што е автомобил, велосипед, брод или возило на животински погон.

*Вклучува: возење превозно средство на човечки погон, моторни возила, возила на животински погон*

*Не вклучува: движење со помош на опрема (d465); користење превоз (d470)*

**d4750 Возење превозно средство на човечки погон**
Управување со возило на човечки погон, како што е велосипед, трицикл, или чун.

**d4751 Возење моторни возила**
Управување со возило со мотор, како што е автомобил, мотоцикл, моторен чамец или авион.

**d4752 Возење возила на животински погон**
Управување со возило на животински погон, како на пример кола или кочија со коњи.

**d4758 Возење, поинаку дефинирано**

**d4759 Возење, недефинирано**

**d480 Јавање животни за превоз**
Патување на грбот на животно, како што е коњ, вол, камила или слон

*Не вклучува: возење (d475); рекреација и разонода (d920)*

**d489 Движење со помош на превоз, поинаку дефинирано и недефинирано**

**d498 Мобилност, поинаку дефинирана**

**d499 Мобилност, недефинирана**

# Поглавје 5

# Грижа за себе

Ова поглавје се оденсува на грижата за себе, миење и сушење на себеси, грижа за телото и деловите од телото, облекување, јадење и пиење, и грижа за сопственото здравје.

**d510 Самостојно миење**
Миење и сушење на целото тело, или делови од телото, со употреба на вода и соодветни материјали или методи за чистење и сушење, како што се капење, туширање, миење на рацете и нозете, лицето и косата, и бришење со крпа.

*Вклучува: миење на деловите од телото, на целото тело; и сушење на себеси*

*Не вклучува: грижа за делови од телото (d520); вршење нужда (d530)*

**d5100 Миење делови од телото**
Примена на вода, сапун и други супстанци на делови од телото, како што се рацете, лицето, нозете, косата и ноктите, со цел да се исчистат.

**d5101 Миење на целото тело**
Примена на вода, сапун и други супстанци на целото тело, со цел да се исчисти себеси, како што се капење или туширање.

**d5102 Самостојно сушење**
Употреба на крпа или други средства заради сушење на некој дел или делови од телото, или на целото тело, како на пример, по миење.

**d5108 Самостојно миење, поинаку дефинирано**

**d5109 Самостојно миење, недефинирано**

**d520 Грижа за деловите од телото**
Грижа за оние делови од телото, како што се кожата, лицето, забите, скалпот, ноктите и гениталиите, кои бараат повеќе од само миење и сушење.

*Вклучува: грижа за кожата, забите, косата, ноктите на прстите од рацете и нозете*

*Не вклучува: самостојно миење (d510); вршење нужда (d530)*

**d5200 Грижа за кожата**
Грижа за текстурата и хидратацијата на кожата, како што е преку отстранување пликови или мозолки и преку употреба на навлажнувачки лосиони или козметика.

**d5201 Грижа за забите**
Грижа за денталната хигиена, како на пример со четкање заби, чистење со конец и грижа за стоматолошките протези и ортози.

**d5202 Грижа за косата**
Грижа за косата на главата и влакната на лицето, како на пример со чешлање, обликување, бричење, или поткастрување.

**d5203 Грижа за ноктите на рацете**
Чистење, поткастрување или лакирање на ноктите на рацете.

**d5204 Грижа за ноктите на нозете**
Чистење, поткастрување или лакирање на ноктите на нозете.

**d5208 Грижа за деловите од телото, поинаку дефинирана**

**d5209 Грижа за деловите од телото, недефинирана**

**d530 Вршење нужда**
Планирање и елиминирање на човечкиот отпад (менструација, уринирање и дефекација), и чистење на себеси потоа.

*Вклучува: регулирање на мокрењето, дефекацијата и нега за време на менструацијата*

*Не вклучува: миење на себеси (d510); грижа за деловите од телото (d520)*

**d5300 Регулирање на мокрењето**
Координација и контрола на мокрењето, како на пример со посочување потреба, поставување во сооветна положба, избирање и одење на соодветно место за мокрење, ракување со облеката пред и по мокрење, и чистење на себеси по мокрењето.

**d5301 Регулирање на дефекацијата**
Координација и контрола на дефекацијата, како на пример со посочување потреба, поставување во соодветна положба, избирање и одење на соодветно место за дефекација, ракување со облеката пред и по дефекацијата, и чистење на себеси по дефекацијата.

**d5302 Грижа за време на менструација**
Координација, планирање и грижа за време на менструација, како на пример, со предвидување на менструацијата и користење хигиенски влошки и бришачи.

**d5308 Вршење нужда, поинаку дефинирано**

**d5309 Вршење нужда, недефинирано**

**d540 Облекување**
Изведување координирани дејствија и задачи на облекување и соблекување алишта и обувки по редослед и во согласност со климатско-општествените услови, како на пример преку облекување, местење и отстранување на кошули, здолништа, блузи, панталони, долна облека, сари, кимона, хулахопки, капи, ракавици, палта, чевли, чизми, сандали и влечки.

*Вклучува: облекување или соблекување облека и обувки, и избирање соодветна облека*

**d5400 Облекување алишта**
Изведување координирани задачи на ставање облека на различни делови од телото, како што е ставање облека на главата, врз рацете и рамената, и на долната и горната половина од телото; ставање ракавици и капа.

**d5401 Соблекување алишта**
Изведување координирани задачи за вадење на облеката од различни делови на телото, како што е извлекување на алиштата од и преку главата, од рацете и рамената, и од горната и долната половина на телото; вадење ракавици и капа.

**d5402 Облекување обувки**
Изведување координирани задачи на облекување чорапи, хулахопки и обувки.

**d5403 Соблекување обувки**
Изведување координирани задачи на соблекување чорапи, хулахопки и обувки.

**d5404 Избирање соодветна облека**
Следење имплицитен или експлицитен кодекс на облекување, како и на конвенциите на општеството или културата, и облекување во согласност со климатските услови.

**d5408 Облекување, поинаку дефинирано**

**d5409 Облекување, недефинирано**

**d550 Јадење**
Вршење координирани задачи и дејствија на јадење храна која е послужена, носејќи ја до устата и конзумирајќи ја на културно прифатлив начин, сечење или кршење на храната на парчиња, отворање шишиња и конзерви, користење прибор за јадење, имање оброци, гоштевање или обедување.

*Не вклучува: пиење (d560)*

**d560 Пиење**
Земање пијалак, носење на пијалакот до устата, и конзумирање на пијалакот на културно прифатлив начин, мешање, размешување и истурање течности за пиење, отворање шишиња и лименки, пиење преку слама или вода која тече, како што е вода од чешма или од извор; цицање од дојките.

*Не вклучува: јадење (d550)*

**d570 Грижа за здравјето**
Обезбедување физичка удобност, здравје, физичка и ментална благосостојба, како и преку одржување балансирана исхрана и соодветен степен на физичка активност, затопленост или разладеност, избегнување штети по здравјето, следење безбедни сексуални практики, вклучувајќи и користење кондоми, добивање вакцини и редовни здравствени прегледи.

*Вклучува: обезбедување физичка удобност; контрола на исхраната и физичката форма; одржување на здравјето*

**d5700 Обезбедување физичка удобност**
Грижа за себе така што се има свест дека треба да се обезбеди и се обезбедува удобна положба на телото, дека не треба на човек да му биде претопло или престудено, и да има соодветно осветлување.

**d5701 Контрола на исхраната и физичката форма**
Грижа за себе така што се има свест за потребата да се избере и конзумира здрава храна и да се одржува физичката форма.

**d5702 Одржување на здравјето**
Грижа за себе така што се има свест за потребата да се прави она што е потребно за грижа за здравјето, да се одговори на ризиците по здравјето и да се спречи болест, како на пример со барање стручна помош; следење медицински и други здравствени совети; и избегнување ризици по здравјето, како што се физички повреди, заразни болести, земање дрога и сексуално преносливи болести.

**d5708 Грижа за здравјето, поинаку дефинирана**

**d5709 Грижа за здравјето, недефинирана**

**d598 Грижа за себе, поинаку дефинирана**

**d599 Грижа за себе, недефинирана**

## Поглавје 6

# Живот во домот

Ова поглавје се однесува на извршување домашни и секојдневни активности и задачи. Областите на домашниот живот вклучуваат стекнување место за живеење, храна, облека и задоволување на другите основни потреби, чистење и поправки во домаќинството, грижа за личните и други предмети во домаќинството, и помагање на другите.

## *Задоволување на основните потреби (d610-d629)*

**d610 Стекнување место за живеење**
Купување, закупување, опремување и уредување на куќа, стан или друго живеалиште.

*Вклучува: купување или закупување место за живеење и опремување на местото за живеење*

*Не вклучува: стекнување стоки и услуги (d620); грижа за предметите во домаќинството (d650)*

**d6100 Купување место за живеење**
Стекнување сопственост врз куќа, стан или друго живеалиште.

**d6101 Закупување место за живеење**
Стекнување употреба на куќа, стан или живеалиште што му припаѓа на друг, во замена за плаќање.

**d6102 Опремување на местото за живеење**
Опремување и уредување на животниот простор со мебел, инсталации и друга опрема, како и внатрешно уредување на собите.

**d6108 Стекнување место за живеење, поинаку дефинирано**

**d6109 Стекнување место за живеење, недефинирано**

**d620 Стекнување стоки и услуги**
Избор, набавка и транспорт на сите стоки и услуги потребни за секојдневно живеење, како на пример, набавка, транспорт и чување храна, пијалаци, облека, средства за чистење, гориво, предмети за домаќинство, прибор за јадење, прибор за готвење, домашни апарати и алати; набавка на комунални и други услуги за домаќинството.

*Вклучува: купување и собирање продукти за дневните потреби*

*Не вклучува: стекнување место за живеење (d610)*

**d6200 Пазарење**
Стекнување, во замена за пари, на стоки и услуги потребни за секојдневно живеење (вклучувајќи и инструирање и надзирање на посредник кој ќе испазари, како на пример, избор на храна, пијалак, средства за чистење, предмети за домаќинство или облека во продавница или на пазар; споредување на квалитетот и цената на потребните предмети, преговарање и плаќање за избраните стоки или услуги, како и превоз на стоките.

**d6201 Собирање продукти за дневните потреби**
Добивање, без размена на пари, на стоки и услуги потребни за секојдневното живеење (вклучувајќи инструирање и надзирање посредник да ги собере продуктите за дневни потреби), како на пример, преку берење зеленчук и овошје и обезбедување вода и гориво.

**d6208 Стекнување стоки и услуги, поинаку дефинирано**

**d6209 Стекнување стоки и услуги, недефинирано**

**d629 Стекнување со неопходни потреби, поинаку дефинирано и недефинирано**

## *Домашни задачи (d630-d649)*

**d630 Подготовка на јадења**
Планирање, организирање, готвење и послужување едноставни и сложени јадења за себе и за другите, како на пример, со составување мени, избирање храна за јадење и пијалак, спојување на состојките за подготовка на јадењата, готвење со топлина и подготовка на ладна храна и пијалаци, и послужување на храната.

*Вклучува: подготвување на едноставни и сложени јадења*

*Не вклучува: јадење (d550); пиење (d560); стекнување стоки и услуги (d620); домашна работа (d640); грижа за предмети во домаќинството (d650); грижа за другите (d660)*

**d6300 Подготовка на едноставни јадења**
Организирање, готвење и послужување јадења со мал број состојки за кои се потребни лесни методи на подготовка и сервирање, како на пример,ужина или мал оброк, и трансформирање на прехранбените состојки со сецкање и мешање, варење и загревање на храна како ориз или компири.

**d6301 Подготовка на сложени јадења**
Планирање, организирање, готвење и послужување јадења со голем број состојки за кои се потребни сложени методи на подготовка и сервирање, како на пример, планирање оброк со неколку јадења, и трансформирање на прехранбените состојки со комбинирани активности на лупење, сецкање, мешање, месење, размешување, презентирање и послужување на храната на начин соодветен за пригодата и културата.
*Не вклучува: користење апарати за домаќинство (d6403)*

**d6308 Подготовка на јадења, поинаку дефинирана**

**d6309 Подготовка на јадења, недефинирана**

**d640 Работа низ домот**

Водење на домаќинството преку чистење на куќата, перење алишта, користење апарати за домаќинство, чување храна и отстранување отпад, на пример, со метење, бришење, миење работни површини, ѕидови и други површини; собирање и отстранување на ѓубрето од домаќинството; средување на собите, плакарите и фиоките; собирање, перење, сушење, диплење и пеглање на алиштата; чистење на обувките; користење метли, четки и правосмукалки; користење машини за перење, машини за сушење и пегли.

*Вклучува: перење и сушење алишта и облека; чистење на просторот за готвење и на приборот; чистење на просторот за живеење; користење апарати за домаќинство, чување продукти за дневните потреби и отстранување на ѓубрето*

*Не вклучува: стекнување живеалиште (d610); стекнување стоки и услуги (d620); подготовка на јадења (d630); грижа за предмети во домаќинството (d650); грижа за другите (d660)*

**d6400 Перење и сушење алишта и облека**

Перење алишта и облека на рака, нивно пружање да се исушат на воздух.

**d6401 Чистење на просторот за готвење и на приборот**

Чистење по готвење, како на пример со миење садови, тави, тенџериња и прибор за готвење, како и со чистење маси и подови околу просторот за готвење и јадење.

**d6402 Чистење на просторот за живеење**

Чистење на просторот за живеење во домаќинството, како на пример, со средување и бришење прашина, метење, пребришување, бришење подови, чистење прозорци и ѕидови, чистење бањи и тоалети, чистење покуќнина.

**d6403 Користење апарати за домаќинство**

Користење на сите видови апарати за домаќинство, како што се машини за перење, машини за сушење, пегли, правосмукалки и машини за садови.

**d6404 Чување продукти за дневните потреби**

Чување храна, пијалаци, облека и други предмети во домаќинството потребни за секојдневно живеење; подготовка на зимница со конзервирање, солење или замрзнување, чување на храната свежа и надвор од дофатот на животни.

**d6405 Отстранување на ѓубрето**

Отстранување на ѓубрето од домаќинството, како на пример со собирање на отпадоците и ѓубрето околу куќата, подготвување на ѓубрето за одлагање, користење апарати за отстранување отпадоци; горење на ѓубрето.

**d6408 Работа низ домот поинаку дефинирана**

**d6409 Работа низ домот недефинирана**

**d649 Задачи низ домот**

## Грижа за предмети во домаќинството и помагање на другите (d650-d669)

**d650 Грижа за предмети во домаќинството**
Одржување и поправка на апарати за домаќинство и други лични предмети, вклучувајќи ја и куќата и нејзината содржина, облеката, возилата и помагалата, како и грижа за растенијата и животните, потоа, варосување на собите или лепење тапети, поставување мебел, поправка на водоводните инсталации, обезбедување исправна работна состојба на возилата, залевање на растенијата, чешлање и хранење на миленичињата и домашните животни.

*Вклучува: изработка и поправка на облека; одржување на живеалиштето, мебелот и апаратите за домаќинство; одржување на возилата; одржување на помагалата; грижа за растенијата (внатре и надвор) и за животните*

*Не вклучува: стекнување живеалиште (d610); стекнување стоки и услуги (d620); домашна работа (d640); грижа за другите (d660); платено вработување (d850)*

**d6500 Изработка и поправка на облека**
Изработка и поправка на облека, како на пример со шиење, производство или поправање облека; прешивање копчиња и затворачи; пеглање облека, поправање и полирање обувки.

*Не вклучува: користење апарати за домаќинство (d6403)*

**d6501 Одржување на живеалиштето и мебелот**
Поправка и грижа за живеалиштето, неговата надворешност, внатрешност и содржини, како на пример со варосување, поправка на инсталациите и мебелот, и користење алати потребни за поправката.

**d6502 Одржување на апаратите за домаќинство**
Поправка и грижа за сите домашни апарати за готвење, чистење и поправање, како на пример, подмачкување и поправање на алатот и одржување на машината за перење.

**d6503 Одржување на возилата**
Поправка и грижа за моторизирани и немоторизирани возила за лична употреба, вклучувајќи велосипеди, коли, автомобили и бродови.

**d6504 Одржување на помагалата**
Поправка и грижа за помагалата, како што се протези, ортози и специјализирани алати и помагала за одржување на домаќинството и за лична нега; одржување и поправка на помагалата за лична мобилност, како што се бастуни, одалки, инвалидски колички и скутери; и одржување на комуникациски и рекреативни помагала.

**d6505 Грижа за растенијата внатре и надвор**
Грижа за растенијата внатре и надвор од куќата, како на пример со садење, залевање и ѓубрење на растенијата; градинарство и одгледување храна за лична употреба.

**d6506 Грижа за животните**
Грижа за домашните животни и миленици, како на пример со хранење, чистење, чешлање и шетање на милениците; грижа за здравјето на животните или милениците; планирање на грижата за животните или милениците при отсуство.

**d6508 Грижа за предмети во домаќинството, поинаку дефинирана**

**d6509 Грижа за предмети во домаќинството, недефинирана**

**d660 Помагање на другите**
Помагање на членовите на домаќинството и на другите при учење, комуникација, грижа за себе, движење во домот или надвор; заинтересираност за благосостојбата на членовите на домаќинството и на другите.

*Вклучува: помагање на другите околу грижата за себе, движењето, комуникацијата, меѓучовечките односи, исхраната и одржувањето на здравјето*

*Не вклучува: платено вработување (d850)*

**d6600 Помагање на другите околу грижата за себе**
Помагање на членовите на домаќинството и на другите при грижата за себе, како и помагање на другите околу јадење, капење и облекување; грижа за децата или членовите на домаќинството кои се болни или имаат тешкотии со основната грижа за себе; помагање на другите околу вршењето нужда.

**d6601 Помагање на другите при движење**
Помагање на членовите на домаќинството и на другите при движење и одење надвор од дома, како на пример, низ маалото или в град, до или од училиште, до местото на работа или до друго одредиште.

**d6602 Помагање на другите при комуникација**
Помагање на членовите на домаќинството и на другите околу комуникацијата, како на пример, помош при зборување, пишување или читање.

**d6603 Помагање на другите во меѓучовечките односи**
Помагање на членовите на домаќинството и на другите при меѓучовечките интеракции, како на пример преку помагање да започнат, одржуваат или да прекинат односи.

**d6604 Помагање на другите при исхраната**
Помагање на членовите на домаќинството и на другите при исхраната, како на пример, помагање да подготват и да јадат оброци.

**d6605 Помагање на другите при одржување на здравјето**
Помагање на членовите на домаќинството и на другите при формалната и неформалната грижа за здравјето, како на пример, редовни систематски прегледи на децата, или редовно земање потребни лекарства на постарите роднини.

**d6608 Помагање на другите, поинаку дефинирано**

**d6609 Помагање на другите, недефинирано**

**d669 Грижа за предмети во домаќинството и помагање на другите, поинаку дефинирани и недефинирани**

**d698 Живот во домот, поинаку дефиниран**

**d699 Живот во домот, недефиниран**

## Поглавје 7

# Меѓучовечки интеракции и односи

Ова поглавје се однесува на спроведување активности и задачи потребни за основни и сложени интеракции со луѓето (непознати лица, пријатели, роднини, членови на семејството и љубовни партнери) соодветно на контекстот и социјалната ситуација.

## *Општи меѓучовечки интеракции (d710-d729)*

**d710** **Основни меѓучовечки интеракции**
Интеракција со луѓето соодветно на контекстот и социјалната ситуација, како на пример, покажување внимание и почит кога е потребно, или реагирање на чувствата на другите.

*Вклучува: покажување почит, топлина, разбирање и толеранција во односите; одговарање на критиката и социјалните знаци во односите; и користење соодветен физички контакт во односите*

**d7100** **Почит и топлина во односите**
Покажување и реагирање на внимание и почит, соодветно на контекстот и социјалната ситуација

**d7101** **Разбирање во односите**
Покажување и реагирање на задоволство и благодарност, соодветно на контекстот и социјалната ситуација.

**d7102** **Толеранција во односите**
Покажување и реагирање на разбирање и прифаќање на однесувањето, соодветно на контекстот и социјалната ситуација.

**d7103** **Критика во односите**
Обезбедување и одговарање на имплицитни и експлицитни разлики во мислењето или несогласувања, соодветно на контекстот и социјалната ситуација.

**d7104** **Социјални знаци во односите**
Соодветно давање и реагирање на знаци и навестувања кои се јавуваат во социјалните интеракции.

**d7105** **Физички контакт во односите**
Остварување и реагирање на телесен контакт со другите, соодветно на контекстот и социјалната ситуација.

**d7108** **Основни меѓучовечки интеракции, поинаку дефинирани**

**d7109** **Основни меѓучовечки интеракции, недефинирани**

**d720 Комплексни меѓучовечки интеракции**

Одржување и насочување интеракции со други луѓе, соодветно на контекстот и социјалната ситуација, како на пример, преку регулирање на емоциите и импулсите, контрола на вербалната и физичка агресија, независно постапување во социјалните интеракции, и постапување во согласност со општествените правила и конвенции.

*Вклучува: формирање и прекинување односи; регулирање на однесувањето во интеракциите; интеракција според општествените правила; и одржување на социјалниот простор*

**d7200 Формирање односи**

Започнување и одржување интеракции со другите во краток или долг временски период, соодветно на контекстот и социјалната ситуација, како на пример со претставување на себеси, наоѓање и создавање пријателства и професионални односи, започнување врска која може да стане постојана, романтична или интимна.

**d7201 Прекинување односи**

Завршување на интеракциите, соодветно на контекстот и социјалната ситуација, како на пример, со завршување привремени односи на крајот од некаква посета, завршување долгорочни односи со пријателите при селење во нов град или завршување на односите со колеги од работа, професионални колеги и даватели на услуги, како и ставање крај на романтични или интимни врски.

**d7202 Регулирање на однесувањето во интеракциите**

Регулирање на емоциите и импулсите, на вербалната и физичката агресија во интеракциите со другите, соодветно на контекстот и социјалната ситуација.

**d7203 Интеракција според општествените правила**

Независно постапување во социјалните интеракции и почитување на општествените конвенции со кои се регулира нечија улога, позиција или друг социјален статус во интеракции со другите.

**d7204 Одржување социјален простор**

Свест и одржување растојание меѓу себеси и другите, соодветно на контекстот, социјалната ситуација и културата.

**d7208 Комплексни меѓучовечки интеракции, поинаку дефинирани**

**d7209 Комплексни меѓучовечки интеракции, недефинирани**

**d729 Општи меѓучовечки интеракции, поинаку дефинирани и недефинирани**

## Посебни меѓучовечки односи (d730-d779)

**d730 Поврзување со непознати**
Вклучување во привремени контакти и врски со непознати заради конкретни цели, како на пример, кога се прашува за насоки, или за да се купи нешто.

**d740 Формални односи**
Создавање и одржување конкретни односи во формални средини, како на пример, со работодавачи, професионални лица или даватели на услуги.
*Вклучува: поврзување со лица од авторитет, со подредени и со еднакви на себе*

**d7400 Поврзување со лица од авторитет**
Создавање и одржување формални односи со лица на позиција на моќ или со повисок ранг или престиж во однос на сопствената социјална позиција, како на пример, со работодавач.

**d7401 Поврзување со подредени**
Создавање и одржување формални односи со лица на позиција од понизок ранг или престиж во однос на сопствената социјална позиција, како на пример, со вработен или со прислужник.

**d7402 Поврзување со еднакви на себе**
Создавање и одржување формални односи со луѓето на иста позиција на авторитет, ранг или престиж во однос на сопствената социјална позиција.

**d7408 Формални односи, поинаку дефинирани**

**d7409 Формални односи, недефинирани**

**d750 Неформални социјални односи**
Влегување во односи со други, како на пример, површни односи со луѓе што живеат во иста заедница или живеалиште или со колеги, ученици, соиграчи или лица со слична заднина или професија.

*Вклучува: неформални односи со пријатели, соседи, познајници, сожители и врсници*

**d7500 Неформални односи со пријатели**
Создавање и одржување пријателски односи, кои се одликуваат со заемна почит и заеднички интереси.

**d7501 Неформални односи со соседи**
Создавање и одржување неформални односи со луѓето кои живеат во блиските станови или населби.

**d7502 Неформални односи со познајници**
Создавање и одржување неформални односи со луѓе кои се познати, но не се блиски пријатели.

**d7503 Неформални односи со состанари**
Создавање и одржување неформални односи со луѓе кои се состанари во куќа или во друго живеалиште, приватно или јавно, заради било која цел.

**d7504 Неформални односи со врсници**
Создавање и одржување неформални односи со луѓе кои се на иста возраст, делат исти интереси или други заеднички карактеристики.

**d7508 Неформални социјални односи, поинаку дефинирани**

**d7509 Неформални социјални односи, недефинирани**

**d760 Семејни односи**
Создавање и одржување роднински врски, како на пример, со членовите на потесното семејство, поширокото семејство, згрижувачкото и посвоителското семејство, како и врски со посинети деца и посвоители, подалечни врски со втори братучеди, или со законски старатели.

*Вклучува: односи родител-дете и дете-родител, односи со браќа и сестри и со поширокото семејство*

**d7600 Односи родител-дете**
Станување и бидување родител, биолошки и посвоителски, како на пример, преку имање дете и поврзување со него како родител или преку создавање и одржување родителски однос со посвоеник и обезбедување физичка, интелектуална и емоционална грижа за биолошкото или посвоеното дете.

**d7601 Односи дете-родител**
Создавање и одржување односи со родителот, како на пример, мало дете кое ги слуша родителите или полнолетно3кое се грижи за остарените родители.

**d7602 Односи со браќа и сестри**
Создавање и одржување братски или сестрински односи со лице кое дели еден или двајца заеднички родители по раѓање, посвојување или брак.

**d7603 Односи со поширокото семејство**
Создавање и одржување семејна врска со членовите на поширокото семејство, како на пример, со братучеди, тетки и чичковци, баби и дедовци.

**d7608 Семејни односи, поинаку дефинирани**

**d7609 Семејни односи, недефинирани**

**d770** **Интимни врски**
Создавање и одржување блиски или романтични врски меѓу поединци, како што се маж и жена, љубовни партнери или сексуални партнери.

*Вклучува: романтични, сопружнички и сексуални врски*

**d7700** **Романтични врски**
Создавање и одржување врска врз основа на емоционална и физичка привлечност, која потенцијално води до долгорочна интимна врска.

**d7701** **Сопружнички врски**
Создавање и одржување интимна врска од правна природа со друго лице, како на пример, во законски брак, вклучувајќи станување и бидување законски венчана жена или маж или невенчан сопружник.

**d7702** **Сексуални врски**
Создавање и одржување врска од сексуална природа, со сопружник или со друг партнер.

**d7708** **Интимни врски, поинаку дефинирани**

**d7709** **Интимни врски, недефинирани**

**d779** **Посебни меѓучовечки односи, поинаку дефинирани и недефинирани**

**d798** **Меѓучовечки интеракции и односи, поинаку дефинирани**

**d799** **Меѓучовечки интеракции и односи, недефинирани**

# Поглавје 8

# Главни животни области

Ова поглавје се однесува на вршење задачи и активности потребни за вклучување во образование, работа и вработување и за изведување економски трансакции.

## *Образование (d810-d839)*

**d810** **Неформално образование**
Учење дома или во други неинституционални средини, како на пример, учење занаети и други вештини од родителите или од членовите на семејството, или школување дома.

**d815** **Предучилишно образование**
Учење во почетно ниво на организирана настава, првенствено наменета за запознавање на детето со училишната средина и негова подготвка за задолжително образование, како на пример, преку стекнување вештини во градинка или во слична средина како подготовка за премин во училиште.

**d820** **Училишно образование**
Стекнување прием во училиште, ангажирање во сите училишни обврски и привилегии, учење на наставниот материјал и предметите, и исполнување на другите барања во наставните планови и програми за основно или средно образование, вклучувајќи редовно присуство на училиште, соработка со другите ученици, следење на упатствата од наставниците, организирање, учење и завршување на поставените задачи и проекти, како и напредување во другите фази на образование.

**d825** **Стручна обука**
Вклучување во сите активности на стручна програма, и учење на наставниот материјал при подготовка за вработување во занает, занимање или струка.

**d830** **Високо образование**
Вклучување во активности на напредни образовни програми за универзитети, колеџи и факултети, и учење на сите аспекти на наставната програма потребни за обрзаовни степени, дипломи, сертификати и други акредитации, како на пример, завршување студиска програма за додипломски или магистарски студии, медицински факултет или друг факултет.

**d839** **Образование, поинаку дефинирано и недефинирано**

## Работа и вработување (d840-d859)

**d840 Пракса (подготовка за работа)**
Вклучување во програми поврзани со подготовка за вработување, како на пример, изведување задачи на пракса, стажирање, чиракување и обука на работното место.

*Не вклучува: стручна обука (d825)*

**d845 Добивање, задржување и прекин на работа**
Барање, наоѓање и избор на вработување, добивање и прифаќање работа, одржување и напредување во работата, занаетот, занимањето или струката, и напуштање на работата на соодветен начин.

*Вклучува: барање вработување; подготовка на биографија или си-ви; контакт со работодавачите и подготовка за интервју; задржување на работата; следење на сопствената работа; давање отказ; и прекин на работата*

**d8450 Барање вработување**
Наоѓање и избор на работа во занает, струка или друга форма на вработување, и изведување на потребните задачи за да се добие работата, како на пример, појавување на местото на вработување или учество во интервју за работа.

**d8451 Задржување работа**
Изведување работни задачи за да се задржи занимање, занает, струка или друга форма на вработување, како и добивање унапредување и друго напредување на работа.

**d8452 Прекин на работа**
Оставање или напуштање на работата на соодветен начин.

**d8458 Добивање, задржување и прекин на работа, поинаку дефинирани**

**d8459 Добивање, задржување и прекин на работа, недефинирани**

**d850 Платено вработување**
Ангажирање во сите аспекти на работата како занимање, занаает, струка или друга форма на вработување, за плата, како вработен, со полно или скратено работно време, или како самовработен, како на пример, барање и добивање работа, вршење на потребните работни задачи, навремено присуство на работа според барањата, надгледување други работници или работење под надзор и изведување на потребните задачи сами или во групи.

*Вклучува: самовработување, вработување со скратено работно време и со полно работно време*

**d8500 Самовработување**
Вклучување во платена работа која ја бара или ја произведува поединецот, или договор за дело со други, без формален работен однос, како на пример сезонска земјоделска работа, работа како слободен писател или консултант, краткорочен договор за работа, работа како уметник или занаетчија, поседување и водење на продавница или друга дејност.

*Не вклучува: вработување со скратено работно време и со полно работно време (d8501, d8502)*

**d8501 Вработување со скратено работно време**
Ангажирање во сите аспекти на работата платена врз основа на скратено работно време, како вработен, како на пример, барање вработување и добивање работа, вршење на потребните задачи на работното место, навремено присуство на работа според условите, надгледување на други работници или работење под надзор, и извршување на потребните задачи сами или во групи.

**d8502 Вработување со полно работно време**
Ангажирање во сите аспекти на работата платена врз основа на полно работно време, како вработен, како на пример, барање вработувње и добивање работа, вршење на потребните задачи на работното место, навремено присуство на работа според условите, надгледување на други работници или работење под надзор, и извршување на потребните задачи сами или во групи.

**d8508 Платено вработување, поинаку дефинирано**

**d8509 Платено вработување, недефинирано**

**d855 Неплатено вработување**
Ангажирање во сите аспекти на работата за која не е предвидена плата, со полно работно време или со скратено работно време, вклучувајќи и организирани работни активности, вршење на потребните задачи на работното место, навремено присуство на работа според условите, надгледување на други работници или работење под надзор и извршување на потребните задачи сами или во групи, како на пример, волонтерска работа, добротворна работа, работа за заедницата или за религиозна група, без надомест, работа низ дома без надомест.

*Не вклучува: Полавје 6 Живот во домот*

**d859 Работа и вработување, поинаку дефинирани и недефинирани**

## Економски живот (d860-d879)

**d860 Основни економски трансакции**
Вклучување во било каква форма на едноставни економски трансакции, како што се користење пари за да се купи или да се размени храна, да се направи размена на стоки и услуги; или да се заштедат пари.

**d865 Комплексни економски трансакции**
Вклучување во било каква форма на комплексна економска трансакција која вклучува размена на капитал или имот, како и создавање профит или економска вредност, како што се купување на фирма, фабрика или опрема, водење сметка во банка, или тргување со стоки.

**d870 Економска самостојност**
Имање контрола врз економски средства од приватни или јавни извори, со цел да се обезбеди економска сигурност за сегашни и идни потреби.

*Вклучува: лични економски средства и јавни економски права*

**d8700 Лични економски средства**
Имање контрола врз лични или приватни економски средства, со цел да се обезбеди економска сигурност за сегашни и идни потреби.

**d8701 Јавни економски права**
Имање контрола врз јавни економски средства, со цел да се обезбеди економска сигурност за сегашни и идни потреби.

**d8708 Економска самостојност, поинаку дефинирана**

**d8709 Економска самостојност, недефинирана**

**d879 Економски живот, поинаку дефиниран и недефиниран**

**d898 Главни животни области, поинаку дефинирани**

**d899 Главни животни области, недефинирани**

# Поглавје 9

# Заедница, социјален и граѓански живот

Ова поглавје се однесува на активностите и задачите што се потребни за вклучување во организиран социјален живот надвор од семејството, во заедницата, социјалните и граѓанските области на животот.

**d910 Живот во заедницата**

Ангажирање во сите аспекти на општествениот живот на заедницата, како на пример, вклучување во добротворни организации, услужни клубови или професионални општествени организации.

*Вклучува: неформални и формални здруженија; церемонии*

*Не вклучува: неплатено вработување (d855); рекреација и разонода (d920); религија и духовност (d930); политички живот и државјанство (d950)*

**d9100 Неформални здруженија**

Вклучување во општествени или здруженија во заедницата организирани од луѓе со заеднички интереси, како на пример, локални социјални клубови или етнички групи.

**d9101 Формални здруженија**

Ангажирање во професионални или други ексклузивни општествени групи, како на пример, здруженија на адвокати, лекари или академици.

**d9102 Церемонии**

Ангажирање во неверски обреди или социјални церемонии, како што се венчавки, погреби или церемонии на иницијација.

**d9108 Живот во заедницата, поинаку дефиниран**

**d9109 Живот во заедницата, недефиниран**

**d920 Рекреација и разонода**

Вклучување во било каква форма на игра, рекреативни и слободни активности, како што се неформални или организирани игри и спорт, програми за физичка кондиција, релаксација, забава или разонода, посета на уметнички галерии, музеи, кина и театри; ангажирање во занаети или хобија, читање за уживање, свирење музички инструменти; излети, туризам и патување за задоволство.

*Вклучува: игра, спорт, уметност и култура, занаети, хобија и дружење*

*Не вклучува: јавање животни за транспорт (d480); платена и неплатена работа (d850 и d855); религија и духовност (d930); политички живот и државјанство (d950)*

**d9200 Игра**

Вклучување во игри со правила, или неструктурирани или неорганизирани игри и спонтана рекреација, како што се играње шах или карти или детска игра.

**d9201 Спорт**
Вклучување во натпреварувачки и неформални или формално организирани игри или спортски настани, кои се изведуваат поединечно или во група, како на пример, куглање, гимнастика или фудбал.

**d9202 Уметност и култура**
Вклучување или почитување на ликовната уметност или на културни настани, како на пример, одење на театар, кино, во музеј или уметничка галерија, или глумење во претстава, читање за уживање или свирење на музички инструмент.

**d9203 Занаети**
Ангажирање во ракотворби, како што се керамика или плетење.

**d9204 Хобија**
Ангажирање во занимации како што е собирање поштенски марки, монети или антиквитети.

**d9205 Дружење**
Вклучување во неформални или случајни средби со други, како што е посета на роднини или пријатели, или неформално сретнување на јавни места.

**d9208 Рекреација и разонода, поинаку дефинирани**

**d9209 Рекреација и разонода, недефинирани**

**d930 Религија и духовност**
Вклучување во верски или духовни активности, организации и практики за себеисполнување, наоѓање значење, верска или духовна вредност и воспоставување врска со божествена сила, како што е одење во црква, храм, џамија или синагога, молење или пеење за религиозна цел, и духовна контемплација.

*Вклучува: организирана религија и духовност*

**d9300 Организирана религија**
Вклучување во организирани религиозни церемонии, активности и настани.

**d9301 Духовност**
Вклучување во духовни активности или настани, надвор од организирана религија.

**d9308 Религија и духовност, поинаку дефинирани**

**d9309 Религија и духовност, недефинирани**

**d940 Човекови права**
Уживање на сите национално и меѓународно признати права кои се применуваат за луѓето само врз основа на тоа што се луѓе, како што се човековите права признаени во Универзалната декларација на ОН за човекови права (1948) и Стандардните правила на Обединетите нации за изедначување на можностите за лицата со попреченост (1993); правото на самоопределување или самостојност; и правото на контрола врз сопствената судбина.

*Не вклучува: политички живот и државјанство (d950)*

**d950 Политички живот и државјанство**
Ангажирање во социјалниот, политичкиот и јавниот живот на државјанин, имање правен статус на државјанин и уживање на правата, заштитата, привилегиите и должностите поврзани со таа улога, како што се правото на глас и на кандидирање за политичка функција, правото на политичко здружување; уживање на правата и слободите поврзани со државјанството (на пример, правото на слобода на изразување, здружување, религија, заштита од неразумен претрес и заплена, правото на бранител, на судење и други права, како и заштита од дискриминација); имање правен статус на државјанин.

*Не вклучува: човекови права (d940)*

**d998 Заедница, социјален и граѓански живот, поинаку дефинирани**

**d999 Заедница, социјален и граѓански живот, недефинирани**

# ФАКТОРИ НА СРЕДИНАТА

*Дефиниција:* ***Факторите на средината*** *ги сочинуваат физичката, општествената и становишната средина во која луѓето живеат и го водат својот живот.*

***Кодирање на факторите во средината***

Факторите на средината претставуваат компонента од Дел 2 (Контекстуални фактори) на класификацијата. Тие мора да се разгледаат за секоја компонента на функционирањето и соодветно да се кодираат (види Анекс 2).

Факторите на средината треба да се кодираат од перспектива на лицето чија состојба се опишува. На пример, косините на тротоарите со плочки без текстура може да се кодираат како олеснувачки фактор за корисник на инвалидска количка, но како бариера за слепо лице.

Со првиот квалификатор се посочува степенот до кој факторот е олеснувачки или претставува бариера. Постојат неколку причини зошто срединскиот фактор може да биде олеснувачки или да биде бариера, и до кој степен. За олеснувачките фактори, кодерот треба да има на ум прашања како на пр., достапност на ресурсот, дали пристапот е сигурен или променлив, со добар или лош квалитет, итн. Во случај на бариери, може да биде релевантно колку често факторот го попречува лицето, дали пречката е голема или мала, дали може да се избегне или не. Исто така, треба да се има на ум дека срединскиот фактор може да биде бариера или поради своето присуство (на пр., негативни ставови кон лицата со попреченост), или поради своето отсуство (на пр., недостапност на потребна услуга).  Ефектите што факторите на средината ги имаат врз животот на лицата со здравствени состојби се различни и комплексни, и постои надеж дека идните истражувања ќе доведат до подобро разбирање на оваа интеракција, а можеби и ќе ја покажат корисноста од постоење на втор квалификатор за овие фактори.

Во некои случаи, збир од разновидни фактори на средината се сумира со еден термин, како на пр., сиромаштија, развој, рурална или урбана средина, или социјален капитал. Ваквите сумарни термини ги нема во класификацијата. Напротив, кодерот треба да ги одвои составните фактори и нив да ги кодира. Уште еднаш, потребни се натамошни истражувања за да се утврди дали постојат јасни и доследни групи фактори што го сочинуваат секој од овие сумарни термини.

***Прв квалификатор***

Подолу се дадени негативната и позитивната скала за степенот до кој факторот на средината дејствува како бариера или е олеснувачки. Точката или самиот разделник означуваат бариера, а знакот + означува олеснувачки фактор, како што е наведено подолу:

| | | | |
|---|---|---|---|
| **xxx.0** | НЕМА бариера | (нема, отсутна, занемарлива,…) | 0-4% |
| **xxx.1** | БЛАГА бариера | (мала, ниска,…) | 5-24% |
| **xxx.2** | УМЕРЕНА бариера | (средна, прилична...) | 25-49% |
| **xxx.3** | СЕРИОЗНА бариера | (висока, екстремна, …) | 50-95% |
| **xxx.4** | ЦЕЛОСНА бариера | (тотална,…) | 96-100% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **xxx+0** | НЕМА олесн. фактор | (нема, отсутен, занемарлив,… ) | 0-4% |
| **xxx+1** | БЛАГ олесн. Фактор | (мал, низок,…) | 5-24% |
| **xxx+0** | УМЕРЕН олесн. фактор | (среден, приличен,...) | 25-49% |
| **xxx+3** | ЗНАЧИТЕЛЕН олесн. фактор | (висок, екстремен, …) | 50-95% |
| **xxx+4** | ЦЕЛОСЕН олесн. фактор | (тотален,…) | 96-100% |

| | |
|---|---|
| **xxx.8** | бариера, недефинирана |
| **xxx+8** | олеснувачки фактор, недефиниран |
| **xxx.9** | не е применливо |

Предвиден е широк опсег на проценти за оние случаи при кои се достапни калибрирани инструменти или други стандарди за процена, со цел да се измери степенот на бариерата или олеснувачкиот фактор во средината. На пример, кога се кодира со „нема бариера“ или со „целосна бариера“, оваа скала има отстапување (маргина на грешка) до 5%. „Умерената бариера“ се дефинира со процент до половина од скалата за целосната бариера. Во различните домени, процентите треба да се калибрираат како перцентили во однос на стандардите за населението. Со цел ваквото мерење да се користи истоветно, преку истражувања, треба да се изработат постапки за процена.

**Втор квалификатор:** Треба да се развие.

## Поглавје 1

# Производи и технологија

Ова поглавје се однесува на природни производи, или на производи или системи на производи, опрема и технологија изработени од човекот во непосредната средина на поеинецот, а кои се собрани, создадени, произведени или изработени. Класификацијата на технички помагала ИСО 9999 ги дефинира како „било каков производ, инструмент, опрема или технички систем што ги користи лице со попреченост, посебно произведени или општо достапни, со кои се спречува, надоместува, следи, олеснува или се неутрализира“ попреченоста. Познато е дека секој производ или технологија може да бидат асистивни. (Видете ИСО 9999: Технички помагала за лица со попреченост - Класификација (втора верзија); ИСО/ТЦ 173/СЦ 2; ИСО/ДИС 9999 (рев)) Меѓутоа, за целите на оваа класификација на фактори во средината, асистивните производи и технологија се дефинирани потесно како било каков производ, инструмент, опрема или технологија приспособени или специјално дизајнирани за подобрување на функционирањето на лице со попреченост.

**e110 Производи или супстанци за лична употреба**
Секој природен или од човекот изработен предмет или супстанца собрани, преработени и изработени за голтање.

*Вклучува: храна, пијалак и лекови*

**e1100 Храна**
Секој природен или од човекот изработен предмет или супстанца собрани, преработени или произведени за јадење, како на пример, сурова, преработена и подготвена храна и течности со различна постојаност, билки и минерали (витамински и други додатоци).

**e1101 Лекови**
Секој природен или од човекот изработен предмет или супстанца собрани, преработени или произвдедени за медицински цели, како што се алопатски и натуропатски лекови.

**e1108 Производи или супстанци за лична употреба, поинаку дефинирани**

**e1109 Производи или супстанци за лична употреба, недефинирани**

**e115 Производи и технологии за лична употреба во секојдневниот живот**
Опрема, производи и технологии кои луѓето ги користат во секојдневните активности, вклучувајќи ги и оние адаптирани или специјално дизајнирани, поставени во, на, или во близина на лицето што ги користи.

*Вклучува: општи и асистивни производи и технологии за лична употреба*

**e1150 Општи производи и технологии за лична употреба во секојдневниот живот**
Опрема, производи и технологии кои луѓето ги користат во секојдневните активности, како што се облека, текстил, мебел, апарати, производи за чистење и алати, а не се приспособени или специјално дизајнирани.

**e1151 Асистивни производи и технологии за лична употреба во секојдневниот живот**
Приспособена или специјално дизајнирана опрема, производи и технологии кои им помагаат на луѓето во секојдневниот живот, како што се протетички и ортотички направи, невронски протези (на пример, уреди за функционална стимулација што ги контролираат цревата, мочниот меур, дишењето и отчукувањата на срцето), како и апарати за контрола на средината насочени кон олеснување на контролата на поединците врз условите внатре (скенери, системи за далечинско управување, системи на гласовна контрола, тајмер-прекинувачи).

**e1158 Производи и технологија за лична употреба во секојдневниот живот, поинаку дефинирани**

**e1159 Производи и технологија за лична употреба во секојдневниот живот, недефинирани**

**e120 Производи и технологија за лична мобилност и транспорт внатре и надвор**
Опрема, производи и технологии кои луѓето ги користат при активности на движење внатре и надвор од објекти, вклучувајќи ги и приспособените или специјално дизајнираните, поставени во, на, или во близина на лицето што ги користи.

*Вклучува: општи и асистивни производи и технологија за лична мобилност и транспорт внатре и надвор*

**e1200 Општи производи и технологија за лична мобилност и транспорт внатре и надвор**
Опрема, производи и технологии кои луѓето ги користат во активности на движење внатре и надвор од објекти, како што се моторизирани и немоторизирани возила кои се користат за транспорт на луѓе над земја, по вода и воздух (на пример, автобуси, автомобили, комбиња, други возила на моторен погон и транспортери на животински погон), а кои не се приспособени или специјално дизајнирани.

**e1201 Асистивни производи и технологија за лична мобилност и транспорт внатре и надвор**
Приспособена или специјално дизајнирана опрема, производи и технологии кои им помагаат на луѓето да се движат внатре и надвор од објекти, како што се помагала за одење, специјални возила и комбиња, адаптации на возила, инвалидски колички, скутери и преносни уреди.

**e1208 Производи и технологија за лична мобилност и транспорт внатре и надвор, поинаку дефинирани**

**e1209 Производи и технологија за лична мобилност и транспорт внатре и надвор, недефинирани**

## e125 Производи и технологии за комуникација

Опрема, производи и технологии кои луѓето ги користат при активности на испраќање и примање информации, вклучувајќи ги и оние кои се приспособени или специјално дизајнирани, поставени во, на, или во близина на лицето што ги користи.

*Вклучува: општи и асистивни производи и технологии за комуникација*

**e1250 Општи производи и технологии за комуникација**
Опрема, производи и технологии кои луѓето ги користат при активности на испраќање и примање информации, како што се визуелни и слушни помагала, аудио рекордери и приемници, телевизиска и видео опрема, телефонски апарати, системи за пренос на звук и уреди за комуникација „лице-в-лице“, а кои не се приспособени или специјално дизајнирани.

**e1251 Асистивни производи и технологии за комуникација**
Приспособена или специјално дизајнирана опрема, производи и технологии кои им помагаат на луѓето да испраќаат и примаат информации, како што се специјализирани визуелни уреди, електро-оптички уреди, специјализирани уреди за пишување, цртање или ракописно пишување, сигнални системи и специјален компјутерски софтвер и хардвер, кохлеарни импланти, слушни помагала, ФМ- аудитивни обучувачи, гласовни протези, комуникациски табли, очила и контактни леќи.

**e1258 Производи и технологии за комуникација, поинаку дефинирани**

**e1259 Производи и технологии за комуникација, недефинирани**

## e130 Производи и технологија за образование

Опрема, производи, процеси, методи и технологии кои се користат за стекнување знаење, стручност или вештини, вклучувајќи ги и приспособените или специјално дизајнираните.

*Вклучува: општи и асистивни производи и технологии за образование*

**e1300 Општи производи и технологија за образование**
Опрема, производи, процеси, методи и технологии кои се користат за стекнување знаење, стручност и вештина на било кое ниво, како што се книги, прирачници, едукативни играчки, компјутерски хардвер или софтвер, а кои не се приспособени или специјално дизајнирани.

**e1301 Асистивни производи и технологија за образование**
Приспособена и специјално дизајнирана опрема, производи, процеси, методи и технологии кои се користат за стекнување знаење, стручност или вештини, како на пример, специјализирана компјутерска технологија.

**e1308 Производи и технологија за образование, поинаку дефинирани**

**e1309 Производи и технологија за образование, недефинирани**

**e135 Производи и технологија за вработување**
Опрема, производи и технологии кои се користат за вработување заради олеснување на работните активности.

*Вклучува: општи и асистивни производи и технологии за вработување*

**e1350 Општи производи и технологија за вработување**
Опрема, производи и технологии кои се користат за вработување заради олеснување на работните активности, како што се алати, машини и канцелариска опрема, а кои не се приспособени или специјално дизајнирани.

**e1351 Асистивни производи и технологија за вработување**
Приспособена или специјално дизајнирана опрема, производи и технологии кои се користат за вработување заради олеснување на работните активности, како што се прилагодливи маси, клупи и шкафчиња; влез и излез низ канцелариските врати на далечински управувач; компјутерски хардвер, софтвер, опрема и апарати за контрола на средината во насока на олеснување на работните задачи на поединецот и во насока на контрола на работната средина (на пример, скенери, системи на далечинско управување, системи контролирани со глас и тајмер-прекинувачи).

**e1358 Производи и технологија за вработување, поинаку дефинирани**

**e1359 Производи и технологија за вработување, недефинирани**

**e140 Производи и технологија за култура, спорт и рекреација**
Опрема, производи и технологии кои се користат за спроведување и унапредување на културни, рекреативни и спортски активности, вклучувајќи ги и оние кои се приспособени или специјално дизајнирани.

*Вклучува: општи и асистивни производи и технологии за култура, спорт и рекреација*

**e1400 Општи производи и технологија за култура, спорт и рекреација**
Опрема, производи и технологии кои се користат за спроведување и унапредување на културни, рекреативни и спортски активности, како на пример, играчки, скии, тениски топчиња и музички инструменти, а кои не се приспособени или специјално дизајнирани.

**e1401 Асистивни производи и технологија за култура, спорт и рекреација**
Приспособена или специјално дизајнирана опрема, производи и технологии кои се користат за спроведување и унапредување на културни, рекреативни и спортски активности, како на пример, модифицирани уреди за мобилност при спортот, адаптации за музички и други уметнички перформанси.

**e1408 Производи и технологија за култура, рекреација и спорт, поинаку дефинирани**

**e1409 Производи и технологија за култура, рекреација и спорт, недефинирани**

**e145** **Производи и технологија за практикување на религијата и духовноста**
Производи и технологии, уникатни или масовно произведени, кои добиваат или преземаат симболичко значење во контекст на практикување религија или духовност, вклучувајќи ги и оние што се приспособени или специјално дизајнирани.

*Вклучува: општи и асистивни производи и технологии за практикување на религијата и духовноста*

**e1450** **Општи производи и технологија за практикување на религијата и духовноста**
Производи и технологија, уникатни или масовно произведени, кои добиваат или преземаат симболичко значење во контекст на практикување религија или духовност, како што се храмови, мајски дрва, капи, маски, крстови, менори и простирки за молитва, а кои не се приспособени или специјално дизајнирани.

**e1451** **Асистивни производи и технологија за практикување на религијата и духовноста**
Приспособени или специјално дизајнирани производи и технологии кои добиваат или преземаат симболичко значење во контекст на практикување религија или духовност, како на пример, верски книги во Брајово писмо, Брајови тарот карти, и посебна заштита на тркалата на инвалидска количка кога се влегува во храмови.

**e1458** **Производи и технологија за практикување на религијата или духовноста, поинаку дефинирани**

**e1459** **Производи и технологија за практикување на религијата или духовноста, недефинирани**

**e150** **Проектирање, конструкција и изработка на производи и технологии за објекти за јавна употреба**
Производи и технологии кои претставуваат затворена и отворена средина за поединецот направена од човекот, а кои се планирани, проектирани и изградени за јавна употреба, вклучувајќи ги и оние што се приспособени или специјално дизајнирани.

*Вклучува: проектирање, конструкција и изградба на производи и технологија на влезовите и излезите, објектите и патеките*

**e1500** **Проектирање, конструкција и изработка на производи и технологии за влегување и излегување од објекти за јавна употреба**
Производи и технологии за влез и излез од човечки направена средина, а кои се планирани, проектирани и изградени за јавна употреба, како што се проектирање, конструкција и изградба на влезовите и излезите на објекти за јавна употреба (на пример, работни места, продавници и кина), јавни згради, преносни и стационарни рампи, серво-врати, рачки на врати со лост, и прагови на ниво на вратата.

**e1501 Проектирање, конструкција и изработка на производи и технологија за пристап до погодности во објекти за јавна употреба**
Производи и технологија за внатрешни погодности при проектирање, конструкција и изградба за јавна употреба, како што се тоалети, телефони, аудио-индукциски обрачи, лифтови или дигалки, ескалатори, термостати (за регулирање на температурата) и диспергирани пристапни седишта во сали или на стадиони.

**e1502 Проектирање, конструкција и изработка на производи и технологија за наоѓање на патот, означување на патеки и обележување на места во објекти за јавна употреба**
Внатрешни и надворешни производи и технологија при проектирање, конструкција и изградба за јавна употреба, за да им се помогне на луѓето да се снајдат внатре и веднаш надвор од објектите и да ги лоцираат местата каде што сакаат да одат, како на пример, знаци, во Брајово писмо или напишани, големина на коридори, подни површини, пристапни киосци и други форми на насочување.

**e1508 Проектирање, конструкција и изработка на производи и технологија на објекти за јавна употреба, поинаку дефинирани**

**e1509 Проектирање, конструкција и изработка на производи и технологија на објекти за јавна употреба, недефинирани**

## e155 Проектирање, конструкција и изработка на производи и технологија на објекти за приватна употреба

Производи и технологии кои ја сочинуваат внатрешната и надворешната средина на поединецот направена од човекот, која е планирана, проектирана и изградена за приватна употреба, вклучувајќи ги и оние што се приспособени или специјално дизајнирани.

*Вклучува: проектирање, конструкција и изградба на производи и технологија на влезовите и излезите, објектите и патеките*

**e1550 Проектирање, конструкција и изработка на производи и технологија за влегување и излегување од објекти за приватна употреба**
Производи и технологии за влез и излез од човечки направена средина, која е планирана, проектирана и изградена за приватна употреба, како што се влезовите и излезите на приватни куќи, преносни и стационарни рампи, серво-врати, рачки на врати со лост, и прагови на ниво на вратата.

**e1551 Проектирање, конструкција и изработка на производи и технологија за добивање пристап до погодности во објекти за приватна употреба**
Производи и технологии поврзани со проектирање, конструкција и изградба во внатрешноста на згради за приватна употреба, како што се тоалети, телефони, аудио, кујнски елементи, апарати и електронски контроли во приватни домови.

**e1552 Проектирање, конструкција и изработка на производи и технологии за наоѓање на патот, означување на патеки и обележување места во објекти за приватна употреба**
Внатрешни и надворешни производи и технологија при проектирање, конструкција и изградба на патека, за приватна употреба, за да им се помогне на луѓето да се снајдат внатре и веднаш надвор од објектите и да ги лоцираат местата каде што сакаат да одат, како на пример, знаци, во Брајово писмо или напишани, големина на коридори и подни површини.

**e1558 Проектирање, конструкција и изработка на производи и технологија на објекти за приватна употреба, поинаку дефинирани**

**e1559 Проектирање, конструкција и изработка на производи и технологија на објекти за приватна употреба, недефинирани**

**e160 Производи и технологија за уредување на земјиште**
Производи и технологија на земјишни површини, бидејќи влијаат врз надворешната средина на поединецот, преку имплементација на политики за користење на земјиштето, проектирање, планирање и уредување на просторот, вклучувајќи ги и оние што се приспособени или специјално дизајнирани.

*Вклучува: производи и технологија на земјишни површини кои се организирани преку спроведување политики за користење на земјиштето, како што се рурални средини, приградски населби, урбани средини, паркови, заштитени подрачја и резервати на див свет*

**e1600 Производи и технологија за уредување на рурално земјиште**
Производи и технологија во подрачја со рурално земјиште, бидејќи влијаат врз надворешната средина на поединецот, преку имплементација на политики за користење рурално земјиште, проектирање, планирање и уредување на просторот, како на пример, фарми, патишта и патокази.

**e1601 Производи и технологија за уредување на приградско земјиште**
Производи и технологија во приградски земјишни подрачја, бидејќи влијаат врз средината на поединецот, преку имплементација на политики за користење приградско земјиште, проектирање, планирање и уредување на просторот, како што се засечени рабови на тротоари, патишта, патокази и улично осветлување.

**e1602 Производи и технологија за уредување на градежно земјиште**
Производи и технологија во подрачја со градежно земјиште, бидејќи влијаат врз средината на поединецот, преку имплементација на политики за користење градежно земјиште, проектирање, планирање и уредување на просторот, како на пример, засечени рабови на тротоари, рампи, патокази и улично осветлување.

**e1603 Производи и технологија за паркови, заштитени и подрачја со див свет**
Производи и технологија на земјишни површини кои сочинуваат паркови, заштитени и подрачја со див свет, бидејќи влијаат врз надворешната средина на поединецот, преку имплементација на политики за користење на земјиштето, и проектирање, планирање и уредување на просторот, како што се патокази во паркови и патеки на дивиот свет.

**e1608 Производи и технологија за уредување на земјиштето, поинаку дефинирани**

**e1609 Производи и технологија за уредување на земјиштето, недефинирани**

## e165 Средства

Производи или предмети за економска размена, како на пример, пари, стока, имот и други вредни предмети што ги поседува поединецот или врз кои има право на користење.

*Вклучува: материјални и нематеријални производи и стоки, финансиски средства*

**e1650 Финансиски средства**
Производи, како што се пари и други финансиски инструменти, кои служат како медиум за размена на труд, капитални добра и услуги.

**e1651 Материјални средства**
Производи или предмети, како што се куќи и земја, облека, храна и техничка стока, кои служат како медиум за размена на труд, капитални добра и услуги.

**e1652 Нематеријални средства**
Производи, како на пример, интелектуална сопственост, знаења и вештини, кои служат како медиум за размена на труд, капитални добра и услуги.

**e1658 Средства, поинаку дефинирани**

**e1659 Средства, недефинирани**

## e198 Производи и технологија, поинаку дефинирани

## e199 Производи и технологија, недефинирани

## Поглавје 2

# Природна средина и човечки промени на средината

Ова поглавје се однесува на живите и неживите елементи на природната или физичката средина, и на компонентите од таа средина кои се изменети од луѓето, како и на карактеристиките на човечкото население во таа средина.

**e210** **Физичка географија**
Карактеристики на земјишните форми и водените маси.

*Вклучува: карактеристики на географијата опфатени со орографија (релјеф, квалитет и површина на земјиштето и земјишните форми, вклучувајќи и надморска височина) и хидрографија (водени маси, како што се езера, реки, море)*

**e2100** **Земјишни форми**
Карактеристики на земјишните форми, како што се планини, ридови, долини и рамнини.

**e2101** **Водени маси**
Карактеристики на водените маси, како што се езера, брани, реки и потоци.

**e2108** **Физичка географија, поинаку дефинирана**

**e2109** **Физичка географија, недефинирана**

**e215** **Население**
Групи луѓе кои живеат во дадена средина и кои делат ист шаблон на адаптација кон животната средина.

*Вклучува: демографски промени; густина на населеност*

**e2150** **Демографски промени**
Промени што се случуваат во рамките на групи луѓе, како што се составот и варирањето на вкупниот број на лица во некоја област предизвикани со раѓање, смрт, стареење на населението, и со миграција.

**e2151** **Густина на населеност**
Број на лица на единица земјишна површина, вклучувајќи и карактеристики како што се висока и ниска густина.

**e2158** **Население, поинаку дефинирано**

**e2159** **Население, недефинирано**

## e220 Флора и фауна
Растенија и животни.

*Не вклучува: припитомени животни (e350); население (e215)*

**e2200 Растенија**
Било кој од разните фотосинтетски, еукариотски, повеќеклеточни организми во царството Растенија, кои карактеристично произведуваат зачетоци што содржат хлоропласти, имаат целулозни клеточни ѕидови, и немаат моќ на движење, како што се дрвја, цвеќиња, грмушки и винови лози.

**e2201 Животни**
Повеќеклеточни организми во царството Животни, кои се разликуваат од растенијата во одредени типични карактеристики како што се способност за движење, нефотосинтетски метаболизам, нагласена реакција на дразби, ограничен раст, и фиксна телесна структура, како на пример, диви или домашни животни, влекачи, птици, риби и цицачи.
*Не вклучува: средства (e165); припитомени животни (e350)*

**e2208 Флора и фауна, поинаку дефинирани**

**e2209 Флора и фауна, недефинирани**

## e225 Клима
Метеоролошки карактеристики и појави, како што се временски услови.

*Вклучува: температура, влажност, атмосферски притисок, врнежи, ветер и сезонски варијации*

**e2250 Температура**
Степен на топлина или студ, како што се високи и ниски температури, нормални или екстремни температури.

**e2251 Влажност**
Степен на влага во воздухот, како што се висока или ниска влажност.

**e2252 Атмосферски притисок**
Притисок на околниот воздух, како што е притисок во врска со надморска височина или метеоролошки услови.

**e2253 Врнежи**
Паѓање на влага, како на пример, дожд, роса, снег, лапавица и град.

**e2254 Ветер**
Воздух во побрзо или побавно природни движење, како на пример, ветрец, бура или налет.

**e2255 Сезонски варијации**
Природна, редовна и предвидлива промена од едно годишно време во друго, како што е лето, есен, зима и пролет.

**e2258 Клима, поинаку дефинирана**

**e2259 Клима, недефинирана**

**е230** **Природни појави**
Географски и атмосферски промени кои предизвикуваат нарушување во физичката средина на поединецоот, се случуваат редовно или нередовно, како што се земјотреси и тешки или бурни временски услови, на пример, торнада, урагани, тајфуни, поплави, шумски пожари и снежни бури.

**е235** **Човечки предизвикани настани**
Измени или нарушувања во природната средина, предизвикани од луѓето, кои може да доведат до нарушување на секојдневниот живот на луѓето, вклучувајќи настани или состојби поврзани со конфликти и војни, како што е раселување на лица, уништување на социјална инфраструктура, куќи и земјиште, еколошки катастрофи и загадување на почвата, водата или воздухот (на пример, токсични излевања).

**е240** **Светлина**
Електромагнетно зрачење со чија помош работите стануваат видливи на сончева или на вештачка светлина (на пример, свеќи, маслени или парафински ламби, оган и струја), а кои може да обезбедат корисни или вознемирувачки информации за светот.
*Вклучува: интензитет на светлина; квалитет на светлина; контрасти на боја*

**е2400** **Интензитет на светлина**
Степен или количество енергија што се емитира од природен (т.е., сонцето) или вештачки извор на светлина.

**е2401** **Квалитет на светлина**
Природата на светлината што се обезбедува и поврзаните контрасти на боја создадени во видливата околина, а кои може да дадат корисни информации за светот (на пример, визуелни информации за присуство на скали или врата) или да го одвлечат вниманието (на пр., премногу визуелни слики).

**е2408** **Светлина, поинаку дефинирана**

**е2409** **Светлина, недефинирана**

**е245** **Промени поврзани со времето**
Природни, редовни или предвидливи временски промени.

*Вклучува: циклуси на ден/ноќ и месечеви мени*

**е2450** **Циклуси на ден/ноќ**
Природни, редовни и предвидливи промени од ден во ноќ и пак во ден, како што се ден, ноќ, зора и самрак.

**е2451** **Циклуси на месечеви мени**
Природни, редовни и предвидливи промени на положбата на месечината во однос на земјата.

**е2458** **Промени поврзани со времето, поинаку дефинирани**

**е2459** **Промени поврзани со времето, недефинирани**

**e250** **Звук**
Појава која се слуша или може да се слушне, како на пример, трескање, ѕвонење, тапо удирање, пеење, свиркање, викање или зуење, со било каква јачина, боја на звук или тон, а која може да обезбеди корисни или вознемирувачки информации за светот.

*Вклучува: интензитет на звукот; квалитет на звукот*

**e2500 Интензитет на звукот**
Степен или јачина на звучната појава определени со количеството енергија што се создава, при што високиот степен на енергија се смета за гласен звук, а ниското степен на енергија се смета за тивок звук.

**e2501 Квалитет на звукот**
Природата на звукот определена со брановата должина и брановото движење на звукот што се доживува како боја и тон на звукот, како на пример, рапавост или мелодичност, а кои може да дадат корисни информации за светот (на пример, звук на лаеж од куче во споредба со мјаукање од мачка) или да го одвлечат вниманието (на пример, странична бучава).

**e2508 Звук, поинаку дефиниран**

**e2509 Звук, недефиниран**

**e255** **Вибрации**
Редовно или нередовно движење напред и назад на предмет или поединец предизвикано од физичко нарушување, како на пример, тресење, треперење, брзи нагли движења на предмети, згради или луѓе предизвикани со мала или голема опрема, авиони и експлозии.

*Не вклучува: природни појави (e230), како што вибрации и тресење на земјата предизвикани од земјотреси*

**e260** **Квалитет на воздухот**
Карактеристики на атмосферата (надвор од објекти) или на затворени површини со воздух (внатре во објекти), а кои може да дадат корисни или вознемирувачки информации за светот.

*Вклучува: квалитет на воздухот внатре и надвор*

**e2600 Квалитет на воздухот внатре**
Природата на воздухот во внатрешноста на згради или затворени површини, определена со мирис, чад, влага, климатизација (контролиран квалитет на воздухот) или неконтролиран квалитет на воздухот, а која може да даде корисни информации за светот (на пример, мирис на протекување на гас) или да го одвлече вниманието (на пр., преовладување на мирис од парфем).

**e2601 Квалитет на воздухот надвор**
Природата на воздухот надвор од згради или затворени површини, определена со мирис, чад, влага, количества на озон и други карактеристики на атмосферата, а која може да даде корисни информации за светот (на пример, мирис на дожд) или да го одвлече вниманието (да вознемири) (на пример, токсични мириси).

**e2608 Квалитет на воздухот, поинаку дефиниран**

**e2609 Квалитет на воздухот, недефиниран**

**e298 Природна средина и промени на средината направени од човекот, поинаку дефинирани**

**e299 Природна средина и промени на средината направени од човекот, недефинирани**

## Поглавје 3

# Поддршка и односи

Ова поглавје се однесува на луѓе или животни кои обезбедуваат практична физичка или емоционална поддршка, нега, заштита, помош и односи со други лица, во нивниот дом, место на работа, училиште или при игра, или во другите аспекти на нивните секојдневни активности. Поглавјето не ги опфаќа ставовите на лицето или лицата што обезбедуваат поддршка. Срединскиот фактор што се опишува не е човек ниту животно, туку количеството физичка и емоционална поддршка што ги дава лицето или животното.

**e310** **Потесно семејство**
Лица поврзани преку раѓање, брак или преку друг однос признаен од културата како потесно семејство, како што се сопружници, партнери, родители, браќа и сестри, деца, згрижувачки родители, посвоители и баби и дедовци.

*Не вклучува: пошироко семејство (е315); давители на лична нега и лични асистенти (е340)*

**e315** **Пошироко семејство**
Лица поврзани преку семејство или брак, или преку други односи признаени од културата како пошироко семејство, како на пример, тетки, чичковци, внуци и внуки од браќа и сестри.

*Не вклучува: потесно семејство (е310)*

**e320** **Пријатели**
Лица кои се блиски и постојани учесници во односи што се одликуваат со доверба и заемна поддршка.

**e325** **Познајници, врсници, колеги, соседи и членови на заедницата**
Лица кои меѓусебно се познаваат како на пример, познајници, врсници, колеги, соседи и членови на заедницата, во ситуации на работа, училиште, рекреација, или други аспекти на животот, и кои делат демографски карактеристики како што се возраст, пол, верска или етничка припадност или следат заеднички интереси.

*Не вклучува: здруженија и организациски услуги (е5550)*

**e330** **Лица од авторитет**
Поединци кои имаат надлежности за носење одлуки за другите и кои имаат општествено дефинирано влијание или моќ врз основа на својата општествена, економска, културна или верска улога во општеството, како на пример наставници, работодавачи, надзорници, верски лидери, заменски носители на одлуки, старатели или доверители.

**е335 Лица во подредена положба**
Поединците чиј секојдневен живот е под влијание на лица од авторитет на работа, во училиште или во други средини, како што се ученици, работници и членови на религиозна група.

*Не вклучува: потесно семејство (е310)*

**е340 Даватели на лична нега и лични асистенти**
Поединци кои обезбедуваат услуги потребни за поддршка на лицата при секојдневните активности и изведување на работата, при образование или во друга животна ситуација, што се обезбедуваат со јавни или приватни средства, или поинаку, на доброволна основа, како даватели на поддршка за создавање дом и одржување, лични асистенти, помошници при превоз, платена помош, дадилки и други кои функционираат како примарни даватели на нега.

*Не вклучува: потесно семејство (е310); пошироко семејство (е315); пријатели (е320); општа социјална помош (е5750); здравствени работници (е355)*

**е345 Непознати лица**
Поединци кои се непознати и не се поврзани, или оние кои сè уште не воспоставиле однос или здружување, вклучувајќи лица кои не му се познати на поединецот, но кои делат животна ситуација со него, како на пример, наставници на замена, соработници или даватели на нега.

**е350 Припитомени животни**
Животни кои обезбедуваат физичка, емоционална или психолошка поддршка, како што се домашни миленици (кучиња, мачки, птици, риби, и сл.) и животни за лична мобилност и транспорт.

*Не вклучува: животни (е2201); средства (е165)*

**е355 Здравствени работници**
Сите даватели на услуги кои работат во контекст на здравствениот систем, како што се лекари, медицински сестри, физиотерапевти, трудови терапевти, логопеди, аудиолози, ортотистички простетичари, медицински социјални работници.

*Не вклучува: други професионалци (е360)*

**е360 Други професионалци**
Сите даватели на услуги кои работат надвор од здравствениот систем, вклучувајќи правници, социјални работници, наставници, архитекти и дизајнери.

*Не вклучува: здравствени работници (е355)*

**е398 Поддршка и односи, поинаку дефинирани**

**е399 Поддршка и односи, недефинирани**

## Поглавје 4

# Ставови

Ова поглавје се однесува на ставовите кои се видливи последици од обичаи, практики, идеологии, вредности, норми, фактички и религиозни уверувања. Овие ставови влијаат врз однесувањето на поединецот и врз општествениот живот на сите нивоа, почнувајќи од меѓучовечките односи и здружувањето во заедница, па сè до политичките, економските и правните структури; на пример, индивидуалните или општествените ставови за веродостојноста и вредноста на поединецот како човечко суштество кое може да поттикне позитивни, чесни практики или негативни и дискриминаторски практики (на пример, стигматизирање, стереотипизирање и маргинализација или занемарување на лицето).
Класифицираните ставови се ставовите на луѓето што го опкружуваат лицето чија состојба се опишува. Тие не се ставови на самото лице.
Ставовите на поединецот се категоризирани според видовите односи наведени во Факторите на средината, Поглавје 3. Вредностите и уверувањата не се кодирани одделно од ставовите, бидејќи за нив се претпоставува дека се движечка сила зад ставовите.

**e410** **Индивидуални ставови на членовите на потесното семејство**
Општи или посебни мислења и убедувања на најблиските членови на семејството за лицето или за други работи (на пр., општествени, политички и економски прашања), кои влијаат врз однесувањето и постапките на поединецот.

**e415** **Индивидуални ставови на членовите на поширокото семејство**
Општи или посебни мислења и убедувања на членовите на поширокото семејство за лицето или за други работи (општествени, политички и економски прашања), кои влијаат врз однесувањето и постапките на поединецот.

**e420** **Индивидуални ставови на пријателите**
Општи или посебни мислења и убедувања на пријателите за лицето или за други работи (на пр., општествени, политички и економски прашања), кои влијаат врз однесувањето и постапките на поединецот.

**e425** **Индивидуални ставови на познајниците, врсниците, колегите, соседите и членовите на заедницата**
Општи или посебни мислења и убедувања на познајниците, врсниците, колегите, соседите и членовите на заедницата за лицето или за други работи (општествени, политички и економски прашања), кои влијаат врз однесувањето и постапките на поединецот.

**e430** **Индивидуални ставови на луѓето од аворитет**
Општи или посебни мислења и убедувања на луѓето од авторитет за лицето или за други работи (на пр., општествени, политички и економски прашања), кои влијаат врз однесувањето и постапките на поединецот.

**e435 Индивидуални ставови на луѓето во подредена положба**
Општи или посебни мислења и убедувања на луѓето во подредена положба за лицето или за други работи (на пр., општествени, политички и економски прашања), кои влијаат врз однесувањето и постапките на поединецот.

**e440 Индивидуални ставови на давателите на лична нега и на личните асистенти**
Општи или посебни мислења и убедувања на давателите на лична нега и на личните асистенти за лицето или за други работи (на пр., општествени, политички и економски прашања), кои влијаат врз однесувањето и постапките на поединецот.

**e445 Индивидуални ставови на непознатите лица**
Општи или посебни мислења и убедувања на непознатите лица за лицето или за други работи (на пр., општествени, политички и економски прашања), кои влијаат врз однесувањето и постапките на поединецот.

**e450 Индивидуални ставови на здравствените работници**
Општи или посебни мислења и убедувања на здравствените работници за лицето или за други работи (на пр., општествени, политички и економски прашања), кои влијаат врз однесувањето и постапките на поединецот.

**e455 Индивидуални ставови на други стручни лица во врска со здравјето**
Општи или посебни мислења и убедувања на професионалците поврзани со здравјето, за лицето или за други работи (на пр., општествени, политички и економски прашања), кои влијаат врз однесувањето и постапките на поединецот.

**e460 Општествени ставови**
Општи или посебни мислења и убедувања кои обично ги имаат луѓето на една култура, општество, супкултурна или друга општествена група, за други лица или за други општествени, политички и економски прашања, кои влијаат врз групното или индивидуалното однесување и постапки.

**e465 Општествени норми, практики и идеологии**
Обичаи, практики, правила и апстрактни системи на вредности и нормативни уверувања (на пример, идеологии, нормативни погледи на светот и морални филозофии) кои се јавуваат во општествен контекст и кои влијаат или создаваат општествени и индивидуални практики и однесувања, како што се општествените норми на морално и религиозно однесување или етика; религиозната доктрина и резултантните норми и практики; нормите што се однесуваат на ритуали или општествени собири.

**e498 Ставови, поинаку дефинирани**

**e499 Ставови, недефинирани**

## Поглавје 5

# Услуги, системи и политики

Ова поглавје се однесува на:

1. Услуги со кои се обезбедуваат бенефиции, структурирани програми и активности во различни сектори на општеството со цел да се задоволат потребите на поединците. (Во услугите се опфатени и лицата кои ги обезбедуваат). Услугите може да бидат јавни, приватни или на доброволна основа и може да се воспостават на локално, општинско, регионално, државно, покраинско, национално или на меѓународно ниво од страна на поединци, здруженија, организации, агенции или влади. Добрата што се обезбедуваат со ваквите услуги може да бидат општи или приспособени и специјално дизајнирани.
2. Системите се административни контролни и организациски механизми, и се основани од страна на владите на локално, регионално, национално и меѓународно ниво, или од други признати органи. Овие системи се осмислени за да се организираат, контролираат и да се мониторираат услугите со кои се обезбедуваат бенефиции, структурирани програми и активности во различни сектори на општеството.
3. Политиките се состојат од правила, прописи, конвенции и стандарди утврдени од страна на владите на локално, регионално, национално и меѓународно ниво, или од други признати органи. Со политиките се уредуваат и се регулираат системите со кои се организираат, контролираат и се мониторираат услугите, структурираните програми и активностите во различни сектори на општеството.

**e510 Услуги, системи и политики за производство на стоки за широка потрошувачка**

Услуги, системи и политики со кои се регулира и се обезбедува производство на предмети и производи кои ги консумираат или ги користат луѓето.

**e5100 Услуги за производство на стоки за широка потрошувачка**

Услуги и програми за собирање, создавање, производство и изработка на стоки и производи за широка потрошувачка, како на пример, производи и технологии кои се користат за мобилност, комуникација, образование, транспорт, вработување и домашна работа, вклучувајќи ги оние кои ги обезбедуваат овие услуги.

*Не вклучува: услуīи на образование и обука (е5850): комуникациски услуīи (е5350); Полавје 1: Производи и шехнолоīија*

**e5101 Системи за производство на стоки за широка потрошувачка**

Административни контролни и механизми за мониторинг, како што се регионални, национални или меѓународни организации кои утврдуваат стандарди (на пример, Меѓународната организација за стандардизација) и тела на потрошувачи, кои го уредуваат собирањето, создавањето, производството и изработката на стоки и производи за широка потрошувачка.

**e5102 Политики за производство на стоки за широка потрошувачка**
Законодавство, прописи и стандарди за собирање, создавање, производство и изработка на стоки и производи за широка потрошувачка, како што се прописи за храна и лекови

**e5108 Услуги, системи и политики за производство на стоки за широка потрошувачка, поинаку дефинирани**

**e5109 Услуги, системи и политики за производство на стоки за широка потрошувачка, недефинирани**

## e515 Архитектонско-градежни услуги, системи и политики

Услуги, системи и политики за проектирање и изградба на објекти, јавни и приватни.

*Не вклучува: услуги, системи и политики за планирање отворен простор (e520)*

**e5150 Архитектонско-градежни услуги**
Услуги и програми за проектирање, изградба и одржување на станбени, комерцијални, индустриски и јавни објекти, како на пример, градење куќи, операционализација на принципи на проектирање, градежни кодекси, прописи и стандарди, вклучувајќи ги и оние кои ги обезбедуваат овие услуги.

**e5151 Архитектонско-градежни системи**
Административни механизми за контрола и мониторинг, со кои се регулира планирање, проектирање, изградба и одржување на станбени, комерцијални, индустриски и јавни објекти, како на пример, механизми за спроведување и мониторирање градежни кодекси, градежни стандарди, противпожарни и стандарди за безбедност на животот.

**e5152 Архитектонско-градежни политики**
Законодавство, прописи и стандарди со кои се уредува планирање, проектирање, изградба и одржување на станбени, комерцијални, индустриски и јавни објекти, како што се политики за градежни кодекси, градежни стандарди, и противпожарни и стандарди за безбедност на животот.

**e5158 Архитектонско-градежни услуги, системи и политики, поинаку дефинирани**

**e5159 Архитектонско-градежни услуги, системи и политики, недефинирани**

**e520 Услуги, системи и политики за планирање отворен простор**
Услуги, системи и политики за планирање, проектирање, уредување и одржување на јавни површини (на пример, паркови, шуми, крајбрежја, мочуришта) и приватно земјиште во рурален, приградски и урбан контекст.

*Не вклучува: архитектонско-градежни услуги, системи и политики (e515)*

**e5200 Услуги за планирање отворен простор**
Услуги и програми за планирање, креирање и одржување градски, приградски, рурален, рекреативен, заштитен и еколошки простор, простор за средби и комерцијални отворени простори (плоштади, пазари на отворено), како и патеки за пешаци и транспортни возила за наменска употреба, вклучувајќи ги и оние кои ги обезбедуваат овие услуги.

*Не вклучува: производи за проектирање, конструкција и изградба за јавна (e150) и приватна (e155) употреба; производи за уредување на земјиштето (e160)*

**e5201 Системи за планирање отворен простор**
Механизми за административна контрола и мониторинг, како на пример, за имплементација на локални, регионални или национални акти за планирање, кодекси за проектирање, политики за наследство или конзервација, и политики за планирање на животната средина, со кои се уредува планирање, проектирање, уредување и одржување на отворен простор, вклучувајќи и рурално, приградско и градежно земјиште, паркови, заштитени подрачја и резервати на див свет.

**e5202 Политики за планирање отворен простор**
Законодавство, прописи и стандарди со кои се уредува планирање, проектирање, уредување и одржување на отворен простор, вклучувајќи и рурално земјиште, приградско земјиште, градежно земјиште, паркови, заштитени подрачја и резервати на див свет, како што се локални, регионални или национални акти за планирање, кодекси за проектирање, политики за наследство или конзервација, и политики за планирање на животната средина.

**e5208 Услуги, системи и политики за планирање отворен простор, поинаку дефинирани**

**e5209 Услуги, системи и политики за планирање отворен простор, недефинирани**

**e525 Услуги, системи и политики за домување**
Услуги, системи и политики за обезбедување засолништа, станови или сместување за луѓето.

**e5250 Услуги за домување**
Услуги и програми за лоцирање, обезбедување и одржување куќи или засолништа во кои ќе живеат лица, како што се агенции за недвижнини, станбени организации, засолништа за бездомници, вклучувајќи ги оние кои ги обезбедуваат овие услуги.

**e5251 Системи за домување**
Административни механизми за контрола и мониторинг, со кои се регулира домување или згрижување на луѓето, како што се системи за спроведување и мониторирање на политиките за домување.

**e5252 Политики за домување**
Законодавство, прописи и стандарди со кои се уредува домувањето или засолнувањето на луѓето, како што се закони и политики за утврдување на подобност за домување или засолниште, политики во врска со вклученост на владата во изградба и одржување на станови, и политики за тоа како и каде ќе се развива домувањето.

**e5258 Услуги, системи и политики за домување, поинаку дефинирани**

**e5259 Услуги, системи и политики за домување, недефинирани**

## e530 Комунални услуги, системи и политики
Услуги, системи и политики за јавно обезбедени комунални услуги, како што се вода, гориво, струја, канализација, јавен превоз и основни услуги.

*Не вклучува: услуги, системи и политики за цивилна заштита (e545)*

**e5300 Комунални услуги**
Услуги и програми за снабдување на целото население со основна енергија (гориво и електрична енергија), канализација, вода и други основни услуги (на пример, услуги на итна поправка) за станбени и комерцијални потрошувачи, вклучувајќи ги оние кои ги обезбедуваат овие услуги.

**e5301 Системи за комунални услуги**
Административни механизми за контрола и мониторинг, со кои се регулира обезбедување на комунални услуги, како што се здравствено-безбедносни одбори и совети на потрошувачи.

**e5302 Политики за комунални услуги**
Законодавство, прописи и стандарди со кои се уредува обезбедување на комунални услуги, како што се здравствено-безбедносни стандарди со кои се регулира испорака и снабдување со вода и гориво, канализациски практики во заедниците, како и политики за други основни услуги и снабдување во време на недостиг или природни катастрофи.

**e5308 Комунални услуги, системи и политики, поинаку дефинирани**

**e5309 Комунални услуги, системи и политики, недефинирани**

## e535 Комуникациски услуги, системи и политики

Услуги, системи и политики за пренос и размена на информации.

**e5350 Комуникациски услуги**

Услуги и програми за пренесување информации на различни начини, како што се по телефон, факс, копнена и авионска пошта, електронска пошта и други компјутерски-базирани системи (на пример, телефонско реле, телетип, телетекст, и интернет-услуги), вклучувајќи ги и оние кои ги обезбедуваат овие услуги.

*Не вклучува: медиумски услуīи (e5600)*

**e5351 Комуникациски системи**

Административни механизми за контрола и мониторинг, како што се регулаторни органи за телекомуникации и други такви тела кои го регулираат преносот на информации на различни начини, вклучувајќи по телефон, факс, копнена и авионска пошта, електронска пошта и со компјутерски-базирани системи.

**e5352 Комуникациски политики**

Законодавство, прописи и стандарди со кои се уредува преносот на информации на различни начини, вклучувајќи по телефон, факс, пошта, електронска пошта и компјутерски-базирани системи, како на пример, подобност за пристап до комуникациски услуги, услови за поштенска адреса и стандарди за обезбедување телекомуникации.

**e5358 Комуникациски услуги, системи и политики, поинаку дефинирани**

**e5359 Комуникациски услуги, системи и политики, недефинирани**

## e540 Транспортни услуги, системи и политики

Услуги, системи и политики за овозможување лицата или стоките да се движат и да се преместуваат од едно место на друго.

**e5400 Транспортни услуги**

Услуги и програми за движење на лица или стоки по патишта, патеки, железница, по воздух или вода, со јавен или приватни транспорт, вклучувајќи ги оние кои ги обезбедуваат овие услуги.
*Не вклучува: ӣроизводи за лична мобилносӣ и ӣрансӣорӣ (e115)*

**e5401 Транспортни системи**

Административни механизми за контрола и мониторинг, со кои са регулира движењето на лица или стоки по патишта, патеки, железница, по воздух или вода, како што се системи за утврдување подобност за работа со возила и спроведување и мониторирање на здравствено-безбедносните стандарди во врска со употребата на различни видови транспорт.

*Не вклучува: услуīи, сисӣеми и ӣолиӣики за социјално осиīурување (e570)*

**e5402 Транспортни политики**
Законодавство, прописи и стандарди со кои се уредува движењето на лица или стоки по патишта, патеки, железница, по воздух или вода, како што се акти и политики за планирање на транспортот, политики за обезбедување јавен превоз и пристап до него.

**e5408 Транспортни услуги, системи и политики, поинаку дефинирани**

**e5409 Транспортни услуги, системи и политики, недефинирани**

## e545 Услуги, системи и политики за цивилна заштита

Услуги, системи и политики за заштита на лица и имот.

*Не вклучува: комунални услуги, системи и политики (e530)*

**e5450 Услуги за цивилна заштита**
Услуги и програми организирани од заедницата, заради заштита на луѓето и имотот, како што се противпожарни служби, полиција, служби за итни случаи и брза помош, вклучувајќи ги и оние кои ги обезбедуваат овие услуги.

**e5451 Системи за цивилна заштита**
Административни механизми за контрола и мониторинг, со кои се регулира заштитата на луѓето и имотот, како што се системи со кои се организираат услугите на полицијата, противпожарните служби, и службите за итни случаи и брза помош.

**e5452 Политики за цивилна заштита**
Законодавство, прописи и стандарди со кои се уредува заштитата на луѓето и имотот, како што се политики со кои се уредуваат услугите на полицијата, противпожарните служби, службите за итни случаи и за брза помош.

**e5458 Услуги, системи и политики за цивилна заштита, поинаку дефинирани**

**e5459 Услуги, системи и политики за цивилна заштита, недефинирани**

## e550 Правни услуги, системи и политики

Услуги, системи и политики кои се однесуваат на законодавството и другото право на земјата.

**e5500 Правни услуги**
Служби и програми за обезбедување на авторитетот на државата дефиниран со закон, како на пример, судови, трибунали и други агенции за сослушување и решавање граѓански парници и кривични судски процеси, застапување од адвокати, нотарски услуги, медијација, арбитража и воспитно-поправни или казнени установи, вклучувајќи ги и оние кои ги обезбедуваат овие услуги.

**e5501 Правни системи**
Административни механизми за контрола и мониторинг, со кои се уредува спроведувњето на правдата, како што се системи за спроведување и мониторирање на формални правила (на пример, закони, прописи, обичајно право, верско право, меѓународни закони и конвенции).

**e5502 Правни политики**
Законодавство, прописи и стандарди, како што се закони, обичајно право, верско право, меѓународни закони и конвенции, со кои се уредува спроведувањето на правдата.

**e5508 Правни услуги, системи и политики, поинаку дефинирани**

**e5509 Правни услуги, системи и политики, недефинирани**

## e555 Услуги, системи и политики за здружување и организирање

Услуги, системи и политики кои се однесуваат на групи луѓе што се здружиле при следење заеднички, некомерцијални интереси, често со структура на придружно членство.

**e5550 Услуги за здружување и организирање**
Услуги и програми што ги обезбедуваат лица кои се здружиле заедно при следење заеднички, некомерцијални интереси, со луѓе кои имаат исти интереси, кога обезбедувањето такви услуги е поврзано со членство, како што се здруженија и организации кои нудат одмор и рекреација, спортски, културни, верски и услуги на меѓусебна помош.

**e5551 Системи за здружување и организирање**
Административни механизми за контрола и мониторинг, со кои се регулираат односите и активностите на лица кои се здружиле околу заеднички некомерцијални интереси, како и основање и водење здруженија и организации како што се организации за меѓусебна помош, забавно-рекреативни организации, културни и религиозни здруженија и непрофитни организации.

**e5552 Политики за здружување и организирање**
Законодавство, прописи и стандарди со кои се уредуваат односите и активностите на лица што се здружиле околу заеднички некомерцијални интереси, како што се политики со кои се уредува основање и водење здруженија и организации, вклучувајќи и организации за меѓусебна помош, забавно-рекреативни организации, културни и верски здруженија, и непрофитни организации.

**e5558 Услуги, системи и политики за здружување и организирање, поинаку дефинирани**

**e5559 Услуги, системи и политики за здружување и организирање, недефинирани**

**е560** **Медиумски услуги, системи и политики**
Услуги, системи и политики за обезбедување масовна комуникација преку радио, телевизија, весници и интернет.

**е5600** **Медиумски услуги**
Услуги и програми насочени кон обезбедување масовна комуникација, како што се радио, телевизија, авторски услуги, услуги на новинско известување, весници, услуги во Брајово писмо и компјутерски-базирана масовна комуникација (Ворлд Вајд Веб, интернет), вклучувајќи ги и оние кои ги обезбедуваат овие услуги.

*Не вклучува: комуникациски услуги (е5350)*

**е5601** **Медиумски системи**
Административни механизми за контрола и мониторинг, со кои се регулира обезбедување вести и информации до широката јавност, како што се стандарди со кои се уредува содржината, дистрибуцијата, распространувањето, пристапот и начините на комуникација преку радио, телевизија, услуги на новинско известување, весници и компјутерски-базирана масовна комуникација (Ворлд Вајд Веб, интернет).

*Вклучува: барања за обезбедување авторски прилози на телевизија, верзии на весници или други публикации во Брајово писмо, и телетекст-радио преноси*

*Не вклучува: комуникациски системи (е5351)*

**е5602** **Медиумски политики**
Законодавство, прописи и стандарди со кои се уредува обезбедување вести и информации до широката јавност, како што се политики со кои се уредува содржината, дистрибуцијата, распространувањето, пристапот и начините на комуникација преку радио, телевизија, услуги на новинско известување, весници и компјутерски-базирана масовна комуникација (Ворлд Вајд Веб, интернет).

*Не вклучува: комуникациски политики (е5352)*

**е5608** **Медиумски услуги, системи и политики, поинаку дефинирани**

**е5609** **Медиумски услуги, системи и политики, недефинирани**

**е565** **Економски услуги, системи и политики**
Услуги, системи и политики кои се однесуваат на целиот систем на производство, дистрибуција, потрошувачка и употреба на стоки и услуги.

*Не вклучува: услуги, системи и политики за социјално осигурување (е570)*

**е5650** **Економски услуги**
Услуги и програми насочени кон вкупно производство, дистрибуција, потрошувачка и употреба на стоки и услуги, како што се приватниот комерцијален сектор (на пример, фирми, корпорации, приватни профитни претпријатија), јавниот сектор (на пример, јавни, комерцијални услуги како што се задруги и корпорации), финансиски организации (на пример, банки и осигурителни услуги), вклучувајќи ги и оние кои ги обезбедуваат овие услуги.

*Не вклучува: комунални услуги (е5300); услуги за работна сила и вработување (е5900)*

**e5651 Економски системи**
Административни механизми за контрола и мониторинг, со кои се регулира производство, дистрибуција, потрошувачка и употреба на стоки и услуги, како што се системи за спроведување и мониторирање на економските политики.

*Не вклучува: комунални системи (e5301); системи за работна сила и вработување (e5901)*

**e5652 Економски политики**
Законодавство, прописи и стандарди со кои се уредува производство, дистрибуција, потрошувачка и употреба на стоки и услуги, како што се економските доктрини усвоени и спроведувани од владите.

*Не вклучува: комунални политики (e5302); политики за работна сила и вработување (e5902)*

**e5658 Економски услуги, системи и политики, поинаку дефинирани**

**e5659 Економски услуги, системи и политики, недефинирани**

**e570 Услуги, системи и политики за социјално осигурување**
Услуги, системи и политики за обезбедување поддршка на приходите на лица кои поради старост, сиромаштија, невработеност, здравствена состојба или попреченост, бараат државна помош што се финансира или преку општи даночни приходи или преку шеми на придонеси.

*Не вклучува: економски услуги, системи и политики (e565)*

**e5700 Услуги за социјално осигурување**
Услуги и програми за обезбедување поддршка на приходите на лица кои поради старост, сиромаштија, невработеност, здравствена состојба или попреченост, бараат државна помош што се финансира или преку општи даночни приходи или преку шеми на придонеси, како што се услуги за утврдување подобност, доставување или дистрибуција на парична помош за следните видови програми: програми за социјална помош (на пример, заштита без плаќање придонеси, надомест за сиромаштија или за други потреби), програми за социјално осигурување (на пример, осигурување со плаќање придонеси за случаи на несреќа или невработеност) и инвалидско и сродно пензиско осигурување (на пример, замена на приход), вклучувајќи ги и оние кои ги обезбедуваат овие услуги.

*Не вклучува: здравствени услуги (e5800)*

**e5701 Системи за социјално осигурување**
Административни механизми за контрола и мониторинг, со кои се регулираат програми и планови за обезбедување поддршка на приходите на лица кои, поради старост, сиромаштија, невработеност, здравствена состојба или попреченост, бараат државна помош, како на пример, системи за спроведување правила и прописи што се однесуваат на подобност за социјална помош, заштита, осигурување при невработеност, пензии и инвалидско осигурување.

**e5702 Политики за социјално осигурување**
Законодавство, прописи и стандарди со кои се уредуваат програми и планови за обезбедување поддршка на приходите на лица кои, поради старост, сиромаштија, невработеност, здравствена состојба или попреченост, бараат државна помош, како на пример, закони и прописи што се однесуваат на подобност за социјална помош, заштита, осигурување при невработеност, инвалидски и сродни пензии и инвалидско осигурување.

**e5708 Услуги, системи и политики за социјално осигурување, поинаку дефинирани**

**e5709 Услуги, системи и политики за социјално осигурување, недефинирани**

**e575 Услуги, системи и политики за општа социјална помош**
Услуги, системи и политики за обезбедување поддршка на оние кои бараат помош во области како што се пазарење, домашна работа, превоз, грижа за себе и грижа за другите, со цел поцелосно да функционираат во општеството.

*Не вклучува: давачели на лична неīа и лични асисшенши (е340); услуīи, сисшеми и ūолишики за социјално осиīурување (е570);); здравсшвени услуīи, сисшеми и ūолишики (е580)*

**e5750 Услуги за општа социјална помош**
Услуги и програми за обезбедување социјална поддршка на лицата кои, поради старост, сиромаштија, невработеност, здравствена состојба или попреченост, бараат државна помош во областите на пазарење, домашна работа, превоз, грижа за себе и грижа за другите, со цел поцелосно да функционираат во општеството.

**e5751 Системи за општа социјална помош**
Административни механизми за контрола и мониторинг, со кои се регулираат програми и планови за обезбедување социјална поддршка на лица кои поради старост, сиромаштија, невработеност, здравствена состојба или попреченост, бараат таква поддршка, вклучувајќи ги и системите за спроведување на правила и прописи што се однесуваат на подобност за социјална помош и обезбедување на овие услуги.

**e5752 Политики за општа социјална помош**
Законодавство, прописи и стандарди со кои се уредуваат програми и планови за обезбедување социјална поддршка на лица кои поради старост, сиромаштија, невработеност, здравствена состојба или попреченост, бараат таква поддршка, вклучувајќи и закони и прописи со кои се уредува подобност за социјална поддршка.

**e5758 Услуги, системи и политики за општа социјална помош, поинаку дефинирани**

**e5759 Услуги, системи и политики за општа социјална помош, недефинирани**

**e580** **Здравствени услуги, системи и политики**

Услуги, системи и политики за превенција и лекување на здравствени проблеми, обезбедување медицинска рехабилитација и промоција на здрав начин на живот.

*Не вклучува: услуги, системи и политики за општа социјана помош (e575)*

**e5800** **Здравствени услуги**

Услуги и програми на локално, општинско, регионално, или на национално ниво, а во насока на обезбедување интервенции за поединци, заради нивна физичка, психичка и социјална благосостојба, како што се услуги за унапредување на здравјето и превенција на болестите, услуги во примарната здравствена заштита, акутна нега, рехабилитација и услуги на долготрајна нега; услуги што се финансираат јавно или приватно, обезбедени врз краткорочна, долгорочна, периодична или еднократна основа, во различна поставеност, како на пример, во заедницата, дома, на училиште и на работа, во општи болници, специјалистички болници, клиники и установи за здравствена заштита со и без престој, вклучувајќи ги и оние кои ги обезбедуваат овие услуги.

**e5801** **Здравствени системи**

Административни механизми за контрола и мониторинг со кои се регулираат низата услуги што им се даваат на лицата заради нивна физичка, психичка и социјална благосостојба, во различна поставеност, вклучувајќи и во заедницата, дома, на училиште и на работа, во општи болници, во специјалистички болници, клиники, и во установи за здравствена заштита со и без престој, како на пример, системи за спроведување прописи и стандарди со кои се утврдува подобност за услуги, обезбедување на помагала, асистивна технологија или друга приспособена опрема, и законодавство, како што се здравствени акти со кои се уредуваат карактеристиките на здравствениот систем како што се пристапност, универзалност, преносливост, јавно финансирање и сеопфатност.

**e5802** **Здравствени политики**

Законодавство, прописи и стандарди со кои се уредуваат низа услуги што им се даваат на лицата заради нивна физичка, психичка и социјална благосостојба, во различна поставеност, вклучувајќи во заедницата, дома, на училиште и на работа, во општи болници, специјалистички болници, клиники, и во установи за здравствена заштита со и без престој, како на пример, политики и стандарди со кои се утврдува подобност за услуги, обезбедување на помагала, асистивна технологија или друга адаптирана опрема, и законодавство како што се здравствени акти со кои се уредуваат карактеристките на здравствениот систем како пристапност, универзалност, преносливост, јавно финансирање и сеопфатност.

**e5808** **Здравствени услуги, системи и политики, поинаку дефинирани**

**e5809** **Здравствени услуги, системи и политики, недефинирани**

**e585 Услуги, системи и политики за образование и обука**
Услуги, системи и политики за стекнување, одржување и подобрување на знаењата, експертизата и стручните или уметнички вештини. Види Меѓународна стандардна класификација на образованието, на УНЕСКО (ISCED-1997).

**e5850 Услуги на образование и обука**
Услуги и програми за образование и стекнување, одржување и подобрување на знаењата, експертизата и стручните или уметнички вештини, како на пример, оние за различни нивоа на образование (на пр, предучилишно, основно, средно училиште, институции за пост-средно образование, стручни програми, програми за обука и вештини, пракса и континуирана едукација), вклучувајќи ги и оние кои ги обезбедуваат овие услуги.

**e5851 Системи за образование и обука**
Административни механизми за контрола и мониторинг, со кои се регулира реализацијата на образовни програми, како што се системи за спроведување на политики и стандарди со кои се утврдува подобност за јавно или приватно образование и посебни програми според потребите; локални, регионални или национални одбори за образование или други авторитетни тела кои ги уредуваат карактеристиките на образовните системи, вклучувајќи наставни планови и програми, големина на паралелки, број на училишта во регионот, надоместоци и субвенции, специјални програми за оброци и услуги на грижа по наставата.

**e5852 Политики за образование и обука**
Законодавство, прописи и стандарди со кои се уредува спроведување на образовни програми, како што се политики и стандарди со кои се утврдува подобностза јавно или приватно образование и за посебни програми според потребите, и со кои се диктира структурата на локални, регионални или национални одбори за образование или други авторитетни тела кои ги уредуваат карактеристиките на образовниот систем, вклучувајќи и големина на паралелки, број на училишта во регионот, надоместоци и субвенции, специјални програми за оброци и грижа по наставата.

**e5858 Услуги, системи и политики за образование и обука, поинаку дефинирани**

**e5859 Услуги, системи и политики за образование и обука, недефинирани**

**e590** **Услуги, системи и политики за работна сила и вработување**
Услуги, системи и политики во врска со наоѓање соодветна работа за лица кои се невработени или се во потрага по поинаква работа или, за поддршка на лица кои се веќе вработени, а кои бараат унапредување.

*Не вклучува: економски услуги, системи и политики (е565)*

**е5900** **Услуги за работна сила и вработување**
Услуги и програми што ги обезбедуваат локални, регионални или национални влади, или приватни организации за наоѓање соодветна работа на лица кои се невработени или се во потрага по поинаква работа, или за поддршка на лица кои се веќе вработени, како што се услуги на барање и подготовка за вработување, повторно вработување, распоредување на работно место, разрешување од работно место, стручна надградба, здравје и безбедност на работа, како и услуги за работната средина (на пример, ергономија, услуги на човечки ресурси и управување со кадри, услуги за работни односи, услуги на професионално здружување), вклучувајќи ги и оние кои ги обезбедуваат овие услуги.

**е5901** **Системи за работна сила и вработување**
Административни механизми за контрола и мониторинг, со кои се регулира распределбата на занимања и други форми на платена работа во стопанството, како што се системи за спроведување политики и стандарди за создавање нови работни места, безбедност на работното место, наменско и конкурентно вработување, стандарди и закони за работни односи, и синдикати.

**е5902** **Политики за работна сила и вработување**
Законодавство, прописи и стандарди со кои се уредува распределбата на занимања и други форми на платена работа во стопанството, како што се стандарди и политики за создавање нови работни места, безбедност на работното место, наменско и конкурентно вработување, стандарди и закони за работни односи, и синдикати.

**е5908** **Услуги, системи и политики за работна сила и вработување, поинаку дефинирани**

**е5909** **Услуги, системи и политики за работна сила и вработување, недефинирани**

**e595** **Политички услуги, системи и политики**
Услуги, системи и политики поврзани со гласање на избори и владеење на земји, региони и заедници, како и со меѓународни политички организации.

**е5950** **Политички услуги**
Услуги и структури како што се локални, регионални и национални влади, меѓународни организации и лица кои се избрани или назначени на позиции во рамките на овие структури, како што се Обединетите нации, Европската унија, влади, регионални власти, локални селски власти, традиционални лидери.

**e5951 Политички системи**
Структури и поврзани активности со кои се организира политичко-економската власт во општеството, како што се извршната и законодавната власт, и уставните или други правни извори од кои тие го црпат својот авторитет, како што се политичко-организациски доктрини, устави, органи на извршната и законодавната власт, војската.

**e5952 Политички политики**
Закони и политики формулирани и спроведувани преку политички системи со кои се уредува функционирањето на политичкиот систем, како што се политики за изборни кампањи, регистрација на политички партии, гласање, како и членство во меѓународни политички организации, вклучувајќи договори, уставно и друго законодавство и регулатива за правно уредување.

**e5958 Политички услуги, системи и политики, поинаку дефинирани**

**e5959 Политички услуги, системи и политики, недефинирани**

**e598 Услуги, системи и политики, поинаку дефинирани**

**e599 Услуги, системи и политики, недефинирани**

# МКФ

## Анекси

# Анекс 1

# Таксономски и терминолошки прашања

Класификацијата МКФ е организирана во хиерархиска шема, земајќи ги предвид следниве стандардни таксономски принципи:

- Компонентите „Телесни функции и структури", „Активност и учество" и „Фактори на средината" се класифицирани независно. Оттука, термин опфатен во една компонента не се повторува во друга.
- Во секоја компонента, категориите се подредени во шема „стебло-гранка-лист", така што категоријата од пониско ниво ги има атрибутите на категориите од повисоко ниво во кои е член.
- Категориите меѓусебно се исклучуваат, т.е. не постојат две категории од исто ниво што делат сосема исти атрибути. Сепак, ова не треба да се меша со употребата на повеќе од една категорија за класификација на функционирањето на одреден поединец. Таквата пракса се дозволува, па дури и се поттикнува, кога е потребно.

## 1. Термини за категориите во МКФ

Термините претставуваат означување на дефинирани концепти со јазични изрази, како што се зборови или фрази. Повеќето од термините за кои се појавува конфузија се користат со здраворазумско значење во секојдневниот говор и пишување. На пример, оштетување/нарушување, попреченост и хендикеп често се користат наизменично во секојдневниот контекст, иако во верзијата на ICIDH од 1980 г., овие термини се утврдени со дефиниции, кои им даваат прецизно дефинирано значење. Во текот на процесот на ревизија, терминот „хендикеп" беше напуштен, а „попреченост" се користеше како општ термин за сите три перспективи - телесна, индивидуална и општествена. Меѓутоа, потребни се јасност и прецизност за да се дефинираат различните концепти, за да може да се изберат соодветни термини со кои недвосмислено ќе се изразат основните поими. Ова е особено важно затоа што МКФ, како пишана класификација, ќе биде преведена на многу јазици. Подалеку од заедничкото разбирање на концептите, од суштинско значење е и да се постигне договор околу терминот кој најдобро ја одразува содржината на секој јазик. Може да има многу алтернативи, па треба да се донесат одлуки врз основа на прецизноста, прифатливоста, и вкупната корисност. Се надеваме дека корисноста на МКФ ќе оди рака под рака со нејзината јасност.

Со оваа цел на ум, во продолжение се дадени забелешки за некои од термините што се користат во МКФ:

***Благосостојба*** претставува општ термин кој го опфаќа целиот универзум на домени на човечкиот живот, вклучувајќи ги физичките, менталните и општествените аспекти што сочинуваат нешто што може да се нарече „добар живот". Домените на здравјето се подмножество на домените кои го сочинуваат целиот универзум на човечкиот живот. Овој однос е прикажан во следниот дијаграм кој ја претставува благосостојбата:

Сл. 1 Универзум на благосостојбата




***Здравствени состојби и домени на здравјето:*** Здравствена состојба е степенот на функционирање во даден домен на здравјето на МКФ. Домените на здравјето означуваат области од животот кои се толкуваат под поимот „здравје“ , како што се оние кои, за целите на здравствените системи, се дефинираат како примарна одговорност на здравствениот систем. МКФ не диктира фиксна граница меѓу здравјето и домените поврзани со здравјето. Може да постои и сива зона, во зависност од различните теории за здравјето и елементите поврзани со здравјето кои потоа може да се мапираат во домените на МКФ.

***Состојби поврзани со здравјето и домени поврзани со здравјето:*** Состојба поврзана со здравјето е степенот на функционирање во даден домен поврзан со здравјето на МКФ. Домените поврзани со здравјето се оние области на функционирање кои иако имаат силна поврзаност со здравствената состојба, најверојатно не се примарна одговорност на здравствениот систем, туку на други системи кои придонесуваат кон севкупната благосостојба. Во МКФ се опфатени само таквите домени на благосостојба поврзани со здравјето.

***Засегната здравствена состојба*** е општ термин за болест (акутна или хронична), нарушување, повреда или траума. Засегнатата здравствена состојба може да вклучи и други околности, како што се бременост, стареење, стрес, конгенитална аномалија, или генетски предиспозиции. Засегнатите здравствени состојби се кодирани со помош на МКБ-10.

***Функционирање*** е општ термин за телесни функции, телесни структури, активност и учество. Тој ги означува позитивните аспекти на интеракцијата меѓу поединецот (со засегната здравствена состојба) и контекстуалните фактори на тој поединец (срединските и индивидуалните фактори).

***Попреченост*** е општ термин за оштетувања, лимитираност на активноста и ограничувања на учеството. Тој ги означува негативните аспекти на интеракцијата меѓу поединецот (со засегната здравствена состојба) и контекстуалните фактори на тој поединец (срединските и индивидуалните фактори).

***Телесни функции*** се физиолошките функции на телесните системи, вклучувајќи ги и психичките функции. „Тело“ се однесува на човечкиот организам во целост, па така, го вклучува и мозокот. Оттука, менталните (или психичките) функции се подведени под телесните функции. Статистичката норма за луѓето се смета како стандард за овие функции.

***Телесни структури*** се структурните или анатомски делови од телото, како што се органите, екстремитетите и нивните составни делови класифицирани според телесните системи. Статистичката норма за луѓето се смета како стандард за овие структури.

***Оштетување/нарушување*** е загуба или абнормалност во телесната структура или физиолошката функција (вклучувајќи ги и менталните функции). Абнормалност овде се користи строго за означување значајни варијации од утврдените статистички норми (т.е. како отстапување од стандардната вредност за популацијата во рамките на измерените стандардни норми) и треба да се користи само во оваа смисла.

***Активност*** е извршување на задача или постапка од страна на поединецот. Таа претставува индивидуална перспектива на функционирањето.

***Лимитираност на активноста***[17] се тешкотиите што може да ги има поединецот при извршување на активностите. Лимитираноста на активноста може да варира од мало до сериозно отстапување во смисла на квалитетот или квантитетот на извршување на активноста, на начин и во обем што се очекува од лица кои немаат засегната здравствена состојба.

***Учество*** е вклученоста на лицето во животни ситуации. Тоа ја претставува општествената перспектива на функционирањето.

***Ограничувања на учеството***[18] се проблемите што поединецот може да ги доживее при вклучување во животни ситуации. Присуството на ограничување на учеството се определува со споредување на учеството на поединецот со она што се очекува од поединец без попреченост во таа култура или општество.

***Контекстуални фактори*** се факторите кои заедно го сочинуваат целосниот контекст на животот на поединецот, и особено заднината во однос на која се класифицираат здравствените состојби во МКФ. Постојат две компоненти на контекстуалните фактори: Фактори на средината и Индивидуални фактори.

***Фактори на средината*** претставуваат компонента од МКФ и се однесуваат на сите аспекти на екстерниот или надворешниот свет, кои го формираат контекстот на животот на поединецот и како такви, имаат влијание врз функционирањето на тоа лице. Факторите на средината го вклучуваат физичкиот свет и неговите карактеристики, физичкиот свет создаден од човекот, другите луѓе во различни односи и улоги, ставовите и вредностите, општествените системи и услуги, и политиките, правилата и законите.

***Индивидуални фактори*** се контекстуалните фактори кои се однесуваат на поединецот, како што се возраста, полот, социјалниот статус, животните искуства и така натаму, а кои во моментов не се класифицирани во МКФ, но кои корисниците може да ги вклучат во својата примена на класификацијата.

---

17 „Лимитираност на активноста“ го заменува терминот „инвалидност“ што се користи во верзијата на ICIDH од 1980 година.

18 „Ограничување на учеството“ го заменува терминот „хендикеп“ употребен во верзијата на ICIDH од 1980 година.

***Олеснувачки факшори*** се факторите во средината на лицето кои, преку своето отсуство или присуство, го подобруваат функционирањето и ја намалуваат попреченоста. Тие опфаќаат аспекти како што се пристапна физичка средина, достапност на релевантна асистивна технологија, и позитивни ставови на луѓето кон попреченоста, како и услуги, системи и политики чија цел е да се зголеми вклученоста на сите луѓе со засегната здравствена состојба во сите области на животот. Отсуството на некаков фактор, исто така, може да биде олеснувачка околност, како на пример, отсуството на стигма и негативни ставови. Олеснувачките фактори може да спречат оштетувањето или лимитираноста на активноста да станат ограничување на учеството, бидејќи реалната изведба на активностите се подобрува и покрај проблемот што лицето го има со капацитетот.

*Бариери* се факторите во средината на лицето кои, преку своето отсуство или присуство, го ограничуваат функционирањето и создаваат попреченост. Тие опфаќаат аспекти како што се непристапна физичка средина, недостаток на релевантна асистивна технологија, и негативни ставови на луѓето кон попреченоста, како и услуги, системи и политики кои или не постојат, или пак го попречуваат учеството на сите луѓе со засегната здравствена состојба во сите области од животот.

*Капацишеш* е конструкт кој го посочува, како квалификатор, највисокиот веројатен степен на функционирање што лицето може да го достигне во некој домен од листата „Активност и учество“ во даден момент. Капацитетот се мери во униформна или стандардна средина, па така ја одразува средински прилагодената оспособеност на поединецот. Компонентата „Фактори на средината“ може да се употреби за опишување на карактеристиките на ваквата униформна или стандардна средина.

*Изведба* е конструкт, со кој се опишува, како квалификатор, што поединците прават во својата актуелна средина, па така, се внесува аспектот на вклученост на лицето во животни ситуации. И актуелната средина се опишува со помош на компонентата „Фактори на средината“.

Сл. 2 Структура на МКФ



# 2. МКФ како класификација

За да се разбере вкупната класификација на МКФ, важно е да се разбере нејзината структура. Ова е одразено во дефинициите на следниве термини и илустрирано на Сл. 2.

*Класификација* е целокупната структура и универзумот на МКФ. Во хиерархијата, ова е главниот термин.

*Дел на класификацијата* е секоја од двете главни поделби на класификацијата.

- Дел 1 опфаќа „Функционирање и попреченост"
- Дел 2 опфаќа „Контекстуални фактори".

*Компоненти* се секоја од двете главни поделби на деловите.

Компонентите на Дел 1 се:

- Телесни функции и структури
- Активност и учество.

Компонентите на Дел 2 се:

- Фактори на средината
- Индивидуални фактори (кои не се класифицирани во МКФ).

*Конструктите* се дефинирани со помош на квалификатори со релевантни кодови.

Има четири конструкта за Дел 1 и еден за Дел 2.

За Дел 1, конструктите се:

- Промени во телесната функција
- Промени во телесната структура
- Капацитет
- Изведба

За Дел 2, конструктот е:

- Олеснувачки фактори или бариери во факторите на средината

*Домени* се практичната, целисходна низа од поврзани физиолошки функции, анатомски структури, активности, задачи, или области на животот. Домените ги сочинуваат различните поглавја и блокови во рамките на секоја компонента.

*Категории* се класи и поткласи во рамките на еден домен од некоја компонента, т.е. единици на класификација.

*Нивоата* ја сочинуваат хиерархиската подреденост наведувајќи ги деталите во категориите (т.е. зрнестата структура на домените и категориите). Првото ниво ги опфаќа сите елементи од второто ниво, и така натаму.

# 3. Дефиниции за категориите во МКФ

Дефинициите се искази во кои се изнесени основните атрибути (т.е. квалитети, својства или односи) на концептот означен со категоријата. Со дефиницијата се наведува каков вид работа или појава означува терминот, а оперативно, се посочува како таа се разликува од другите поврзани работи или појави.

За време на формулацијата на дефинициите за категориите во МКФ, беа земени предвид следниве идеални карактеристики на оперативните дефиниции, заедно со она што тие го вклучуваат и не го вклучуваат:

- Дефинициите треба да бидат целисходни и логички доследни.
- Со нив концептот замислен со категоријата мора еднозначно да се определи .
- Во нив мора да се изнесат основните атрибути на концептот - како наменските (она што концептот го означува во суштина), така и пошироките атрибути (т.е. на кои предмети и појави концептот се однесува).
- Дефинициите треба да бидат прецизни, недвосмислени, и да го опфаќаат целосното значење на терминот.
- Тие треба да бидат изразени во оперативна смисла (на пример, во смисла на сериозноста, времетраењето, релативната важност, како и можната поврзаност со други аспекти).
- Тие треба да избегнуваат кружност, т.е. самиот термин, или некој негов синоним не треба да се појавува во дефиницијата, ниту пак треба да вклучува термин дефиниран на друго место со помош на првиот термин објаснет во дефиницијата.
- Кога е соодветно, тие треба да се однесуваат на можни етиолошки или интерактивни фактори.
- Тие мора да одговараат на атрибутите на термините од повисок ранг (на пр., термин од трето ниво треба да ги содржи општите карактеристики на категоријата од второ ниво на која ѝ припаѓа).
- Тие мора да бидат во согласност со атрибутите на подредените термини (на пр., атрибутите на термин од второ ниво не смее да бидат противречни со термините од трето ниво под него).
- Тие не смее да бидат фигуративни или метафорични, туку оперативни.
- Тие треба да содржат емпириски искази кои може да се набљудуваат, да се испитаат или да се констатираат преку индиректни средства.
- Тие треба да бидат изразени со што понеутрални термини, без непотребна негативна конотација.
- Тие треба да бидат кратки и кога е можно, да избегнуваат стручни термини (со исклучок на некои термини во „Телесни функции и структури“).
- Во нив треба да се наведе што вклучуваат, преку давање синоними и примери во кои се земени предвид културните разлики и разликите низ животот.
- Во нив треба да се наведе што не вклучуваат, со цел да се предупредат корисниците на можни забуни со сродни термини.

# 4. Дополнителна забелешка за терминологијата

Во основата на терминологијата на секоја класификација е темелната разлика меѓу појавите што се класифицираат и структурата на самата класификација. Како општо прашање, важно е да се разграничи меѓу светот и термините што ги користиме за да го опишеме светот. На пример, термините „димензија" или „домен" може прецизно да се дефинираат за да се однесуваат на светот, а „компонента" и „категорија" да се дефинираат за да се однесуваат само на класификацијата.

Во исто време, постои усогласеност (т.е. соодветна функција) меѓу овие термини, па широк спектар корисници може да ги користат наизменично. За поспецијализирани барања, на пр., за база на податоци и за научно моделирање, од суштинско значење е корисниците, одвоено и со јасно разграничена терминологија, да ги утврдат елементите на концепцискиот модел и елементите на структурата на класификацијата. Меѓутоа, се чинеше дека прецизноста и чистотата што ќе ги обезбеди таков пристап не вреди за цената што ќе се плати за нивото на апстракција кое може да ја поткопа корисноста на МКФ, или уште поважно, да го ограничи опсегот на потенцијални корисници на оваа класификација.

# Анекс 2

# Упатства за кодирање во МКФ

МКФ е наменета за кодирање на различни здравствени и состојби поврзани со здравјето[19]. На корисниците цврсто им се препорачува да го прочитаат воведот на МКФ пред да ги проучат правилата и упатствата за кодирање. Исто така, многу е препорачливо корисниците да добијат обука за користење на класификацијата преку СЗО и нејзината мрежа на центри за соработка.

Во продолжение се дадени карактеристиките на класификацијата што имаат влијание врз нејзината употреба.

## 1. Организација и структура

*Делови на класификацијата*

МКФ е организирана во два дела.

Дел 1 се состои од следниве компоненти:

- Телесни функции и телесни структури
- Активност и учество.

Дел 2 се состои од следниве компоненти:

- Фактори на средината
- Индивидуални фактори (во моментов не се класифицирани во МКФ).

Овие компоненти се означени со префикси во секој код.

- *b* за телесните функции и
- *s* за телесните структури
- *d* за активноста и учеството
- *e* за факторите на средината

Префиксот *d* ги означува домените во компонентата за активност и учество. По избор на корисникот, префиксот *d* може да се замени со *a* или *p*, за да означи активност и учество, соодветно.

19 Самата болест не треба да се кодира. Ова може да се направи со помош на Меѓународната статистичка класификација на болести и сродни здравствени проблеми, десетта ревизија (МКБ-10), која претставува класификација изработена за да се овозможи систематско евидентирање, анализа, толкување и споредување на податоците за морталитет и морбидитет околу дијагнози на болести и други здравствени проблеми. Корисниците на МКФ се поттикнуваат да ја користат оваа класификација во врска со МКБ-10 (видете страница 3 од Воведот, за преклопување меѓу класификациите)

Буквите *b*, *s*, *d* и *e* се проследени со нумерички код, кој започнува со бројот на поглавјето (една цифра), по кој следува второто ниво (две цифри), па третото и четвртото ниво (секое со по една цифра). На пример, во класификацијата на телесни функции постојат овие кодови:

| | | |
|---|---|---|
| b2 | Сетилни функции и болка | (елемент од прво ниво) |
| b210 | Функции на гледање | (елемент од второ ниво) |
| b2102 | Квалитет на видот | (елемент од трето ниво) |
| b21022 | Чувствителност на контраст | (елемент од четврто ниво) |

Во зависност од потребите на корисникот, на секое ниво, може да се користи било кој број на применливи кодови. За да се опише состојбата на поединецот, може да се примени повеќе од еден код на секое ниво. Тие може да бидат независни или меѓусебно поврзани.

Во МКФ, на здравствената состојба на лицето може да ѝ се припишат низа кодови низ сите домени од компонентите на класификацијата. Максималниот број на кодови достапен за секоја примена е 34 на ниво на поглавје (8 за телесните функции, 8 за телесните структури, 9 за изведбата и 9 кодови за капацитетот), и 362 на второто ниво. На третото и четвртото ниво, има околу 1.424 кодови на располагање, кои заедно ја сочинуваат целосната верзија на класификацијата. Во реалната примена на МКФ, низа од 3 до 18 кодови може да биде доволна за опишување на случајот со прецизност на две нивоа (со три цифри). Општо земено, подеталната верзија на четири нивоа е наменета за специјалистички услуги (на пример, исход од рехабилитација, геријатрија, или ментално здравје), додека класификацијата на две нивоа може да се користи за истражувања и евалуација на здравствениот исход.

Домените треба да се кодираат според потребите во даден момент (т.е. како пресек на сликата добиена при средбата), што претставува стандардна позиција. Меѓутоа, можна е и употреба со текот на времето, со цел да се опише траекторија низ времето или процес. Во тој случај, корисниците треба да го посочат својот стил на кодирање и временската рамка што ја користат.

*Поглавја*
Секоја компонента на класификацијата е организирана во наслови на поглавја и домени, под кои се дадени вообичаените категории или конкретните елементи. На пример, во класификацијата на телесни функции, Поглавје 1 се занимава со сите ментални функции.

*Блокови*
Поглавјата често се поделени на „блокови“ од категории. На пример, во поглавјето 3 на класификацијата „Активност и учество“ (Комуникација), има три блока: Комуницирање—Примање (d310–d329), Комуницирање—Продуцирање (d330–d349), и Разговор и употреба на средства и техники за комуникација (d350–d369). Блоковите се дадени заради погодност на корисникот и, строго земено, не се дел од структурата на класификацијата, па нормално, нема да се користат за целите на кодирање.

*Категории*
Во секое поглавје има поединечни категории на две, три или на четири нивоа, секоја со кратка дефиниција и што вклучува, а што не вклучува, како што е погодно за да се помогне во изборот на соодветниот код.

*Дефиниции*
МКФ дава оперативни дефиниции на категориите на здравјето и категориите поврзани со здравјето, наспроти „народските“, т.е. лаичките дефиниции. Овие дефиниции ги опишуваат основните атрибути на секој домен (на пример, квалитет, својства и односи) и содржат информации за тоа што е вклучено, а што не е вклучено во секоја категорија. Дефинициите, исто така, ги содржат најчесто користените точки на процена, заради примена во анкети и прашалници, или алтернативно, за резултатите од инструментите на процена кодирани во смисла на МКФ. На пример, функциите на остринатa на видот се дефинирани во поглед на острина на едното и на двете очи на блиски и далечни растојанија, така што сериозноста на тешкотиите со остринатa на видот може да се кодира како „не постои“, „блага“, „умерена“, „тешка“ или „тотална“.

*Термини во полето „Вклучува“*
Термините во полето „Вклучува“ следуваат по дефиницијата на многу категории. Тие служат како водич за содржината на категоријата и не се сеопфатни. Во случај на елементи од второ ниво, термините во полето „Вклучува“ ги опфаќаат сите втемелени елементи од трето ниво.

*Термини во полето „Не вклучува“*
Термините во полето „Не вклучува“ се дадени кога, поради сличноста со друг термин, нивната примена може да се покаже како тешка. На пример, може да се помисли дека категоријата „Вршење нужда“ ја вклучува категоријата „Грижа за деловите од телото“. Меѓутоа, за двете да се разграничат, „Вршење нужда“ се исклучува од категоријата d520 „Грижа за деловите од телото“ и се кодира во d530.

*Поинаку дефиниран(а,о,и)*
На крајот од секоја втемелена група елементи од трето и четврто ниво, и на крајот од секое поглавје, дадени се категориите „поинаку дефиниран(а,о,и)“ (уникатно идентификувани со крајниот број во кодот, 8). Тие овозможуваат кодирање на аспекти на функционирањето кои не се опфатени во било која друга конкретна категорија. Кога ќе употреби „поинаку дефиниран(а,о,и)“, корисникот треба го наведе новиот елемент во дополнителна листа.

*Недефиниран(а,о,и)*

Последните категории во секоја втемелена група елементи од трето или четврто ниво и на крајот од секое поглавје, се категориите „недефиниран(а,о,и)“, со кои се овозможува кодирање на функциите кои се вклопуваат во групата, но за кои нема доволно информации за да се припишат на поконкретна категорија. Овој код има исто значење како терминот од второ или трето ниво веднаш над него, без дополнителни информации (кај блоковите, категориите „поинаку дефиниран(а,о,и)“ и „недефиниран(а,о,и)“ се споени во еден елемент, но секогаш се идентификуваат со крајниот број во кодот, 9).

*Квалификатори*
Кодовите на МКФ налагаат употреба на еден или повеќе квалификатори, со кои се означува, на пример, големината на степенот на здравје или сериозноста на проблемот во прашање. Квалификаторите се кодирани како еден, два или повеќе броја што следуваат по точката. Употребата на било кој код треба да биде придружена со барем еден квалификатор. Без квалификаторите, кодовите немаат битно значење (автоматски, СЗО ги толкува нецелосните кодови како означување отсуство на проблем -- xxx.00).

Првиот квалификатор за телесните функции и структури, изведбата и капацитетот, активноста и учеството, како и првиот квалификатор за факторите на средината сите го

опишуваат степенот на проблеми во соодветната компонента.

Сите компоненти се мерат со иста генеричка скала. Имањето проблем може да значи оштетување, лимитираност, ограничување или бариера, во зависност од конструктот. Соодветни квалификувачки зборови, како што е прикажано во заградите подолу, треба да се изберат во согласност со релевантниот домен на класификација (каде xxx го претставува бројот на доменот од второ ниво):

| | | | |
|---|---|---|---|
| xxx.0 | НЕМА проблем | (не постои, отсутен, занемарлив,… ) | 0–4 % |
| xxx.1 | БЛАГ проблем | (мал, низок,…) | 5–24 % |
| xxx.2 | УМЕРЕН проблем | (среден, приличен,...) | 25–49 % |
| xxx.3 | СЕРИОЗЕН проблем | (висок, екстремен, …) | 50–95 % |
| xxx.4 | ЦЕЛОСЕН проблем | (тотален,…) | 96–100 % |
| xxx.8 | недефиниран(а,о,и) | | |
| xxx.9 | не е применливо | | |

Широк опсег на проценти е предвиден за оние случаи во кои се достапни калибрирани инструменти за процена или други стандарди за мерење на оштетувањето, лимитираноста на капацитетот, проблемот со изведбата или бариерата/олеснувачкиот фактор во средината. На пример, кога се кодира „нема проблем“ или „целосен проблем“, може да има отстапување (маргина на грешка) до 5%. „Умерен проблем“ се дефинира како вредност до половина на скалата за тотални тешкотии. Во различните домени, процентите треба да се калибрираат како перцентили во однос на стандардите за популацијата. За ваквата квантификација да се користи универзално, преку истражување треба да се развијат постапки за процена.

Во случајот на компонентата „Фактори на средината“, овој прв квалификатор може да се употреби и за означување на степенот на позитивни аспекти во средината, т.е. олеснувачки фактори. За нивно означување, може да се искористи истата скала 0-4 , но точката се заменува со знакот плус: на пример е110 + 2. Факторите на средината може да се кодираат или (i) во врска со секоја компонента; или (ii) без поврзаност со секоја компонента (види дел 3 подолу). Се претпочита првиот стил, бидејќи со него појасно се утврдуваат влијанието и атрибутивноста.

*Дополнителни квалификатори*

За различни корисници, можеби е соодветно и корисно да се додадат други видови информации за кодирањето на секој елемент. Постојат низа дополнителни квалификатори што би можеле да бидат корисни, како што се споменува подоцна.

*Кодирање на позитивните аспекти*
По избор на корисникот може да се развијат скали за кодирање со кои ќе се доловат позитивните аспекти на функционирањето:

| Позитивни | Негативни |
| --- | --- |
| Телесни функции | Оштетување/Нарушување |

| Позитивни | Негативни |
| --- | --- |
| Активност | Лимитираност на активноста |

| Позитивни | Негативни |
| --- | --- |
| Учество | Ограничување на учеството |

# 2. Општи правила за кодирање

Следниве правила се од суштинско значење за прецизно наоѓање информации за различните начини на употреба на класификацијата.

*Изберете низа кодови за оформување на профилот на поединецот*

Со МКФ се класифицираат здравјето и /состојбите поврзани со здравјето, па затоа е потребно да се доделат серија кодови кои најдобро го опишуваат профилот на функционирање на лицето. МКФ не е „класификација на настани“ како МКБ-10 во која одредена здравствена состојба се класифицира со единствен код. Бидејќи функционирањето на лицето може да биде засегнато на ниво на телото, на индивидуално и на општествено ниво, корисникот секогаш треба да ги земе предвид сите компоненти на класификацијата, имено, телените функции и структури, активноста и учеството, и факторите на средината. Иако не е реално да се очекува дека сите можни кодови ќе се употребат за секоја средба, во зависност од околностите на средбата, корисниците ќе ги изберат најистакнатите кодови за нивната намена да го опише даденото здравствено доживување.

*Релевантни информации за кодовите*

Кодираните информации се секогаш во контекст на здравствената состојба. Иако за користење на кодовите не е неопходно да се откријат врските меѓу здравствената состојба и аспектите на функционирање и попреченост кои се кодираат, МКФ е класификација на здравјето, па така се претпоставува присуство на некаков вид засегање на здравствената состојба. Затоа, информациите за тоа што лицето избира или не избира да прави не се поврзани со проблем во функционирањето што е во врска со некаква здравствена состојба, па не треба да се кодираат. На пример, ако лицето одлучи да не започнува нови односи со соседите поради други нездравствени причини, тогаш не е соодветно да се користи категоријата d7200, која ги опфаќа активностите на формирање односи. Спротивно на тоа, ако одлуката на лицето е поврзана со некакво засегање на здравствената состојба (на пример, депресија), тогаш кодот треба да се примени.

Информациите кои го одразуваат чувството на лицето за вклученост или задоволство со степенот на функционирање во моментов не се кодираат во МКФ. Натамошните истражувања може да обезбедат дополнителни квалификатори со кои ќе се овозможи кодирање и на овие информации.

Треба да се кодираат само оние аспекти на функционирањето на лицето релевантни за претходно дефинирана временска рамка. Функциите што се однесуваат на некаква претходна средба и кои немаат влијание врз сегашната средба не треба да се евидентираат.

*Јасни информации за кодовите*

При доделување на кодовите, корисникот не треба да изведува заклучоци за односот меѓу оштетувањето на телесните функции или структури, лимитираноста на активноста или ограничувањето на учеството. На пример, ако лицето има ограничување во функционирањето при движење наоколу, не е оправдано да се претпостави дека лицето има оштетување на функциите на движење. Слично на тоа, од фактот што лицето има ограничен капацитет за движење наоколу, неоправдано е да се заклучи дека има пробле-

ми со изведбата на движење наоколу. Корисникот мора да добие одделни експлицитни информации за телесните функции и структури, како и за капацитетот и изведбата (во некои случаи, како на пример, кај менталните функции, потребен е заклучок од други опсервации, затоа што самата телесна функција што се набљудува не е директно видлива).

*Конкретни информации за кодовите*

Здравјето и состојбите поврзани со здравјето треба да се евидентираат што поконкретно, со доделување на најсоодветната категорија во МКФ. На пример, најконкретниот код за лице со ноќно слепило е b21020 „Чувствителност на светлина“. Меѓутоа, ако поради некоја причина не може да се примени ова ниво на деталност, може да се употреби соодветниот „матичен“ код во хиерархијата (во овој случај, b2102 Квалитет на видот, b210 Функции на гледање, или b2 Сетилни функции и болка).

За лесно и брзо откривање на соодветниот код, цврсто се препорачува употреба на МКФ-пребарувач, што обезбедува функција на пребарување со електронски индекс на целосната верзија на класификацијата. Алтернативно, може да се користи азбучниот индекс.

# 3. Конвенции за кодирање на компонентата „Фактори на средината“

За кодирање на факторите на средината, за употреба се отворени три конвенции на кодирање:

*Конвенција 1*

Рединските фактори се кодираат одвоено, без овие кодови да се поврзуваат со телесните функции, телесните структури или со активноста и учеството.

| | |
|---|---|
| Телесни функции | ________________ |
| Телесни структури | ________________ |
| Активност и учество | ________________ |
| Средина | ________________ |

*Конвенција 2*

Факторите на средината се кодираат за секоја компонента.

| | |
|---|---|
| Телесни функции________________ | Код „е“ ________________ |
| Телесни структури________________ | Код „е“ ________________ |
| Активност и учество ______________ | Код „е“ ________________ |

*Конвенција 3*

Факторите на средината се кодираат за квалификаторите на капацитетот и изведбата во компонентата „Активност и учество“ за секој елемент.

Квалификатор на изведбата _________ Код „е“ _______________

Квалификатор на капацитетот _______ Код „е“ _______________

# 4. Компонентно-специфични правила за кодирање

### 4.1 Кодирање на телесните функции

*Дефиниции*

Телесни функции се физиолошките функции на телесните системи (вклучувајќи ги и психичките функции). Оштетувања/ *Нарушувања* се проблемите во телесната функција или структура како на пример, значително отстапување или загуба.

*Користење на квалификатор за телесните функции*

Телесните функции се кодираат со еден квалификатор кој укажува на степенот или големината на оштетувањето/нарушувањето. Присуството на оштетување/нарушување може да се идентификува како загуба или недостаток, намалување, додаток или вишок, или како отстапување.

Оштетувањето на лице со хемипареза може да се опише со кодот b7302 Мускулна сила на една страна од телото:

Степен на оштетување (прв квалификатор)

**b7302.__**

Откако ќе се утврди присуство на оштетување, неговата сериозност може да се степенува со помош на генерички квалификатор. На пример:

| | | |
|---|---|---|
| b7302.1 | БЛАГО оштетување на мускулната сила на една страна од телото | (5–24 %) |
| b7302.2 | УМЕРЕНО оштетување на мускулната сила на една страна од телото | (25–49 %) |
| b7302.3 | СЕРИОЗНО оштетување на мускулната сила на една страна од телото | (50–95 %) |
| b7302.4 | ЦЕЛОСНО оштетување на мускулната сила на една страна од телото | (96–100 %) |

Отсуството на оштетување (според однапред дефиниран праг) се посочува со вредност „0“ за генеричкиот квалификатор. На пример:

**b7302.0** НЕМА оштетување на мускулната сила на една страна од телото

Ако нема доволно информации за да се определи сериозноста на оштетувањето, треба да се употреби вредноста „8“. На пример, ако во здравственото досие на лицето се наведува дека лицето страда од слабост на десната страна од телото без да се дадени повеќе детали, тогаш може да се примени следниов код:

**b7302.8** Оштетување на мускулната сила на една страна од телото, недефинирано

Може да има ситуации каде што не е соодветно да се примени одреден код. На пример, кодот b650 „Функции на менструација“ не е применлив за жени пред или по одредена возраст (пред пубертетот или по менопаузата). За овие случаи, се доделува вредноста „9“:

**b650.9** Функции на менструација, не е применливо

*Структурни корелати на телесните функции*

Класификациите на телесните функции и телесните структури се замислени да бидат паралелни. Кога се користи код за некоја телесна функција, корисникот треба да провери дали е применлив и кодот за соодветната телесна структура. На пример, телесните функции ги опфаќаат основните човекови сетила, како што се b210-b229 „Функции на гледање и сродни функции“, а нивните структурни корелати се појавуваат меѓу s210 и s230 како „око и сродни структури“.

*Поврзаност меѓу оштетувањата/нарушувањата*

Оштетувањата/нарушувањата може да доведат до други пречки; на пример, мускулната сила може да ги попречи функциите на движење, срцевите функции може да бидат поврзани со респираторните функции, перцепцијата може да е во врска со мисловните функции.

*Утврдување оштетувања/нарушувања во телесните функции*

За оние нарушувања што не може секогаш директно да се набљудуваат (на пример, менталните функции), корисникот може да изведе заклучок преку набљудување на однесувањето. На пример, во клинички околности, меморијата може да се процени преку стандардизирани тестови, и иако не е можно конкретно „да се набљудува“ функцијата на мозокот, во зависност од резултатите од овие тестови, можеби ќе биде разумно да се претпостави дека менталните функции на меморијата се нарушени.

### *4.2* Кодирање на телесните структури

*Дефиниции*

*Телесни сѿрукѿури* се анатомските делови од организмот, како што се органите, екстремитетите и нивните составни делови. *Ошѿеѿувања/нарушувања* се проблемите во функцијата или структурата на телото како на пример значително отстапување или загуба.

*Корисѿење квалификаѿори за кодирање на ѿелеснииѿе сѿрукѿури*

Телесните структури се кодираат со три квалификатори. Првиот го опишува степенот или големината на оштетувањето, вториот се користи за да се наведе природата на промената, а третиот квалификатор го означува местото на оштетувањето.




Описите што се користат за трите квалификатори се наведени во Табела 1.

Табела 1. Степенување на квалификаторите за телесните структури

| Прв квалификатор<br>Степен на оштетување | Втор квалификатор<br>Природа на оштетување | Трет квалификатор (препорачлив)<br>Место на оштетување |
|---|---|---|
| **0** НЕМА оштетување<br>**1** БЛАГО оштетување<br>**2** УМЕРЕНО оштетување<br>**3** СЕРИОЗНО оштетување<br>**4** ЦЕЛОСНО оштетување<br>**8** недефинирано<br>**9** не е применливо | **0** без промени во структурата<br>**1** тотално отсуство<br>**2** делумно отсуство<br>**3** дополнителен дел<br>**4** отстапување во димензиите<br>**5** дисконтинуитет<br>**6** отстапувања во положбата<br>**7** квалитативни промени во структурата, вклучувајќи и акумулација на течност<br>**8** недефинирано<br>**9** не е применливо | **0** на повеќе од еден регион<br>**1** десно<br>**2** лево<br>**3** на двете страни<br>**4** напред<br>**5** назад<br>**6** проксимално<br>**7** дистално<br>**8** недефинирано<br>**9** не е применливо |

### 4.3 Кодирање на компонентата „Активност и учество“

*Дефиниции*

*Активност* е извршување на задача или постапка од страна на поединец. Учество е вклучување во животна ситуација. *Лимитираност на активноста* се тешкотиите што може да ги има поединецот при извршување активности. *Ограничувања на учеството* се проблемите што може да ги доживее поединецот при вклучување во животни ситуации.

Класификацијата „Активност и учество“ претставува една единствена листа на домени.

*Користење на квалификаторите за капацитет и изведба*

Компонентата „Активност и учество“ се кодира со два квалификатора: квалификаторот за *изведба*, кој го зазема местото на првата цифра по точката, и квалификаторот за *капацитет*, кој го зазема местото на втората цифра по точката. Кодот со кој се идентификува категоријата од листата „Активност и учество“ и двата квалификатора ја формираат стандардната матрица со информации.




Со квалификаторот за изведба се опишува што поединецот прави во својата актуелна средина. Бидејќи актуелната средина внесува општествен контекст, изведбата забележана со овој квалификатор може да се сфати и како „вклучување во животна ситуација“ или „доживеано искуство“ на лицата во конкретниот контекст во кој живеат. Овој контекст ги опфаќа факторите на средината - т.е. сите аспекти на физичкиот и општествениот свет, како и на ставовите во него. Ваквите карактеристики на актуелната средина може да се кодираат со помош на класификацијата „Фактори на средината“.

Квалификаторот за капацитет ја опишува способноста на поединецот да изврши задача или активност. Целта на овој конструкт е да се посочи највисокиот веројатен степен на функционирање што лицето може да го достигне во даден домен, во даден момент. За да се оцени целосната способност на поединецот, треба да има „стандардизирана“ средина со цел да се неутрализира влијанието од различни средини врз неговата способност. Ваквата стандардизирана средина може да биде: (а) конкретната средина што обично се користи за процена на капацитетот во експериментални услови; (б) во случаи кога тоа не е можно, претпоставена средина за која се смета дека има истоветен ефект како стандардизираната средина. Оваа средина може да се нарече „униформна“ или „стандардна“. Така, конструктот за капацитет ја одразува способноста на поединецот прилагодена за средината. Ова прилагодување мора да биде исто за сите лица во сите земји,

за да се овозможи компарација на меѓународно ниво. Поточно, карактеристиките на униформната или стандардната средина може да се кодираат со помош на компонентата „Фактори на средината“. Јазот меѓу капацитетот и изведбата ја одразува разликата меѓу ефектите од актуелната и униформната средина и на тој начин се обезбедува корисна насока за тоа што може да се направи со средината на поединецот за да се подобри неговата изведба.

Обично, квалификаторот за капацитет без помош се користи за да се опише вистинската способност на поединецот која не е подобрена со помагало или со лична помош. Бидејќи квалификаторот за изведба се однесува на актуелната средина на поединецот, присуството на помагала, лична помош или бариери може директно да се забележи. Природата на олеснувачкиот фактор или бариерата може да се опише со помош на класификацијата „Фактори на средината“.

*Опциони квалификатори*

Третиот и четвртиот (опционен) квалификатор на корисниците им даваат можност да ги кодираат капацитетот со помош и изведбата без помош.



*Дополнителни квалификатори*

Петтото децимално место е резервирано за квалификатори кои можеби ќе бидат развиени во иднина, како на пример квалификатор за вклученост или за субјективно задоволство.




Квалификаторите за капацитет и за изведба може уште да се користат со, или без, помагала или лична помош, а во согласност со следнава скала (каде xxx стои за бројот на доменот од второ ниво):

xxx.0 НЕМА тешкотија

xxx.1 БЛАГА тешкотија

xxx.2 УМЕРЕНА тешкотија

xxx.3 СЕРИОЗНА тешкотија

xxx.4 ЦЕЛОСНА тешкотија

xxx.8 недефинирано

xxx.9 не е применливо

*Кога да се користат квалификаторот за изведба и квалификаторот за капацитет*

Секој квалификатор може да се употреби за секоја наведена категорија. Меѓутоа, информациите што се пренесуваат во секој случај се поинакви. Кога се користат двата квалификатора, резултатот е збир од два конструкта, т.е.:




Ако се користи само еден квалификатор, тогаш неупотребениот простор не треба да се пополни со .8 или .9, туку да се остави празен, затоа што и двете претставуваат вистински вредности од процената и би значело дека се користи конкретниот квалификатор.

*Примери за примена на двата квалификатора*

**d4500** Одење на кратки растојанија

Кај *квалификаторот за изведба*, овој домен се однесува на движење наоколу пеш, во конкретната средина на лицето, како на пример, по различни површини и услови, со помош на бастун, одалка, или со друга асистивна технологија, за растојанија помали од 1 km. На пример, изведбата на лице кое ја изгубило ногата во несреќа на работа и оттогаш користи бастун, но се соочува со умерени тешкотии при одењето наоколу бидејќи тротоарите во околината се многу стрмни и имаат многу лизгава површина, може да се кодира:

**d4500.3 _** умерено ограничување при одење на кратки растојанија

Кај *квалификаторот за капацитет*, овој домен се однесува на способноста на поединецот да оди наоколу без помош. За да се неутрализира променливото влијание на различни средини, способноста може да се оцени во „стандардизирана" средина. Ваквата стандардизирана средина може да биде: (а) конкретната средина што најчесто се користи за процена на капацитетот во експериментални околности; или (б) во случаи кога тоа не е можно, претпоставена средина за која се смета дека има истоветно влијание како стандардизираната средина. На пример, вистинската способност на горенаведеното лице да оди без бастун во стандардизирана средина (т.е. средина со рамни и нелизгави површини) би била многу ограничена. Затоа, капацитетот на лицето може да се кодира на следниов начин:

**d4500._ 3** сериозна лимитираност на капацитетот при одење на кратки растојанија

Корисниците кои сакаат да ја наведат актуелната или стандардизираната средина истовремено користејќи го квалификаторот за изведба или капацитет треба да ја употребат класификацијата за фактори на средината (види конвенција за кодирање бр. 3 за факторите на средината во делот 3, погоре).

### 4.4 Кодирање на факторите на средината

*Дефиниции*

*Факторите на средината* ја претставуваат физичката и општествената средина, како и ставовите во неа, а во која луѓето живеат и го водат својот живот.

*Употреба на факторите на средината*

Факторите на средината се компонента од Дел 2 (Контекстуални фактори) во класификацијата. Факторите на средината мора да се земат предвид за секоја компонента од функционирањето и да се кодираат според една од трите конвенции опишани во делот 3, погоре.

Факторите на средината треба да се кодираат од перспектива на лицето чија состојба се опишува. На пример, засеците на тротоари без плочки со текстура може да се кодираат како олеснувачки фактор за корисник на инвалидска количка, но, како бариера за слепо лице.

Со квалификаторот се посочува степенот до кој факторот е олеснувачки или претставува бариера. Постојат неколку причини зошто факторот на средината може да биде

олеснувачки или да претставува бариера, и до кој степен. Кај олсенувачките фактори, кодерот треба да има на ум прашања како што се достапност на средството, како и дали пристапот зависи од некаква варијабла, дали средството е со добар или лош квалитет и така натаму. Во случајот на бариери, можеби би било релевантно да се каже колку често факторот го попречува лицето, дали пречката е голема или мала, дали може да се избегне или не и сл. Исто така, треба да се има на ум дека факторот на средината може да биде пречка или поради своето присуство (на пример, негативни ставови кон лицата со попреченост), или поради своето отсуство (на пример, недостапност на потребна услуга). Ефектите што факторите на средината ги имаат врз животот на лицата со засегната здравствена состојба се различни и комплексни, но, се надеваме дека идните истражувања ќе доведат до подобро разбирање на оваа интеракција, а можеби и ќе ја покажат корисноста на втор квалификатор за овие фактори.

Во некои случаи, разновидниот збир на срединскi фактори се сумира во еден термин, како на пример, сиромаштија, развој, рурална или урбана средина, или социјален капитал. Овие сумирани термини, самите по себе не се наоѓаат во класификацијата. Напротив, кодерот треба да ги одвои нивните составни фактори и нив да ги кодира. Уште еднаш, потребни се уште истражувања за да се утврди дали постојат јасни и доследни групи фактори во средината кои го сочинуваат секој од овие сумирани термини.

*Прв квалификатор*

Следниве се негативна и позитивна скала што го означува степенот до кој срединскиот фактор дејствува како бариера или е олеснувачки. Употребата на точка означува бариера, додека употребата на знакот плус (+) наместо точката означува олеснувачки фактор, како што е наведено подолу:

| | |
|---|---|
| xxx.0 НЕМА бариера | xxx+0 НЕМА олеснувачки фактор |
| xxx.1 БЛАГА бариера | xxx+1 БЛАГ олеснувачки фактор |
| xxx.2 УМЕРЕНА бариера | xxx+2 УМЕРЕН олеснувачки фактор |
| xxx.3 СЕРИОЗНА бариера | xxx+3 ЗНАЧИТЕЛЕН олеснувачки фактор |
| xxx.4 ЦЕЛОСНА бариера | xxx+4 ЦЕЛОСЕН олеснувачки фактор |
| | |
| xxx.8 бариера, недефинирана | xxx+8 олеснувачки фактор, недефиниран |
| xxx.9 не е применливо | xxx.9 не е применливо |

# Анекс 3

# Можни примени на листата за активност и учество

Компонентата за активност и учество е неутрална листа на домени во кои се посочени различни активности и животни области. Секој домен содржи категории на различни нивоа подредени од поопшто кон подетално (на пример, доменот во Поглавје 4 „Мобилност", содржи категории како што се d450 Одење, а под него е поконкретниот елемент, d4500 Одење на кратки растојанија. Листата со домени на активност и учество го опфаќа целосниот опсег на функционирањето, коешто може да се кодира на индивидуално и општествено ниво.

Како што се споменува во Воведот, оваа листа може да се користи на различни начини за да се укаже на конкретните поими за „Активност" и „Учество", кои се дефинирани во МКФ како што следува:

Во контекст на здравјето:

Активност претставува извршување задача или постапка од страна на поединец.

Учеството претставува вклучување во животна ситуација.

Постојат четири алтернативни опции за структурирање на односот меѓу активноста (а) и учеството (р) во смисла на листата на домени.

**(1) Различни групи на домени на активност и домени на учество (не се преклопуваат)**

Одредена група категории се кодира само како активност (т.е. задачи или постапки што ги врши поединецот), а друга група само како учество (т.е. вклучување во животни ситуации). Според тоа, двете групи меѓусебно се исклучуваат.

Кај оваа опција, групите категории на активност и категории на учество ги определува корисникот. Секоја категорија е или елемент на активност, или елемент на учество, но, не и на двете. На пример, домените може да се поделат на следниов начин:

а1 Учење и примена на знаењето

а2 Општи задачи и барања

а3 Комуникација

а4 Мобилност

р5 Грижа за себе

р6 Живот во домот

р7 Меѓучовечки интеракции

р8 Главни животни области

р9 Заедница, социјален и граѓански живот

*Кодирање за оваа структура*

а *код на категорија*. $q_p$ $q_c$ (категоријата се смета за елемент на активност)

р *код на категорија*. $q_p$ $q_c$ (категоријата се смета за елемент на учество)

Каде $q_p$ = квалификатор за изведба, а $q_c$ = квалификатор за капацитет. Ако се користи квалификатор за изведба, без оглед дали означува елемент на активност или елемент на учество, категоријата се толкува во смисла на конструкт за изведба; ако се користи квалификатор за капацитет, тогаш за толкување на категоријата се користи конструкт за капацитет, повторно без оглед дали е означен како елемент на активност или елемент на учество.

На овој начин, опцијата (1) дава целосна матрица со информации без вишок или преклопување.

**(2) Делумно преклопување меѓу групите на активност и домените на учество**

Кај оваа алтернатива, групата категории може да се толкува и како елементи на активност, и како елементи на учество; што значи дека истата категорија е отворена и за толкување од аспект на поединецот (т.е. како задача или активност што ја врши поединецот), и за толкување од аспект на општеството (т.е. вклученост во животна ситуација).

На пример:

| | |
|---|---|
| а1 Учење и примена на знаењето | |
| а2 Општи задачи и барања | |
| а3 Комуникација | р3 Комуникација |
| а4 Мобилност | р4 Мобилност |
| а5 Грижа за себе | р5 Грижа за себе |
| а6 Живот во домот | р6 Живот во домот |
| | р7 Меѓучовечки интеракции |
| | р8 Главни животни области |
| | р9 Заедница, социјален и граѓански живот |

*Кодирање за оваа структура*

Постои ограничување за тоа како може да се кодираат категориите за оваа структура. Не е можно за категорија што „се преклопува“ со друга да има различни вредности за ист квалификатор (мора да се земе или првиот квалификатор за изведба, или вториот квалификатор за капацитет), како на пример:

а *категорија*. 1 _ или а *категорија*. _ 1

р *категорија*. 2 _ р *категорија*. _ 2

Корисникот кој ќе ја избере оваа опција верува дека кодовите во категориите што се преклопуваат може да значат различни нешта кога се кодирани во активност, а не во учество, и обратно. Меѓутоа, треба да се внесе еден единствен код во матрицата за информации за наведената колона на квалификатори.

### (3) Детални категории за активност и широки категории за учество, со или без преклопување

Со еден друг пристап кон примената на дефинициите за активност и учество во домените, учеството се ограничува на поопшти или пошироки категории во рамките на доменот (на пример, категориите од прво ниво како што се насловите на поглавјата), а подеталните категории се сметаат за активност (на пример, категориите од трето или четврто ниво). Со овој пристап категориите во некои или во сите домени се одвојуваат во смисла општо наспроти детално. Корисникот може да смета дека некои домени целосно се однесуваат на активност (т.е. на сите нивоа на деталност) или пак целосно се однесуваат на учество.

На пример, d4550 Ползење (лазење) може да се протолкува како активност, додека d455 Движење наоколу може да се протолкува како учество.

Постојат два можни начина да се реши овој пристап: (а) да нема „преклопување", т.е. ако некој елемент претставува активност, тогаш да не претставува учество; или (б) да има преклопување, затоа што некои корисници можеби ќе ја користат целата листа за активност, а само општите наслови за учество.

*Кодирање за оваа структура*

Слично како за опција (1) или опција (2).

### (4) Користење на истите домени за активност и учество со тотално преклопување на домените

Кај оваа опција, сите домени во листата за активност и учество може да се набљудуваат и како активност, и како учество. Секоја категорија може да се толкува како индивидуално функционирање (активност), и како општествено функционирање (учество).

На пример, d330 Зборување може да се набљудува и како активност, и како учество. Лицето кое нема гласни жици може да зборува со помош на асистивен уред. Според процената со помош на квалификаторите за капацитет и изведба, ова лице има:

*Прв квалификатор*

Умерена тешкотија при изведбата (можеби поради контекстуални фактори како што се личен стрес или ставовите на другите) → 2

*Втор квалификатор*

Сериозна тешкотија во капацитетот без асистивен уред → 3

*Трет квалификатор*

Блага тешкотија во капацитетот со асистивен уред → 1

Според матрицата со информации во МКФ, состојбата на ова лице треба да се кодира како:

d330.231

Според опцијата (4), ова може да се кодира и како:

a330.231

p330.2

Во опцијата (4), кога се користат двата квалификатора за изведба и за капацитет, постојат две вредности за истата ќелија во матрицата со информации во МКФ: една за активност и една за учество. Ако овие вредности се исти, тогаш не постои конфликт, само вишок. Меѓутоа, во случај на различни вредности, корисниците мора да развијат правила за одлучување околу кодирањето за матрицата со информации, бидејќи официјалниот стил на кодирање на СЗО е следниов:

d *категорија* $q_p$ $q_c$

Еден од можните начини за надминување на ваквиот вишок може да биде квалификаторот за капацитет да се разгледува како активност, а квалификаторот за изведба, како учество.

Друга можност е да се развијат дополнителни квалификатори за учество што ќе ја доловат „вклученоста во животни ситуации".

Се очекува дека со континуираната употреба на МКФ и со генерирањето емпириски податоци, ќе се обезбедат докази за тоа која од горенаведените опции ја претпочитаат различните корисници на класификацијата. Исто така, емпириските истражувања ќе доведат до појасна операционализација на поимите за активност и учество. Ќе бидат произведени податоци за тоа како овие поими се користат во различни поставки, во различни земји и за различни цели, кои потоа ќе послужат за натамошни информирани ревизии на шемата.

# Анекс 4

# Примери

Со примерите подолу опишана е примената на концептите во МКФ за различни случаи. Се надеваме дека тие ќе им помогнат на корисниците да ја разберат намерата и примената на основните концепти и конструкти во класификацијата. За повеќе детали, ве молиме погледнете во прирачниците на СЗО за обука и тренинг.

## Оштетување што не доведува до лимитираност на капацитетот, ниту до проблеми при изведбата

Дете кое се родило без еден нокт. Оваа малформација е оштетување на структурата, но не влијае врз функцијата на раката на детето, ниту пак врз она што детето може да го прави со таа рака, па не постои лимитираност на капацитетот на детето. Слично на тоа, можеби нема ни проблеми со изведбата - како што е играње со други деца, без детето да го задеваат или да го исклучуваат од играта - поради ваквата малформација. Според тоа, детето нема лимитираност на капацитетот, ниту проблеми при изведбата.

## Оштетување што не доведува до лимитираност на капацитетот, но доведува до проблеми при изведбата

Дете-дијабетичар кое има оштетување на функцијата на панкреасот, кој не произведува инсулин како што треба. Дијабетесот може да се контролира со лекови, имено со инсулин. Кога телесните функции (нивото на инсулин) се под контрола, нема лимитираност на капацитетот поврзана со оштетувањето. Меѓутоа, детето со дијабетес веројатно ќе доживее проблеми при изведбата, кога во дружењето со другарите или врсниците ќе има јадење, затоа што ќе треба да го ограничи внесувањето на шеќер. Недостатокот на соодветна храна ќе создаде бариера. Затоа, детето помалку ќе се социјализира во актуелната средина доколку не се преземат чекори за да се обезбеди соодветна храна, и покрај тоа што не постои лимитираност на капацитетот.

Друг пример е поединец со витилиго на лицето, но без други физички состојби. Овој козметички проблем не предизвикува лимитираност на капацитетот. Сепак, поединецот може да живее во средина каде за витилигото се мисли дека е лепра, па така да се смета за заразен. Затоа, во актуелната средина на лицето, ваквиот негативен став претставува бариера што води до значителни проблеми при изведбата на меѓучовечките интеракции.

## Оштетување што доведува до лимитираност на капацитетот и - во зависност од околностите - до проблематична или непроблематична изведба

Големи варијации во интелектуалниот развој претставуваат ментално нарушување. Ова може да доведе до одредени ограничувања во различни капацитети на лицето. Меѓутоа, факторите на средината може да влијаат врз степенот на изведба на поединецот во различни животни домени. На пример, дете со вакво ментално нарушување може да доживее поповолна положба во средина каде за општата популација очекувањата не се високи и каде на детето му се задаваат низа едноставни, повтору-

вачки, но неопходни задачи што треба да ги изврши. Во ваква средина, детето добро ќе функционира во различни животни ситуации.

Слично дете кое расте во услови на конкуренција и високи очекувања за училишниот успех може да доживее повеќе проблеми со изведбата во различни животни ситуации во споредба со првото дете.

Овој пример нагласува две прашања. Првото е дека нормата за популацијата или стандардот во однос на кој се споредува функционирањето на лицето мора да бидат соодветни на конкретната актуелна средина. Второто е дека присуството или отсуството на фактори во средината може да има или олеснувачко или попречувачко влијание врз таквото функционирање.

## Поранешно нарушување што не доведува до лимитираност на капацитетот, но сепак предизвикува проблеми во изведбата

Поединец кој закрепнал од акутна психотична епизода, но, кој го носи печатот дека бил „пациент со засегнато ментално здравје" може да доживее проблеми при изведбата во доменот на вработување или во меѓучовечките интеракции, поради негативните ставови на луѓето во неговата средина. Затоа, вклученоста на лицето во вработувањето и социјалниот живот е ограничена.

## Различни оштетувања и ограничувања на капацитетот што доведуваат до слични проблеми во изведбата

Поединец кој може да не биде ангажиран за некоја работа, бидејќи се чини дека степенот на неговото оштетување (квадриплегија) спречува извршување на некои барања на работното место (на пример, користење компјутер со рачна тастатура). Работното место ги нема потребните адаптации за на лицето да му се олесни изведбата на овие работни барања (на пример, софтвер за гласовно препознавање кој ја заменува рачната тастатура).

Друг поединец со помалку сериозна квадриплегија може да има капацитет да ги извршува потребните работни задачи, но, може да не биде ангажиран, затоа што била пополнета квотата за вработување на лица со попреченост.

Трет поединец кој е способен за вршење на потребните работни активности може да не биде ангажиран затоа што има ограничување на активноста која е ублажена со помош на инвалидска количка, но, работното место не е достапно за инвалидски колички.

И на крај, поединец кој користи инвалидска количка може да биде ангажиран за работата, има капацитет да ги извршува работните задачи и всушност и ги извршува во работниот контекст. Сепак, сè уште може да има проблеми при изведбата во доменот на меѓучовечки интеракции со колегите, затоа што пристапот до местата за одмор на работа не му е достапен. Ваквиот проблем во изведбата при дружење на работното место може да спречи пристап до можности за напредување на работа.

Сите четири лица имаат проблеми со изведбата во доменот на вработувањето, поради различни фактори во средината кои содејствуваат со нивната здравствена состојба или оштетување. За првиот поединец, бариерите во средината се неприспособеност на работното место и веројатно, негативни ставови. Вториот поединец се соочува со негативни ставови за вработувањето на лица со попреченост. Третото

лице се соочува со недостапност на изградена средина, а последното со негативни ставови во врска со попреченоста воопшто.

## Сомневање за оштетување што доведува до забележливи проблеми при изведбата, без лимитираност на капацитетот

Поединец кој работи со пациенти што имаат СИДА. Ова лице е инаку здраво, но, треба периодично да се тестира за ХИВ. Тој нема лимитираност на капацитетот. И покрај тоа, луѓето кои го познаваат во социјални ситуации се сомневаат дека можеби го префатил вирусот, па го избегнуваат. Ова води до значителни проблеми во изведбата на лицето во доменот на социјални интеракции и дружење, социјален и граѓански живот. Неговата вклученост е ограничена поради негативните ставови што ги усвоиле луѓето во неговата околина.

## Оштетувања кои во моментов не се класифицирани во МКФ, а што водат до проблеми во изведбата

Жена која има мајка што починала од рак на дојката. Таа има 45 години, неодамна доброволно се прегледала и открила дека носи генетски код што ја става во ризик од рак на дојката. Нема проблеми во телесните функции или структури, ниту лимитираност на капацитетот, но, ѝ се одбива здравствено осигурување од осигурителната компанија поради зголемениот ризик од рак на дојка. Нејзината вклученост во доменот на грижа за сопственото здравје е ограничена поради политиката на компанијата за здравствено осигурување.

***Дополнителни примери***

10-годишно момче е упатено на логопед со дијагноза „пелтечење“. За време на прегледот, најдени се проблеми на дисконтинуитет во говорот, интер и интра-вербални забрзувања, проблеми со времето на говорно активирање и несоодветен говорен ритам (нарушувања). Постојат проблеми на училиште при читање на глас и при разговор (лимитираност на капацитетот). Во групни дискусии, детето не презема иницијатива да се вклучи во дискусиите, иако би сакало (проблем на изведбата во доменот на разговарање со многу лица). Вклученоста во разговор на ова момче е ограничена кога се наоѓа во група, поради општествените норми и практики во врска со уредното одвивање на разговорите.

40-годишна жена со повреда на вратот пред четири месеци, се жали на болки во вратот, тешка главоболка, вртоглавица, намалена мускулна сила и анксиозност (нарушувања). Нејзината способност да оди, готви, чисти, да ракува со компјутер и да вози автомобил е ограничена (лимитираност на капацитетот). Во консултација со лекарот, договорено е да се почека проблемите да се намалат пред да се врати на старото работно место со полно и фиксно работно време (проблеми при изведбата во доменот на вработување). Ако политиките на работа во нејзината актуелна средина дозволуваат флексибилно работно време, слободно време кога симптомите ѝ се особено лоши, и ако ѝ овозможуваат да работи од дома, нејзината вклученост во доменот на вработувањето ќе се подобри.

# Анекс 5

# МКФ и лицата со попреченост

Во процесот на ревизија на МКФ, уште од почетокот, се користат коментарите на лицата со попреченост и нивните организации. „Дисејбелд Пиплс Интернешонал“ особено вложи време и енергија во процесот на ревизија, па МКФ го одразува овој значаен придонес.

СЗО ја препознава важноста на целосното учество на лицата со попреченост и нивните организации во ревизијата на класификацијата на функционирање и попреченост. Како класификација, МКФ ќе послужи како основа за процена и мерење на попреченоста во повеќе научни, клинички, административни и социјални контексти на политики. Како таква, постои прашањето на загриженост дека МКФ може да се злоупотреби на начини што се на штета на интересите на лицата со попреченост (види Етички упатства во Анекс 6).

Конкретно, СЗО признава дека самите термини што се користат во класификацијата може, и покрај најдобрите заложби на сите, да стигматизираат и да етикетираат. Како одговор на оваа загриженост, во почетокот на процесот, донесена е одлука целосно да се отфрли терминот „хендикеп“ - поради неговата погрдна конотација во англискиот јазик - и да не се користи терминот „попреченост“ како назив на некоја компонента, туку да се задржи како општ, сеопфатен термин.

Меѓутоа, останува тешкото прашање како најдобро да се именуваат лицата кои се соочуваат со одреден степен на функционална лимитираност или ограничување. МКФ го користи терминот „попреченост“ за означување мултидимензионален феномен што произлегува од интеракцијата меѓу луѓето и нивната физичка и социјална средина. Поради разни причини, при именување на лицата, некои го претпочитаат терминот „лица со попреченост“, додека други претпочитаат „инвалидни лица“. Во смисла на ова разидување, не постои универзална пракса што СЗО би ја усвоила, ниту пак е соодветно МКФ ридигно да прифати еден наместо друг пристап. Наместо тоа, СЗО го потврдува важното начело дека луѓето имаат право да се нарекуваат онака како што ќе изберат.

Понатаму, важно е да се нагласи дека МКФ воопшто не е класификација на луѓето. Таа е класификација на здравствените карактеристики на луѓето во контекст на нивните индивидуални животни околности и влијанија од средината. Всушност, интеракцијата меѓу здравствените карактеристики и контекстуалните фактори е таа што произведува попреченост. Притоа, поединците не смее да се сведуваат или да се карактеризираат исклучиво во смисла на нивната попреченост, лимитираност на активноста, или ограничувања на учеството. На пример, наместо да се именува како „ментално хендикепирано лице“, во класификацијата се користи изразот „лице со проблеми во учењето“. МКФ го обезбедува ова преку избегнување лицето да се именува со помош на терминот за здравствената состојба или попреченоста, туку преку користење на неутрален, ако не и позитивен, конкретен јазик низ целиот текст.

За уште повеќе да се даде осврт на легитимната загриженост околу систематското етикетирање на луѓето, категориите во МКФ се изразени на неутрален начин со цел да се избегне омаловажување, стигматизација и несоодветни конотации. Меѓутоа, вакви-

от пристап со себе го носи проблемот на она што се нарекува „санација на термини". Негативните атрибути на здравствената состојба и како другите луѓе реагираат на неа се независни од термините што се користат за дефинирање на состојбата. Како и да се нарекува попреченоста, таа постои без оглед на етикетите. Проблемот не е само прашање на јазикот, туку главно, прашање на ставовите на другите поединци и на општеството кон попреченоста. Она што е потребно е исправна содржина и употреба на термините и класификацијата.

СЗО се залага за продолжување на напорите да се обезбеди лицата со попреченост да стекнат поголема моќ преку класификацијата и процената, а не да ги изгубат правата или да се дискриминираат.

